Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

Филозофски факултет – Скопје

Институт за педагогија

Последипломски студии по менаџмент во образованието

# „Педагошките компетенции на наставниците по македонски јазик во основното образование во Република Македонија“

- магистерски труд -

Ментор:
проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска

Кандидат:
Гордана Здравевска-Томеска
бр. на индекс: 4971/16

**Скопје, декември 2018**

# Содржина

**Вовед** 6

**I Теоретска рамка на истражувањето** 9

1. Терминолошки определби и толкување на основните поими 10
2. Основни професионални компетенции за наставниците 12
2.1. Знаење за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем 13
2.2. Поучување и учење 14
2.3. Создавање стимулативна средина за учење 16
2.4. Социјална и образовна инклузија 18
2.5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата 19
2.6. Професионален развој и професионална соработка 20
3. Рамка на наставнички компетенции 21
3.1. Учениците и учењето 23
3.2. Окружување за учење 25
3.3. Наставата и оценувањето 27
3.4. Професионален развој и одговорност 30
3.5. Соработка меѓу училиштето, семејството и заедницата 32
3.6. Училиштен развој и унапредување на образовниот систем 34
4. Мислењата, вредностите и знаењата на наставниците 36
5. Релевантни истражувања 39
6. Анализа на студиски програми 42

6.1. Анализа на студиската програма за *Македонски јазик*, *Македонска книжевност и јужнословенски книжевности* и студиската програма за *Општа и компаративна книжевност* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје 43

6.2. Анализа на студиската програма за *Македонски јазик и книжевност* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип 62

6.3. Анализа на студиската програма за *Македонски јазик и книжевност* на Педагошкиот факултет – Битола, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола 66

7. Анализа на наставниот план за деветгодишно основно образование за учебната 2017/2018 година и на наставните програми по предметот македонски јазик за 6-то, 7-мо, 8-мо, 9-то одделение на деветгодишното основно образование 74

**II Методологија на истражувањето** 86

1. Предмет на истражувањето 87
2. Цел и карактер на истражувањето 87
3. Задачи на истражувањето 88
4. Хипотези 89
5. Варијабли на истражувањето 89
6. Методи, техники и инструменти на истражувањето 90
7. Популација и примерок 90
8. Статистичка обработка на податоците 91
9. Организација и тек на истражувањето 91

**III Анализа и интерпретација на резултатите добиени од истражувањето** 92

**IV Заклучни сознанија и препораки** 112

**Литература** 119

**Прилози (истражувачки инструменти)** 133

Прилог бр. 1: Прашалник за наставници 134

**Преглед на табели**

Табела бр.1: Училишта во кои е спроведено анкетирањето 93

Табела бр.2: Структура на вкупниот број испитаници според полот 96

Табела бр. 3: Структура на вкупниот број испитаници според работното искуство 96

Табела бр. 4: Структура на вкупниот број испитаници според степенот на образование 97

Табела бр. 5: Мислењето на наставниците за тоа кога треба да се започне со практична работа во текот на студирањето 98

Табела бр. 6: Мислењето на испитаниците за важноста од поседување на педагошки компетенции за успешна реализација на наставата по македонски јазик 102

Табела бр.7: Местото и начинот на кој испитаниците ги имаат стекнато своите педагошки компетенции 103

Табела бр. 8: Мислењето на наставниците за значајноста да учествуваат во различни форми на стручно усовршување 104

Табела бр. 9: Мислења/ставови на наставниците по македонски јазик 108

**Преглед на графикони**

Графикон бр.1: Мислењето на наставниците за тоа кога треба да се започне со практична работа во текот на студирањето 98

Графикон бр. 2: Мислењето на наставниците за тоа дали се задоволни од степенот на развиеност на педагошките компетенции стекнати во текот на студирањето 99

Графикон бр. 3: Мислењето на испитаниците за потребата од поседување знаења од областа на законодавството 100

Графикон бр. 4: Мислењето на испитаниците за потребата од поседување знаења за наставниот план и програма 101

Графикон бр. 5: Сте учествувале ли во обуки на теми за зајакнување на педагошките компетенции на наставниците? 104

**Со посвета на Мартин, Звонко и Александар**

## Апстракт

Меѓу бројните компетенции кои еден современ учител/наставник/професор треба да ги поседува, педагошките компетенции, секако, се мошне важни за квалитетот на воспитно-образовниот процес. Педагошки компетентниот наставник мора да поседува посебни педагошки знаења, вештини, но и особини на личноста кои се потребни за градење посебен однос со учениците, со родителите, со колегите, но и со сите учесници во воспитно-образовната работа. Само педагошки компетентен наставник со своите знаења и стекнати вештини може успешно да одговори на сите предизвици во работата.

Магистерскиот труд ,,Педагошките компетенции на наставниците по македонски јазик во основното образование во Република Македонија“ е фокусиран на педагошките компетенции на наставниците по предметот македонски јазик (кои предаваат во основното образование), кои се само дел од компетенциите кои денешниот наставник мора да ги поседува, но и постојано да ги развива и да ги доусовршува.

За потребите на овој магистерски труд направено е истражување со цел да се процени кои педагошки компетенции им се потребни на наставниците по македонски јазик од 6-то до 9-то одделение за успешна реализација на наставата по предметот македонски јазик. Истражувањето беше спроведено на примерок од 107 испитаници, во вкупно 51 училиште.

Резултатите од спроведеното истражување покажаа дека наставниците по македонски јазик во голема мера се согласуваат дека е многу важно истите да поседуваат педагошки компетенции за успешна реализација на современата настава по предметот македонски јазик. Исто така, испитаниците сметаат дека е многу значајно да учествуваат во различни форми на стручно усовршување (обуки, семинари, работилници), кои, секако, ќе им помогнат за развивање на педагошките компетенции. Се изјаснија дека учествувале во обуки на теми за зајакнување на педагошките компетенции и дека имаат потреба и во иднина да присуствуваат на такви обуки.

Клучни зборови: **компетенции, педагошки компетенции, наставници.**

## Вовед

Денешното време е време во кое секојдневно се случуваат нови достигнувања во сите подрачја на човековото делување: науките, техниките, технологиите. Новите информациски и комуникациски технологии сѐ повеќе влијаат на сите аспекти од човечкиот живот. Работните вештини стануваат сѐ покомплексни, а темпото на живот е сѐ побрзо. Напоредно со развојот на општеството се развива и училиштето.

Денешното, модерно општество пред училиштето поставува нови предизвици кои се мошне комплексни, а од училиштето се очекува успешно да одговори на тие предизвици. Училиштето веќе не е само установа од која се очекува првенствено да ги образува учениците, туку од него се очекува и да ги компензира сите недостатоци на семејниот и општествениот живот. Секако, тоа не е лесна задача не само за училиштето, туку и за наставниците кои работат во него. Притоа, се отвораат бројни прашања и дилеми кои бараат научно и стручно размислување како од страна на сите учесници во воспитно-образовниот процес така и од сите субјекти кои посредно или непосредно се поврзани со оваа проблематика. За да можат успешно да ги решат сите задачи, наставниците, денес, мораат да се стекнуваат со образование кое може да се надоградува и на тој начин да го подигнат на повисоко и поквалитетно ниво.

Промените во општеството, кои во изминатите неколку години се согледуваат во сите сфери на општественото живеење, се причина за бројни промени и во сегментот на воспитно-образовниот процес. Денешното современо општество е општество базирано на знаења, па, оттука, може да се каже и дека наставникот, како мошне важна фигура во наставата, односно во воспитно-образовниот процес, е поставен пред голем предизвик. Од една страна, наставникот треба да ги подготви учениците да се справат со сите предизвиците на современото општество, а од друга страна, е потребно и тој самиот да се прилагоди, но и да се подготви за новото време.

Да се биде наставник во денешно време е вистински предизвик. Задачите кои новото, современо општество ги става пред училиштата, а со самото тоа и пред наставниците, се сè побројни и покомплексни. Од знаењата, од способностите, од вештините и од посветеноста на наставниците зависат и постигањата на учениците.

Целта на воспитно-образовната работа на наставниците е максимално и целосно развивање на потенцијалите на учениците. За да се постигне таа цел, наставниците треба да поседуваат низа компетенции за квалитетно да ја извршуваат својата воспитно-образовна работа и да имаат можност за нивно професионално усовршување и напредување во текот на својата кариера. Постојат голем број компетенции кои денешниот наставник мора да ги поседува и кои постојано треба да ги усовршува за успешно и квалитетно да ги извршува сите свои работни задачи.

Во Република Македонија, непостоењето на јасно дефинирани компетенции и стандарди за наставници било идентификувано како една од слабите алки на системот за професионален и кариерен развој на наставниците. Поради тоа, работна група составена од експерти за образование, универзитетски професори, наставници и советници од Бирото за развој на образованието (БРО) и Центарот за стручно образование (ЦСОО) имаат подготвено публикација насловена како ,,Основни професионални компетенции и стандарди за наставници“. Овие професионални компетенции и стандарди за наставниците би придонеле ,,за поквалитетна настава и поквалитетно учење во училиштата и за повисоки постигања на учениците, преку поставување јасни и високи очекувања од наставниците, како и препознавање и вреднување на нивниот професионален развој и професионален ангажман“.[1] Основните професионални компетенции за наставниците во оваа публикација се групирани во шест (6) подрачја, и тоа: Знаење за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем; Поучување и учење; Создавање стимулативна средина за учење; социјална и образовна

[1] *Основни професионални компетенции и стандарди за наставници* (2016). Скопје: Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), стр. 5.

инклузија; Комуникација и соработка со семејството и заедницата; Професионален развој и професионална соработка.

Сите овие компетенции групирани во гореспоменатите шест (6) подрачја треба да ги поседуваат сите наставници, вклучувајќи ги и наставниците по македонски јазик, бидејќи знаењата, разбирањата, способностите и вештините кои тие ги поседуваат  придонесуваат за поквалитетна настава и учење во училиштата, придонесуваат за повисоки постигања на учениците, а, исто така, придонесуваат и за тоа учениците да се развијат во комплетни личности, личности со усвоени бројни знаења, вештини и способности, стратегии, но и развиени ставови и вредности. Само компетентен наставник по македонски јазик, наставник  кој поседува знаења за наставниот предмет, за наставниот план и програма, кој поседува вештини за успешна комуникација со учениците, кој ги мотивира учениците и кој создава позитивна клима во училницата, може успешно да ја реализира наставата и да ги оспособи учениците за усна и писмена комуникација и за правилна употреба на стандардниот, литературен македонски јазик. Компетентниот наставникот по македонски јазик успешно ќе ги научи учениците за тоа како правилно да ги применуваат јазичните норми на стандардниот јазик во писмена и усна комуникација, како да ги применуваат правописните и правоговорните правила и како самостојно и правилно да формулираат исказ. Исто така, само компетентен наставник по македонски јазик може успешно да ги оспособи учениците за аналитичко и критичко читање на литературните дела.

# I ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Терминолошки определби и толкување на основните поими

Голем број истражувања покажале дека искуствата во учењето и постигањата на учениците во голема мера зависат од знаењата, од вештините, од способностите и од посветеноста на наставниците. ,,Основна цел на воспитно-образовната работа на наставниците е учениците максимално да ги развијат своите потенцијали. За да се постигне таа цел неопходно е наставниците да поседуваат компетенции за квалитетна воспитно-образовна работа.“[2]

Клучни поими: **компетенции, наставници.**

Дефиниции за поимот **компетенции**

Поимот компетенција, односно компетенции се јавува во многу науки, вклучувајќи ги економијата, психологијата, педагогијата итн. Зборот компетенција изворно претставува латински збор (competentia) и истиот има значење на меродавност, односно способност за судење или оценување. Значи, според изворното значење на овој збор/поим да се биде компетентен значи да се поседува одредена способност за проценување и за вреднување.

Постојат многу дефиниции за поимот компетенции. ,,Така, на пример, според *Речникот на македонски јазик* под овој поим се подразбира ’надлежност, меродавност‘. Во *Толковниот речник на македонскиот јазик* може да се сретнат повеќе дефиниции, од кои најзначајна е дефиницијата на поимот за ’професионалната компетенција дефинирана како добра упатеност, знаење, стручност во некоја област‘. Поимот компетенции, според изворот *Мала енциклопедија*, се дефинира како ’надлежност, меродавност, поврзаност, делокруг‘. Оваа дефиниција е со поопшто значење и значи дека постои надлежност, а според тоа и одговорност за некоја работа.“[3]

---

[2] *Основни професионални компетенции и стандарди за наставници* (2016). Скопје: Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), стр. 5.
[3] Томевска- Илиевска, Е. (2015). *Интерактивни пристапи во наставата*, Скопје: Филозофски факултет, стр. 26.

Според ,,Современиот речник на странски зборови“ од авторот Љубо Мичуновиќ, поимот компетенција е со потекло од латинскиот јазик и има значење ,,надлежност, меродавност“[4], односно ,,област, подрачје во кое некоја личност поседува стручно знаење и потребно искуство“.[5]

,,Според наредниот извор *Психолошки речник*, поимот компетенции се дефинира на следниот начин: ’меродавност како внатрешна особина во некој вид дејности, надлежност по надворешно одредување, кое ги зема предвид и внатрешните својства на извршување на одредени работни операции‘. Според вака поставената дефиниција, обврските што треба да се реализираат, кои се поттикнати однадвор, можат со успешност да се реализираат ако за тоа постојат и внатрешни пориви и способности за тоа“[6]. Дефинирање на овој поим се дава и во *Педагошки лексикон:* ,,Компетентност/компетенција (лат. competere – надлежност, тежнеење за) – постоење на диспозиции за успешно вршење на некоја дејност. Настанува како резултат на заемно дејствување на наследството, факторот средина и сопствените активности. Се употребува и во позитивна конотација и тогаш означува изразена, натпросечна способност за некоја дејност“.[7]

Според докторската дисертација на Исидора Кораќ насловена како *Компетенције наставника ликовне културе и могућности њиховог професионалног развоја*, компетенциите на наставниците претставуваат ,,динамичка комбинација на знаења, вештини, вредносни ставови кои му овозможуваат на поединецот активно и ефикасно да делува во одредена (специфична) ситуација... Тие претставуваат акциски знаења кои подразбираат капацитети за откривање, разбирање и решавање на проблеми. На тој начин, компетенциите претставуваат интеграција на декларативното (знаење за), процедуралното (знаење како) и кондиционалното (знаење кога) знаење“.[8]

[4] Mićunović, Lj. (1988). *Savremeni rećnik stranih reći*, Novi Sad: Književna zajednica Novog Sada. Univerzitetska riječ, стр. 241.
[5] Исто, стр. 241.
[6] Томевска-Илиевска, Е. (2015). *Интерактивни пристапи во наставата*, Скопје: Филозофски факултет, стр. 26.
[7] *Педагошки лексикон* (1996). Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, стр. 242.
[8] Кораћ, И. (2013), *Компетенције наставника ликовне културе и могућности њиховог професионалног развоја*. Докторска дисертација. Нови Сад: Филозофски факултет, стр. 132.

Дефиниции за **наставник**

– ,,Наставникот – лице квалификувано за изведување на настава – за воспитно-образовна работа со деца, млади и возрасни. Наставникот треба да има широко и темелно општо образование, добро да ја познава дисциплината која ја предава, да ја познава психолошко-педагошката и методската основа на наставата и на воспитанието, како и да има човечки квалитети неопходни за наставничката професија.“ [9]

– ,,Наставник /teacher; enseignant; Lehrer, учитель/ – личност на која општеството и просветните власти ѝ признаваат дека е квалификувана за образование и воспитување на деца, млади и возрасни. Квалификациите за оваа работа се стекнуваат со завршување на соодветни школи за подготовка на наставници. Наставникот остварува општествени цели и задачи на воспитување, давајќи им на учениците теориски и практични знаења и умеења, формирајќи кај нив правилен поглед на светот, развивајќи го нивниот карактер и цртите на личноста, како и општествената активност... Квалитети на наставникот: добро познавање на струката, помагање на учениците, постапување во интерес на ученикот, да е интересен и да е ентузијаст, да умее да ги заинтересира учениците, да предава јасно, прегледно и да го нагласува она што е битно“.[10]

## 2. Основни професионални компетенции за наставниците

Основните професионални компетенции опфаќаат основни знаења, способности и вештини кои ги поседува наставникот за да може успешно и квалитетно да ја извршува својата професија. Исто така, тие опфаќаат и професионални вредности, професионални знаења и разбирања, како и професионални способности и вештини во следниве шест (6) подрачја, и тоа:

- Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем.

[9] *Педагошки лексикон* (1996). Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, стр. 313.
[10] *Pedagoška enciklopedija 2* (1989). N.Potkonjak, P. Šimpleša (red.), Beograd: Zavod za udžbenike I nastavna sredstva, стр. 103.

- Поучување и учење.
- Создавање стимулативна средина за учење.
- Социјална и образовна инклузија.
- Комуникација и соработка со семејството и заедницата.
- Професионален развој и професионална соработка

## 2.1. Знаење за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем

Во првото подрачје насловено како „Знаење за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем“ се опфатени две (2) потподрачја, и тоа:

- знаење за наставниот предмет;
- знаење за воспитно-образовниот систем.

Основните професионални компетенции на наставниците од првото потподрачје – знаење за наставниот предмет „се однесуваат на знаење за содржинската основа на наставниот предмет, разбирање на неговата променлива структура, пронаоѓање, поврзување и надополнување на содржините на предметот со други наставни предмети, како и користење на најсоодветните начини за реализација на наставата по соодветниот наставен предмет за да се направи интересен и привлечен за учениците“.[11]

Појдовни компетенции кои треба да ги поседува секој наставник се теоретските и практичните познавања за наставниот предмет, како и знаењата за вредностите и поставеноста на воспитно-образовниот систем во Република Македонија.

Од наставникот се очекува добро да ја познава предметната материја на која ги поучува учениците и да знае како таа е поврзана со другите наставни предмети. Исто така, наставникот треба добро да ги познава клучните поими во наставниот предмет и нивната поврзаност, да ги следи новите сознанија од наставниот предмет и истите на соодветен начин да ги вклучува во поучувањето. Наставникот треба да ги знае и да ги користи најсоодветните начини на

[11] *Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја* (2015).

реализација на наставата по соодветниот наставен предмет, сè со цел истиот да го направи поинтересен и попривлечен за учениците.

Основните професионални компетенции на наставниците од второто потподрачје – знаење за воспитно-образовниот систем ,,се однесуваат на познавање и почитување на законските и подзаконските акти, како и други нормативни акти преку коишто се обезбедува реализација на целите на воспитанието и образованието“.[12]

Секој наставник треба добро да го познава образовниот систем, особено потсистемот на образованието во кој работи, вклучувајќи ја и законската регулатива. Со познавањето и со почитувањето на законската регулатива наставникот обезбедува реализација на целите на воспитанието и на образованието.

### 2.2. Поучување и учење

Во второто подрачје насловено како ,,Поучување и учење“ се опфатени четири (4) потподрачја, и тоа:

- планирање и подготовка на наставата;
- реализација на наставата,
- оценување на учениците,
- познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби.

Основните професионални компетенции на наставникот од првото потподрачје – планирање и подготовка на наставата ,,се однесуваат на начинот на кој тој ја планира наставата, познавањето на компонентите на планирање и видовите планирање на наставата“.[13]

Секој наставник треба добро да ги знае компонентите за успешно планирање на наставата; да познава различни планирања на наставата; да изготвува планирање на различни нивоа (годишни планирања, тематски планирања, дневни планирања итн); да планира јасни, достижни и цели кои се предизвик за

[12] *Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја* (2015).

[13] *Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја* (2015).

учениците; да ги планира формите, методите и стратегиите на поучување; да го планира поучувањето и учењето според пропишаните програми и стандарди и според потребите на учениците; да избира и подготвува активности, наставни средства, работни материјали и инструменти за следење на учениците во согласност со планираните цели; да прави рефлексија која содржи согледувања во однос на постигнатоста на целите, потешкотиите на кои се наишло и насоки за подобрување при наредното планирање итн.

Основните професионални компетенции на наставниците од второто потподрачје – реализација на наставата „се однесуваат на познавањето и користењето современи стратегии за реализација на наставата, познавањето на методичките приоди специфични за наставниот предмет и образовната технологија специфична за предметот“.[14]

Од добриот и успешен наставник се очекува да ги познава современите стратегии за реализација на наставата; да ги применува современите наставни средства и помагала, да применува современи и различни приоди, форми и методи; да ја прави наставата интересна и да поттикнува интерес кај учениците за учење на наставниот предмет. Исто така, од добриот и успешен наставник се очекува кај учениците да гради високи лични стандарди за успех и позитивен став кон учењето и надвор од наставата.

Основните професионални компетенции на наставниците од третото потподрачје – оценување на учениците „се однесуваат на познавањето на современи и различни методи на следење и оценување на учениците, нивните можности и ограничувања, како и на познавањето на пропишаните стандарди за постигањата и за формативно и за сумативно оценување“.[15]

Компетентниот наставник мора да знае дека примарна цел на оценувањето е унапредување на постигањата на учениците. Исто така, тој мора да ги познава современите и различните методи на следење и оценување на учениците, да ги почитува стандардите за оценување на ниво на државата и редовно да ги евидентира постигањата на учениците. Постигањата на образовните цели на учениците наставникот ги мери преку формативно и сумативно оценување. При

---

[14] *Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја* (2015).
[15] *Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја* (2015).

сумативното и формативното оценување наставникот тргнува од целите на наставниот предмет и оценките ги формира врз основа на повеќекратни мерења со соодветни методи и инструменти.

Основните професионални компетенции на наставниците од четвртото потподрачје – познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби ,,се однесуваат на познавањето на развојните карактеристики, индивидуалните разлики, интересите и претходните искуства на учениците, новите научни сознанија за учењето и развојот на учениците, како и разбирањето од потребата од кариерно советување на младите“.[16]

Компетентниот наставник мора добро да ги познава развојните карактеристики на своите ученици. Тој секогаш треба да има сознанија за нивниот когнитивен, социоемоционален и психомоторен развој. Овие сознанија наставникот ги користи за да ја планира и да ја приспособи наставата на нивните потреби, да го заштити нивното психичко и физичко здравје и да им овозможи оптимален развој.

## 2.3. Создавање стимулативна средина за учење

Во третото подрачје насловено како ,,Создавање стимулативна средина за учење“ се опфатени две (2) потподрачја, и тоа:

- создавање безбедна и стимулативна средина за учење;
- создавање позитивна училишна клима.

Основните професионални компетенции на наставниците од првото потподрачје – создавање безбедна и стимулативна средина за учење ,,се однесуваат на разбирањето на начините на коишто средината го поттикнува и го овозможува учењето, на потенцијалите и можностите на различни средства за учење, вклучувајќи ја и ИКТ, на познавањето на можните закани по физичката и психичката безбедност на учениците, како и на познавањето различни начини за

[16] *Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја* (2015).

справување со кризни ситуации во училиштето, и механизми за справување со случаи на насилство и дискриминација по која било основа“.[17]

Средината во која учениците учат има силно влијание врз нивниот севкупен развој. ,,Наставникот е тој кој треба да се грижи средината во која престојуваат неговите ученици да биде безбедна. Затоа треба и да ги знае можните закани по физичката и психичката безбедност на своите ученици, начините на кои треба да реагира за да овозможи безбедна средина, како и правилата што треба да ги воспостави со своите ученици со цел побезбедно да се користат средствата и материјалите за настава, вклучувајќи ја и ИКТ. На овој начин, покрај тоа што учениците се заштитени, кај нив се поттикнува самостојноста преку тоа што тие учат како и самите да се заштитуваат, како одговорно да се однесуваат кон материјалите за работа, како да носат правила за однесување и како истите да се почитуваат.“ [18]

Основните професионални компетенции на наставниците од второто потподрачје – создавање позитивна училишна клима ,,се однесуваат на познавањето на карактеристиките и начините за создавање позитивна клима за учење, на стратегии за менаџмент во училница, како и на разбирањето дека комуникацијата е моќно средство во учењето. Компетенциите на наставниците од ова потподрачје подразбираат и поседување знаења за техники и стилови на комуникација“.[19]

Позитивна училишна клима се обезбедува ако наставникот ги познава карактеристиките и начините за создавање позитивна клима за учење, ако на учениците им се обраќа по име и со почит, ако покажува емпатија и поддржување на вредностите кај учениците, ако ги охрабрува учениците да земаат учество во активностите, да ги споделуваат своите искуства, очекувања и емоции и да веруваат дека можат да постигнат повеќе. Компетентниот наставник мора да создава позитивна работна клима во училницата во согласност со потребите на своите ученици, да ја почитува личноста на ученикот, да ја поттикнува и да ја

[17] *Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја* (2015).
[18] *Основни професионални компетенции и стандарди за наставници* (2016). Скопје: Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), стр.25.
[19] *Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја* (2015).

развива неговата самодоверба и самопочитување и заедно со учениците да воспоставува правила на однесување во училницата. Само компетентен наставник во училницата создава атмосфера во која се комуницира со заемно почитување, се соработува и се работи тимски, ненасилно се разрешуваат конфликтни ситуации, се почитуваат различностите, ставовите и мислењата на сите и се поттикнува позитивно и одговорно однесување.

## 2.4. Социјална и образовна инклузија

,,Потребата секој наставник да поседува компетенции за социјална и образовна инклузија произлегува од определбата на општеството да се обезбедат еднакви можности за сите ученици. Тие се однесуваат на способноста, умеењата и ставовите на наставниците за работа во средина која се состои од различности. Притоа, акцентот е ставен врз потребата од знаења на наставниците во однос на дидактичко-методичките решенија и практики, законските решенија и конвенции, потенцијалите и ограничувањата на поединците и групите во учењето и развојот. Посебно значајни се способноста и вештините на наставниците да ги идентификуваат специфичните потреби, интереси, можности и способности на учениците; да планираат вклучување и работа со сите ученици, имајќи ги предвид различните потреби и можности; да применуваат соодветни стратегии за инклузија на учениците со специфични образовни потреби и да промовираат заемно почитување и демократски вредности во општеството.“ [20]

Компетентниот наставник мора да познава различни концепти и модели на инклузивно образование; да ги разбира социјалните и културните фактори и како тие влијаат на образованието и како образованието придонесува за социјална кохезија; да изработува индивидуални образовни планови; да ја планира наставата со почитување на индивидуалните разлики меѓу учениците; да го следи и проценува постигањето и развојот на ученикот согласно индивидуалните цели; заедно со учениците да изработува наставни средства за инклузивна работа; да дава подеднакви можности секое дете и семејство да учествуваат во наставните и вонннаставните активности, без разлика на

[20] *Основни професионални компетенции и стандарди за наставници* (2016). Скопје: Македонски центар за граѓанско образование, стр.29.

психофизичките способности, полот, етничкото потекло, културата, мајчиниот јазик, религијата, семејната структура, социјалниот и економскиот статус; да ги подготвува учениците да ги прифатат децата од ранливите групи и децата со посебни образовни потреби; да учествува во професионалната ориентација на учениците со посебни образовни потреби; да учествува во процесот на идентификација на специфичните образовни потреби заедно со стручната служба во училиштето и да користи различни методи за диференцијација и индивидуализација на наставата; да реализира дополнителна и додатна настава; да работи индивидуално со учениците на кои им е потребна помош итн.

## 2.5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата

Исклучително важни за секоја квалитетна настава се и комуникациските вештини на наставникот. ,,Наставникот треба да има соодветни вербални и невербални комуникациски вештини, вклучувајќи артикулација, експресивен јазик, тон на обраќање, соодветно држење и гестикулација. Јаснотијата во презентацијата, повратните информации, давањето насоки за учење и користењето соодветни комуникациски медиуми придонесуваат за создавањето ефективна и ефикасна клима за учење. Особено важна комуникациска вештина на наставникот е да умее да покаже емпатија во комуникацијата што му дава можност да гради клима на доверба и соработка со учениците и нивните семејства. На родителите треба да им обезбеди јасни, навремени и корисни информации кои ќе ги насочат кон поддршка на учењето на нивните деца и да ги мотивира за вклучување во училишните активности.“ [21]

Исто така, наставникот треба да знае различни начини за соработка со семејството и локалната заедница и можности за нивно учество во животот во училиштето, да го разбира значењето на семејството и локалната заедница за животот и работата на училиштето, да ги вклучува семејствата во планирањето на активностите на паралелката и училиштето, да развива ефективна соработка со семејствата, да изготвува индивидуален календар на средби со родители

[21] *Основни професионални компетенции и стандарди за наставници* (2016). Скопје: Македонски центар за граѓанско образование, стр. 31.

(планира родителски средби, индивидуални состаноци, приемни денови), да комуницира со семејствата на соодветен начин – со почит и внимание итн.

## 2.6. Професионален развој и професионална соработка

Во шестото подрачје насловено како ,,Професионален развој и професионална соработка“ се опфатени две (2) потподрачја, и тоа:

- професионален развој;
- професионална соработка.

Основните професионални компетенции на наставниците од првото потподрачје – професионален развој ,,се однесуваат на познавањето на компетенциите за наставници, ефективните модели и можности за професионален развој и напредување во наставничката професија, како и да се изработи личен план за професионален развој и да се развие сопствена филозофија за професијата, како и на разбирањето на комплексноста на наставничката професија и одговорноста што таа ја носи, знаењето дека е потребно да се дополнуваат и надградуваат знаењата и вештините со континуирана едукација“.[22]

Компетентниот наставниот мора да ја разбира комплексноста на наставничката професија како и одговорноста што таа ја носи, да ги дополнува и надградува знаењето и вештините со континуирана едукација, да ги имплементира промените и новините во системот на образование, да зема учество во стручен дијалог и перманентно да се доусовршува во прилог на личниот и професионалниот развој, да ја унапредува својата работа користејќи знаења стекнати преку стручно усовршување, да применува знаења и вештини стекнати на посетени обуки, да ги идентификува сопствените образовни потреби и да го планира својот професионален развој и др.

Основните професионални компетенции на наставникот од второто потподрачје – професионална соработка ,,се однесуваат на познавањето на

[22] *Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја* (2015).

кодексот за комуникација со колегите и ја разбира важноста од соработката со нив, на различни начини и преку различни форми“.[23]

Наставникот којшто се грижи за својата професија мора да го познава и да го почитува кодексот за комуникација со своите колеги и да ја разбира важноста на соработката со нив. Исто така, тој мора да ја почитува професионалната етика и одговорно да се однесува кон задолженијата и кон колегите, да учествува во работата на стручните активи, да соработува со стручните соработници и лица во и надвор од училиштето, да предлага теми за обуки во училиштето, навремено и квалитетно да ги извршува своите работни задачи, да споделува наставни материјали со колегите, да членува во професионалните здруженија на наставниците, да учествува во различните активности на професионалните здруженија со цел да ја подобри својата работа итн.

## 3. Рамка на наставнички компетенции

Клучен фактор за обезбедување на висококвалитетно и ефикасно образование за сите деца и млади е наставникот, а неговата компетентност е првиот чекор кој води до квалитетно образование. Компетентниот наставник мора да поседува знаења, вештини, способности и вредности за да може да ја оствари целта на својата работа, односно успешно да го води воспитно-образовниот процес. Тој мора добро да ја познава, односно добро да ги владее содржините од обласа за која држи настава и постојано да ги следи новите достигнувања во полето на струката и професионалната дејност.

Рамката на наставнички компетенции развиена во Проектот АТЕПИЕ[24] се базира на конструктивистичкиот пристап кон учењето. „Во овој пристап фокусиран на ученикот, наставата се смета за начин на создавање и обезбедување

[23] *Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја* (2015).

[24] Проектот АТЕПИЕ – Унапредување на професионализмот на наставниците за инклузивно, квалитетно и релевантно образование (ATEPIE – Advancing Teacher Profesionalism for Inclusive, Quality and Relevant Education) е спроведен во периодот 2011 – 2013 година од Центарот за образовни политики (ЦОП) од Белград, Република Србија, во соработка со Програмата на фондациите отворено општество за поддршка на образованието (ППО/ФОО). Проектот се потпира на работата на националните фондации за отворено општество и проектите поддржани од ППО во Југоисточна Европа кои имаат за цел да ја зајакнат улогата на наставниците во обезбедувањето образовна инклузија и квалитет во земјите од Западен Балкан. Таа претставува резултат на колаборативните напори на експерти од областа на образованието од Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора и Србија, поддржани од меѓународни експерти и проектниот тим на ЦОП.

стимулативни услови во кои секој ученик конструира сопствено толкување на светот преку активно вклучување во процесот на учење. Оттаму, традиционалните улоги на наставникот и на ученикот се видоизменети. Наставникот не е веќе пренесувач на информации, ниту пак ученикот е пасивен примател кој ги складира изолираните информации во долготрајна меморија, без притоа да го разбере нивното значење или да ја препознае нивната примена надвор од училиштето.

Во овој развојно соодветен пристап фокусиран на ученикот, иако наставникот ја задржува крајната одговорност за учењето на секој ученик, сепак, негова главна задача е да создава можности и услови за оптимално учење и развој за секој ученик. Така, ученикот станува активен учесник во процесот на настава/учење и во интеракцијата со наставникот и со другите ученици во училницата.“ [25]

Рамката на наставнички компетенции е составена од шест (6) клучни подрачја на наставнички компетенции, и тоа:

– **Учениците и учењето.**
– **Наставата и оценувањето.**
– **Окружување за учење.**
– **Професионален развој и одговорност.**
– **Соработка меѓу училиштето, семејството и заедницата.**
– **Училиштен развој и унапредување на образовниот систем.**

Во секое од овие подрачја се дефинирани знаењата, вештините и вредностите, како главни компоненти на наставничките компетенции.

Секој наставник кој ги поседува овие наставнички компетенции е способен да ги подготви учениците за работа и живот во дваесет и првиот (21) век.

[25] Доналдсон, Г., Граховац, М., Киранџиска, С., Јелиќ, М., Милиќ, С., Миљевиќ, Г., Рангелов-Јусовиќ, Р., Трикиќ, З., Велковски, З., Визек-Видовиќ, В., Врањешевиќ, Ј. (2013). *Наставничката професија во XXI век. Унапредување на професионализмот на наставниците за инклузивно, квалитетно и релевантно образование – АТЕПИЕ*, Белград: Центар за образовни политики, стр.24.

## 3.1. Учениците и учењето

Квалитетната и ефективна образовна практика се темели на верувањето дека секое дете/ученик е способно да учи и да се развива. Наставниците треба да го познаваат начинот на кои децата/учениците учат, карактеристиките на развојните фази низ кои децата/учениците напредуваат, како и индивидуалните ралики меѓу децата/учениците, што е неопходно за да можат да се осигураат дека секое дете/ученик може целосно да ги развие своите потенцијали и да се оспособи за самостојно учење во текот на целиот свој живот. Наставниците, исто така, треба да бидат способни да го креираат окружувањето (средината) во кое децата/учениците учат, истите да ги вклучат во процесот на учење, а окружувањето (средината) во кое тие учат да го градат врз основа на познавањата, можностите, способностите, интересирањата, потребите, но и врз основа на други карактеристики на секое од децата, односно учениците. Наставниците, истовремено, треба да знаат како индивидуалните разлики на учениците влијаат на процесот на учење. Најмногу од сè, квалитетниот наставник поаѓа од сознанието дека детето/ученикот учи во средина во која се чувствува сигурно, безбедно, прифатено и почитувано ,,и дека за ефективно учење треба да има клима на заемна почит и наставник кој моделира позитивен став кон учењето“ [26]. Квалитетниот наставник му пристапува на секој ученик со почит, а со тоа им дава пример на учениците и тие да се почитуваат едни со други, а индивидуелните разлики да ги согледуваат како богатство и можност за учење.

### Професионално знаење

Наставниците треба да ги познаваат и да ги разбираат:

---

[26]Доналдсон, Г., Граховац, М., Киранџиска, С., Јелиќ, М., Милиќ, С., Миљевиќ, Г., Рангелов-Јусовиќ, Р., Трикиќ, З., Велковски, З., Визек-Видовиќ, В., Врањешевиќ, Ј. (2013). *Наставничката професија во XXI век. Унапредување на професионализмот на наставниците за инклузивно, квалитетно и релевантно образование – АТЕПИЕ*, Белград: Центар за образовни политики, стр. 26.

- релевантните теории на учењето, развојните теории и актуелните научни истражувања;
- индивидуалните разлики меѓу учениците кои се однесуват на способноста за учење, стиловите на учење, интересите, како и претходните искуства на учениците;
- основите и принципите на интеркултурноста во образованието, вклучувајќи ги и механизмите на појавата, односно создавањето на стереотипи, предрасуди и дискриминација;
- образовните потреби на надарените и талентираните ученици, учениците со потешкотии и пречки во развојот и во учењето, како и оние од различни ранливи групи.

**Професионални вештини**

Наставниците треба да умеат да:

- ги применуваат знаењата за човековиот развој, за социокултурните и индивидуалните разлики меѓу учениците со цел постигнување на максимални резултати во учењето на секое дете/ученик;
- користат различни методи за унапредување на когнитивните и метакогнитивните вештини за учење кај учениците;
- го поттикнуваат развојот на сите аспекти на личноста на ученикот, неговата самодоверба и самопочитување, неговите животни и други вештини и компетенции;
- ги поддржуваат учениците во развојот на нивната самостојност и во градењето на капацитети за саморегулирано учење.

**Професионални вредности**

Наставниците треба да настојуваат да:

- веруваат дека секое дете/ученик може да учи и да се развива;
- негуваат пристап за развој на детето во целина (холистички пристап);
- пренесуваат ентузијазам за учење на учениците;

- преку сопствените примери кај учениците да развиваат уверувања за вредностите на учењето и за потребата за личен раст и развој;
- ги уважуваат, т.е. да ги ценат различностите меѓу учениците и да негуваат дух за толеранција кај учениците.

## 3.2. Окружување за учење

Климата и културата кои владеат во училиштето и во училницата, како и физичкото окружување (средина) во кое престојуваат учениците во голема мера влијаат на квалитетот и ефикасноста на процесот на учење и поучување. Наставниците треба да ги развиваат оние свои компетенции кои се потребни за да создадат сигурно, безбедно и стимулативно окружување за учење како предуслов за когнитивниот, телесниот, социјалниот и емоционалниот развој на секое дете/ученик. Ефективното користење и добрата организација на просторот и на материјалите кај учениците треба да поттикнат развој на самостојност, независност и чувство на одговорност. Покрај тоа, потребно е да се создаде клима на заемна поддршка, помагање и грижа, чувство на припадност кон групата, како и физичка и емоционална сигурност. Воспитно-образовниот процес, кој сите ученици ги подготвува за живот во современото општество, ,,мора да се погрижи за ефикасно и одговорно користење ИКТ и други извори на знаења и да обезбеди разновидни услови и можности учениците да учат во и надвор од училиштето“ [27].

**Професионално знаење**

Наставниците треба да ги познаваат и да ги разбираат:

[27] Доналдсон, Г., Граховац, М., Киранџиска, С., Јелиќ, М., Милиќ, С., Миљевиќ, Г., Рангелов-Јусовиќ, Р., Трикиќ, З., Велковски, З., Визек-Видовиќ, В., Врањешевиќ, Ј. (2013). *Наставничката професија во XXI век. Унапредување на професионализмот на наставниците за инклузивно, квалитетно и релевантно образование – АТЕПИЕ*, Белград: Центар за образовни политики, стр. 28.

- можностите за учење во различни, разновидни окружувања (средини) за учење во училиштето и надвор од него (училница, лабораторија, заедница, семејство, културни и други институции итн.);
- можностите и ограничувањата на различните ресурси за учење, вклучувајќи ја информатичко-комуникациската технологија (ИКТ);
- влијанието на различните, разновидните окружувања (средини) за учење врз учениците од различна возраст, пол, културно потекло и со различни образовни потреби;
- факторите кои придонесуваат за создавање на сигурно и поттикнувачко окружување за секое дете/ученик;
- регулативите, прописите, законите и конвенциите кои се однесуваат на заштитата на правата на децата.

**Професионални вештини**

Наставниците треба да умеат да:

- создадат поттикнувачко, стимулативно окружување (средина) за учење, во согласност со различните потреби на секој ученик;
- да воспостават окружување (средина) во кое секој ученик ќе се чувствува сигурен, безбеден, компетентен, прифатен и поттикнуван;
- применуваат, односно да користат методи за контрола на однесувањето и други методи и техники кои придонесуваат за градење на сигурно и безбедно окружување (средина) за учење и поддршка на социјалниот и емоционалниот развој на секое дете/ученик;
- да препознаваат и адекватно да реагираат на секоја кризна ситуација во најдобар интерес на децата/учениците (насилство, страдање и сл.).

**Професионални вредности**

Наставниците треба да настојуваат:

- секое дете/ученик да го третираат достоинствено, со почит, правично и со емпатија и да ги промовираат истите вредности кај учениците;
- да бидат отворени за идеи, промени и иновации кои придонесуваат за градење, односно создавање стимулативно окружување (средина) за учење;
- да промовираат вредности кои се однесуваат на личниот напредок и грижата за себе, со почитување на другите и на нивните потреби.

## 3.3. Наставата и оценувањето

Наставата и оценувањето претставуваат заемно условени и циклични процеси. Наставниците го планираат процесот на учење и поучување врз основа на формативно следење на напредувањето на секое дете/ученик и поставуваат високи очекувања за децата/учениците, помагајќи им и овозможувајќи им да развијат способност за самопроценка, самооценување и поставување на цели за сопственото учење.

Наставникот треба добро да ја познава „структурата и содржината на пропишаната наставна програма и на резултатите од учењето поставени за определена возраст и мора да биде во состојба да го приспособи процесот на учење и настава кон потребите и способностите на секој ученик, со што се осигурува растот и развојот на сите деца“ [28]. Наставниците треба добро да ги познаваат и да ги користат различните методи и стратегии на наставата, сѐ со цел да им овозможат на децата/учениците активно да бидат вклучени во процесот на учење, да истражуваат, да експериментираат и да дојдат до сопствено разбирање и толкување на наученото низ социјална интеракција, како и да користат различни извори на знаења. „Преку планирање интегрален курикулум со примена на мултидисциплинарна перспектива, наставникот треба да обезбеди

[28] Доналдсон, Г., Граховац, М., Киранџиска, С., Јелиќ, М., Милиќ, С., Миљевиќ, Г., Рангелов-Јусовиќ, Р., Трикиќ, З., Велковски, З., Визек-Видовиќ, В., Врањешевиќ, Ј. (2013). *Наставничката професија во XXI век. Унапредување на професионализмот на наставниците за инклузивно, квалитетно и релевантно образование – АТЕПИЕ*, Белград: Центар за образовни политики, стр. 30.

осмислено учење и примена на научениот материјал.“ [29] Исто така, наставниците треба да ги поттикнуваат децата/учениците на самостојност, односно на независност во учењето.

## Професионално знаење

Наставниците треба да ги познаваат и да ги разбираат:

- содржината на предметот кој го предаваат, вклучувајќи и клучни концепти и теории, како и пристапи и резултати од актуелни истражувања од областа на предметот кој го предаваат;
- логиката на курикулумот и односите меѓу компоненти (наставни цели, содржини, учење и настава, евалуација, односно оценување на резултатите од учењето);
- различните начини на планирање и организација на наставниот процес со кои се поттикнува учење кај децата/учениците;
- разновидните, односно различните стратегии за следење и оценување на напредокот и постигнувањата на децата/учениците, како и валидни методи за оценување и анализирање на учењето кај децата/учениците;
- релевантните, современите истражувања и сознанија за ефективното поучување/предавање на специфични содржини и подрачја, вклучувајќи евентуелни потешкотии со кои децата/учениците би можеле да се соочат;
- значењето на мултидисциплинарноста во наставата и пристапите на интеграција со сродни содржини во учењето и подучувањето.

## Професионални вештини

Наставниците треба да умеат да:

- ги планираат целите на учењето и да ги осмислуваат, моделираат етапите во процесот на учењето соодветно на развојните фази на децата/учениците,

[29] Исто, стр. 30.

нивните можности, способности и потреби, користејќи докази од истражувањата за ефективната настава и учење;

- избираат и да применуваат наставни методи со кои ја одржуваат мотивацијата за учење и ги поттикнуваат децата/учениците активно да учествуваат во процесот на учење и да соработуваат со другите деца/ученици;

- одбираат и да користат, односно применуваат валидни стратегии за оценување, користејќи разновидни формативни и сумативни пристапи кон оценувањето на децата/учениците;

- им даваат на учениците и на нивните родители конструктивни и навремени усни и писмени повратни информации за напредокот на децата/учениците во учењето и остварувањето на целите на учењето;

- ги поврзуваат содржините од предметот кој го предаваат со другите наставни предмети и содржини за да осигураат практична примена на здобиените знаења во секојдневието;

- ги анализираат и да ги интерпретираат податоците од оценувањата на децата/учениците и да ги користат за планирање на идното учење на децата/учениците, како и за подобрување на сопствената наставна практика.

## Професионални вредности

Наставниците треба да настојуваат:

- да покажуваат високи очекувања во однос на можностите за учење и развојот на секое дете/ученик;

- да го засноваат процесот на настава и учење на пристап кој е фокусиран на децата/учениците;

- да ги идентификуваат можностите, потенцијалите и силните страни на секој од децата/учениците и да ги надградуваат.

## 3.4. Професионален развој и одговорност

Во сите аспекти од својата работа наставниците треба да се раководат според стандардите и етичките начела на професијата наставник и да ја сфаќаат својата општествена одговорност и општествена важност. Имајќи го предвид значењето на континуираниот професионален развој, наставниците секогаш треба да бидат во тек со најновите достигнувања во образовната и во педагошката теорија и практика и да користат најразновидни можности за нивен професионален развој. ,,Ова треба да се базира на самоевалуација, поставување лични развојни цели и следење и собирање документација за сопствената практика во училницата и работата во училиштето.“ [30] Наставниците треба да придонесат за статусот, односно угледот на својата професија преку ангажирање и учество во голем број различни активности во училиштето и во заедницата, дејствувајќи во различни тимови и помагајќи им на другите колеги да напредуваат и да се развиваат.

### Професионално знаење

Наставниците треба да ги познаваат и да ги разбираат:

- сложеноста, комплексноста на улогата на наставникот, одговорностите, како и општественото значење, односно општествената важност на наставничката професија;
- ефективните модели на професионален развој и учење, како и нивната важност;

[30] Доналдсон, Г., Граховац, М., Киранџиска, С., Јелиќ, М., Милиќ, С., Миљевиќ, Г., Рангелов-Јусовиќ, Р., Трикиќ, З., Велковски, З., Визек-Видовиќ, В., Врањешевиќ, Ј. (2013). *Наставничката професија во XXI век. Унапредување на професионализмот на наставниците за инклузивно, квалитетно и релевантно образование – АТЕПИЕ*, Белград: Центар за образовни политики, стр. 32.

- стандардите и етичките начела, т.е. етичкиот кодекс на наставничката професија.

## Професионални вештини

Наставниците треба да умеат да:

- користат професионални стандарди за редовно да ги самоевалуираат своите професионални знаења и практика, како и да го планираат својот иден понатамошен развој;
- водат конструктивен дијалог со своите колеги и со менторите за нивните стручни, професионални знаења и вештини и да ги користат повратните информации за подобрување на процесот на наставата и учењето, како и за подобрување на сопствената наставна практика;
- дискутираат со колегите за релевантни прашања поврзани со образованието и да се вклучат во заедничко учење и истражувања, сè со цел да придонесат за подобрување на наставната практика,
- користат формални и неформални пригоди за учење и за професионален развој,
- применуваат, односно да користат и да развиваат рефлективни вештини и способности за анализирање и за подобрување на сопствената настава.

## Професионални вредности

Наставниците треба да настојуваат:

- да бидат посветени на својот професионален развој во текот на целата своја кариера, како и на постигнување на високи професионални стандарди;
- да го промовираат статусот на професијата наставник и позитивните убедувања за неа;
- да покажуваат подготвеност да го поддржат и да придонесат кон професионалниот развој на колегите;

- да го ценат придонесот на образовните науки, да ги ценат наодите и доказите од истражувањата и да постапуваат според нив.

## 3.5. Соработка меѓу училиштето, семејството и заедницата

Унапредувањето на партнерските односи меѓу домот и училиштето и активното вклучување на семејството во процесот на учењето и наставата и во носењето на одлуки во работата на училиштето во целина се темели, пред сè, на разбирањето и прифаќањето на улогата на семејството во развојот на детето и улогата на родителите како први и најважни учители во животот на детето. Таквата партнерска соработка подразбира учество на семејството во училишниот живот.

,,Наставникот треба да поседува компетенција за развивање на партнерство со семејствата, засновано на заемна почит и доверба, за воспоставување на квалитетна и ефективна двонасочна комуникација и за давање различни облици на поддршка на семејствата, со цел да се осигури развој на секое дете и задоволување на неговите/нејзините потреби.“ [31]

Секој наставник треба да соработува со своите колеги, но и со другите стручни лица во училиштето и активно да се вклучи во работата на училишните тимови, дејствувајќи како дел од една професионална заедница. Наставникот ,,треба да познава и да користи најразлични ресурси во заедницата за да им ја обезбеди на родителите и на децата неопходната поддршка и да изгради силни врски на училиштето со други институции и организации од заедницата“.[32]

---

[31] Доналдсон, Г., Граховац, М., Киранџиска, С., Јелиќ, М., Милиќ, С., Миљевиќ, Г., Рангелов-Јусовиќ, Р., Трикиќ, З., Велковски, З., Визек-Видовиќ, В., Врањешевиќ, Ј. (2013). *Наставничката професија во XXI век. Унапредување на професионализмот на наставниците за инклузивно, квалитетно и релевантно образование – АТЕПИЕ*, Белград: Центар за образовни политики, стр. 34.

[32]Исто, стр.34.

**Професионално знаење**

Наставниците треба да ги познаваат и да ги разбираат:

- придонесите на стручните соработници и другите експерти во училиштето и надвор од него, со цел да се осигури благосостојбата на секое дете/ученик;
- важноста и влијанието на вклученоста на семејството во училишниот живот;
- пристапите на поттикнување и одржување на партнерството меѓу родителите (семејството/згрижувачите) и училиштето;
- можностите и ресурсите на локалната заедница за поддршка на семејствата и децата.

**Професионални вештини**

Наставниците треба да умеат да:

- воспостават соработка и да учествуваат во тимска работа во различни културни контексти;
- комуницираат успешно, ефективно и со почитување со колегите наставници, со родителите, образовните експерти и претставниците на властите;
- применуваат разновидни стратегии со цел развивање на успешно партнерство меѓу семејството, училиштетето и заедницата.

**Професионални вредности**

Наставниците треба да настојуваат:

- да бидат отворени и секогаш да бидат подготвени за соработка со други експерти, со родителите и со пошироката заедница;
- да негуваат односи и со други фактори засновани на емпатија, заемно почитување и толеранција за поинакви мислења;

- да промовираат заемна доверба и доверливост во односите со учениците, со нивните колеги, и со родителите;
- да бидат подготвени активно да дејствуваат и да ги промовираат правата и интересите на сите деца/ученици во училиштето и во заедницата.

## 3.6. Училиштен развој и унапредување на образовниот систем

Развојот на еден образовен систем во целина бара активно учество и активно вклучување на секој наставник во процесот на носење одлуки. ,,Наставникот мора активно да се залага за промени кои ќе продонесат за благосостојбата на секое дете и семејство, а со тоа и на самото општество. Наставникот треба да има познавања и разбирање на тековниот напредок не само од областа на образовните теории и политики, туку и на поширокиот општествен развој кој влијае врз образовниот систем. Развојот на училиштето како заедница која учи и континуираното подобрување на квалитетот и ефективноста на училиштето бараат секој наставник да преземе водечка улога во процесот на училишен развој.“[33] Секој наставник мора активно да биде вклучен и да учествува во процесот на евалуација и стратешко планирање, како и во реализација и имплементирање на разновидни проекти и истражувања кои треба да придонесат за напредокот на секое дете/ученик. Ваквиот негов ангажман треба да осигури дека училиштето и образовниот систем ќе бидат важен дел од заедницата и општеството во целина.

[33] Доналдсон, Г., Граховац, М., Киранџиска, С., Јелиќ, М., Милиќ, С., Миљевиќ, Г., Рангелов-Јусовиќ, Р., Трикиќ, З., Велковски, З., Визек-Видовиќ, В., Врањешевиќ, Ј. (2013). *Наставничката професија во XXI век. Унапредување на професионализмот на наставниците за инклузивно, квалитетно и релевантно образование – АТЕПИЕ*, Белград: Центар за образовни политики, стр. 36.

## Професионално знаење

Наставниците треба да ги познаваат и да ги разбираат:

- структурата и целта на воспитно-образовниот систем и неговото влијание врз промените во општеството;
- воспитно-образовниот систем и законската регулатива, вклучувајќи ги и организацијата и начинот на раководење со училиштето;
- глобалните и локалните трендови во образованието, како и влијанието на општествениот и економскиот развој врз образовниот процес;
- развојната стратегија на училиштето, неговата мисија, визија и развојните цели;
- механизмите за следење на квалитетот и за континуирано подобрување на квалитетот и резултатите од работата на училиштето.

## Професионални вештини

Наставниците треба да умеат да:

- осмислуваат и да управуваат со проекти и помали акциски истражувања за унапредување на работата во училиштето;
- учествуваат во стратешкото планирање и следење на постигнатите резултати на училиштето;
- иницираат промени кои водат до подобрување и да ги мотивираат другите да учествуваат во нив;
- анализираат проблеми и да ги идентификуваат решенијата во соработка со другите колеги.

**Професионални вредности**

Наставниците треба да настојуваат:

- да ги промовираат вредностите на училиштето како заедница која учи;
- да ја промовираат важноста на квалитетното образование и правото на секое дете/ученик на такво образование;
- да ги проценуваат, да ги евалуираат и да ги предвидуваат новите образовни потреби и барања во контекстот во кој дејствуваат,
- да покажуваат отвореност за соработка со цел напредување, развој на нови идеи, професионални размени и споделување добри практики.

## 4. Мислењата, вредностите и знаењата на наставниците

Мислењата на наставниците се мошне важни за нивната ефективност во наставата. Постојат различни типови на мислења на наставниците што можат да имаат влијание на наставниот процес. Повеќе истражувачи согледале три главни типови мислења и што тие, всушност, значат во наставата, како што се: ,,мислења за тоа што претставува ефективната настава (на пример: Дали наставниците веруваат во конструктивистички пристап во учењето?); мислења за тоа како учениците учат (на пример: Дали учениците стигнале до определен стадиум на зрелост пред да можат да научат определени поими?); како и поопшти мислења за учениците (на пример: Дали учениците од руралните средини бараат од училиштето да им ја обезбеди дисциплината што им недостига дома? и Дали учениците бараат да има слободен избор и вклученост при одлучување за целината на наставниот час?).“[34] Мислењата на наставниците,,се важни за ефективната настава, мислењата за тоа како учениците учат и мислењата за развојот на децата, генерално. Постои несогласување за тоа како точно да се класифицираат мислењата, но, Аскју и другите направиле добра класификација,

[34] Рејнолдс, Д., Маус, Д. (2017). *Ефективна настава: истражувања и практика*, Скопје: Арс Ламина, стр. 91.

според која се прави разлика помеѓу наставниците поврзувачи и наставниците ориентирани на пренесување и на откривање.“[35]

Аскју вели дека: ,,Наставниците поврзувачи веруваат дека усовршувањето на наставниот предмет вклучува и ефикасност и ефективност да се биде способен да се избере соодветен наставен метод за решавање некоја задача и да се направи врска меѓу различните делови на наставниот план. Наставниците поврзувачи ја нагласуваат важноста на примена на учењето во нови ситуации, преку охрабрување учениците да користат реални задачи. Наставниците ориентирани на пренесувањето веруваат во важноста учениците да одржат континуитет во бројни стандарди, процедури и рутини, а тие веруваат дека учениците треба да научат да прават рутински процедури пред да ги применат на задачите. Наставниците ориентирани на откритието веруваат дека сите наставни методи се еднакво прифатливи, сè додека одговорот е даден, независно од тоа дали наставниот метод е ефикасен или не е. Тие ја нагласуваат креативноста на учениците преку нивните сопствени методи.“[36]

Истражувачите разгледувајќи ги верувањата на наставниците за учениците и како тие учат, ги откриле разликите што следуваат во продолжение. ,,Наставниците поврзувачи веруваат дека повеќето ученици се способни да научат преку организирана ефективна настава, и дека учениците доаѓаат на училиште со веќе усвоено претходно знаење. Тогаш, улогата на наставникот е во работата со учениците да воведе поефективни наставни стратегии. Погрешно сфатените поими се сметаат за важни наставни алатки. За наставниците ориентирани на пренесувањето, кои ги нагласуваат правилата и методите, она што учениците го знаат пред да дојдат на час им е помалку важно. Учениците се смета дека се разликуваат по способноста преку неуспехот да ги научат процедурите што еднаш наставникот им ги кажал, токму поради недостиг на способност. Наставниците ориентирани на откритие веруваат дека учењето е индивидуална активност, која се случува откако еднаш учениците се ’подготвени‘

[35] Рејнолдс, Д., Маус, Д. (2017). *Ефективна настава: истражувања и практика*, Скопје: Арс Ламина, стр. 96.
[36] Рејнолдс, Д., Маус, Д. (2017). *Ефективна настава: истражувања и практика*, Скопје: Арс Ламина, стр. 91.

да научат определен поим. Учењето како процес е поприоритетно во однос на значењето на наставата, а самите стратегии на учениците се најважни.“ [37]

Исто така, мислењата на наставниците се разликуваат и во однос на тоа што претставуваат најефективните наставни методи. ,,Наставниците поврзувачи веруваат дека наставата е заснована на дијалог меѓу наставникот и учениците. Ова води до интерактивна настава со засилен фокус на дискусијата за да им се помогне на учениците да истражуваат поефикасни наставни стратегии. Наставниците ориентирани на пренесувањето, приоритет ѝ даваат на наставата во однос на учењето и се фокусираат на воведување на учениците преку рутини или знаења, преку јасни објаснувања. Интеракцијата вклучува проверка дали ученикот може да ја пренесе научената процедура или знаење, користејќи, главно, прашања од затворен тип. Наставниците ориентирани на откритието веруваат во тоа дека доколку ги остават учениците сами да откријат методи преку кои ќе учат, тие ќе учат со интензивна употреба на практично искуство.“[38]

Со други зборови кажано, наставниците поврзувачи биле именувани како најефективни во повеќе истражувања, а според едно истражување на Аскју и други истражувачи, во кое биле опфатени 90 наставници по математика, се дошло до заклучок дека во групата високоефективни наставници влегувале наставниците поврзувачи, додека оние кои биле ориентирани на пренесување и откривање на знаење спаѓале во групата на помалку ефективни наставници.

,,Иако мислењата на наставниците се важни во однос на тоа што го работат наставниците, сепак, тие тешко се менуваат бидејќи се длабоко поврзани со вредностите и со личноста на наставникот. Често е поефективно прво да се сменат однесувањата на наставникот. Доколку овие се покажат како ефективни, наставниците поверојатно ќе се приспособат на нивните мислења.“[39]

Како и со мислењата и со вредностите, наставниците имаат различни нивоа на знаења што ги пренесуваат во наставата. Истражувачите идентификувале три

[37] Рејнолдс, Д., Маус, Д. (2017). *Ефективна настава: истражувања и практика*, Скопје: Арс Ламина, стр. 91.
[38] Рејнолдс, Д., Маус, Д. (2017). *Ефективна настава: истражувања и практика*, Скопје: Арс Ламина, стр. 91.
[39] Исто, стр. 96.

главни вида знаења што наставниците треба да ги поседуваат, а тоа се: нивното стручно знаење за наставниот предмет (нивните стручни компетенции, односно што знаат тие за наставниот предмет што го предаваат); нивното педагошко знаење (што знаат тие за ефективната настава) и педагошкото познавање на јазикот (што знаат тие за ефективната настава на нивниот специфичен предмет). Покрај овие три главни вида знаења што наставниците треба да ги поседуваат се додава и уште една димензија за знаењето на наставниците, а тоа, всушност, е личното практично знаење, што го подразбира познавањето на учениците од страна на наставникот, особено нивните индивидуални потреби при учењето, нивните силни страни, нивните слабости и нивните интереси.

Сите овие видови знаења се мошне важни за ефективната настава. ,,Доколку наставниците немаат никакво познавање за принципите на ефективна настава, не постои веројатност дека целосно ќе ги применат, а истото важи и за познавањето на педагошките аспекти на наставата за нивниот наставен предмет.“ [40]

## 5. Релевантни истражувања

Во својата докторска дисертација ,,Компетенциите на наставниците по ликовна култура и можностите за нивен професионален развој“ од 2013 година, авторот Исидора Кораќ вели дека личноста на наставникот и неговите компетенции претставуваат пресуден фактор за постигнувањето на учениците. Кораќ додава и дека резултатите од голем број истражувања укажуваат на тоа дека поттикнувачката работна средина која наставниците ја создаваат во одделенијата во значајна мера влијае на резултатите од учењето и претставува значаен фактор за развој на личноста на учениците, нивната социјализација и афективен развој. Според неа, наставникот треба да го познава поединечно секој ученик, да умее да го процени нивото на неговиот развој, па во однос на тоа адекватно да ги организира методите на работа, да ги направи наставните

[40] Рејнолдс, Д., Маус, Д. (2017). *Ефективна настава: истражувања и практика*, Скопје: Арс Ламина, стр. 95.

содржини поприфатливи и попоттикнувачки за учениците. Освен што е неопходно наставникот да е стручен, односно да е компетентен во контекст на предметот кој го предава за успешно да го реализира наставниот процес, потребно е тој да поседува знаења за развојните карактеристики на учениците, знаења за индивидуалните карактеристики на учениците, знаења за секој ученик поединечно (знаења за целокупната негова личност, неговите способности, нивоата на постигнувања итн.). Наставникот треба да поседува и знаења во врска со наставниот план и програма за предметот кој го предава, да поседува дидактичко-методска оспособеност, да поседува знаења во врска со планирањето, организирањето на активна и интерактивна настава (познавање на различни методи, облици, постапки, техники, средства за работа), знаења како да ги избере, да ги осмисли и да ги примени начините на работа (методи, облици, техники на работа) за наставата да биде активна и интерактивна, односно истата да поттикнува креативност и истражување, интерпретација и сл.

Во истражувањата објавени во својата докторска дисертација авторката Исидора Кораќ вели дека од сите податоци добиени преку анкетни прашалници и анкетни листови наменети за наставниците по ликовна култура се забележува дека како најголема и најважна компетенција на наставниците се издвојува компетенцијата на наставниците по ликовна култура во врска со наставниот план и програма за истиот предмет. Исто така, мошне важни се и компетенциите на наставниците во врска со вештините за успешна, ефикасна комуникација со учениците, потоа компетенциите на наставниците во врска со различните видови мотивација на учениците, компетенциите на наставниците во врска со организацијата на активната настава со примена на различни методи, техники и облици на работа. Важни се и компетенциите на наставниците во врска со следењето на напредувањето и оценувањето на учениците во наставата, начините на континуирано следење и евалуација на наставата. Од истражувањето се согледува дека најмалку важни компетенции на наставниците се компетенциите во врска со лидерството и менаџирањето и со стиловите на управување со одделението. Што се однесува на компетенциите на наставниците по ликовна култура за работа во рамките на училиштата и нивната професионална улога во општеството, утврдено е дека најмногу важност се дава на компетенцијата на

наставниците во врска со остварување на успешна соработка меѓу наставниците и родителите, додека најмалку важна се смета компетенцијата во врска со ангажирање на ширење на идејата за значењето на уметничкото образование меѓу другите наставници, родителите и пошироката јавност.

На почетокот на трудот ,,Компетенции на учителите“, авторите Мајда Фајдетиќ и Миљенка Галиќ даваат дефиниција за тоа што претставува поимот/терминот компетенција. Истите велат дека поимот компетенција претставува ,,комбинација од знаења, вештини, ставови, вредности и навики кои на поединецот му овозможуваат активно и ефикасно да делува во одредена (специфична) ситуација, односно професија. Авторите во овој труд велат дека постојат три (3) димензии на учителски компетенции, и тоа:

,,1. Професионална.
2. Педагошко-дидактичко-методичка.
3. Работна“. [41]

Во професионална компетенција авторите ги вбројуваат: нивото на општо знаење, способноста за планирање, способноста за изведување на задачите, учествување во проекти, самовреднување и вреднување, стручно усовршување.

Во педагошко-дидактичко-методички компетенции авторите ги вбројуваат: познавањето и примената на педагошките теории и пракси, способноста за поучување и следење, креирањето на наставните содржини, планирањето и програмирањето на наставата, препознавањето и решавањето на образовните проблеми, разбирањето на социјалните и другите околности кои можат да влијаат на изразувањето и на однесувањето на учениците, поврзување на теориите и наставните методи стекнати во текот на образованието во наставната пракса.

Според авторите, во работни компетенции, односно практично знаење, спаѓаат: вештината за соработка, тимската работа, чувството на одговорност,

[41] Fajdetić, M., Galić. M. (2009). ,,Kompetencije ućitelja“,
Strućni skup iz informatike za voditelje županjskih strućnih vijeća, mentore I savjetnike, Vukovar. http://os-zakanje.skole.hr/upload/os-zakanje/images/multistatic/69/File/Fajdetic%20i%20Galic%20-%20Kompetencije-Vukovar.ppt .
Пристапено на: 17.2.2018 г.

квалитетот на работа, познавањето на јазици, совесност – преземање одговорност, иницијатива, оптимизам – внатрешна мотивација и желба за работа, општа комуникациска и јазична писменост.

Во истиот труд се идентификуваат уште неколку подрачја на нови компетенции, а меѓу нив се следниве: поучување со употреба на современа информатичка технологија, интеграција на децата со посебни потреби, работа во група со деца и мултикултурно мешани групи, менаџирање со училиштето и различни административни работи, решавање на конфликти.

## 6. Анализа на студиски програми

Во овој дел од магистерскиот труд е направена анализа на студиските програми на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески“ – Скопје, при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, и тоа: студиската програма за *Македонски јазик*, студиската програма за *Македонска книжевност и јужнословенски книжевности* и студиската програма за *Општа и компаративна книжевност*. Поточно, направена е анализа на наставните насоки при горенаведените студиски програми. Исто така, направена е и анализа на студиската програма за групата *Македонски јазик и книжевност (наставна насока)* на Филолошкиот факултет при Универзитетот ,,Гоце Делчев“ – Штип, како и на студиската програма за *Македонски јазик и книжевност* на Педагошкиот факултет – Битола при Универзитетот ,,Св. Климент Охридски“ – Битола.

6.1. Анализа на студиската програма за ***Македонски јазик***, ***Македонска книжевност и јужнословенски книжевности*** и студиската програма за ***Општа и компаративна книжевност*** на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје.

Студиската програма за ***Македонски јазик*** на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“– Скопје е во траење од четири (4) студиски години, т.е. во траење од осум (8) семестри и е организирана во два модула: основен задолжителен модул – во траење од осум (8) семестри и втор изборен модул – во траење од шест (6) семестри и се избира во третиот семестар. „Студиските програми се организирани по модуларен систем на Филолошкиот факултет ’Блаже Конески‘ во Скопје и се во согласност со Законот за високо образование (’Службен весник на РМ‘ бр. 35/08, 103/08 и 26/09).“ [42]

Всушност, „модул претставува ’пакет‘ предмети. Сите предмети (по 6 предмети во семестар) носат по пет (5) кредити, а за дипломирање се потребни 240 кредити. Првиот модул е задолжителен и се состои од три (3) предмети. Се слуша во сите осум (8) семестри. Овој модул е основен (општ) модул и на крајот се добива општо звање.

Вториот модул е изборен модул. Се избира во третиот семестар и на тој начин се слуша шест семестри. Изборот на втор модул резултира со:

– стручно звање (доколку студентите се од матичната студиска група);
– дополнително звање, кое се додава на звањето од првиот модул (од матичната и/или од другите студиски групи или факултети.

Од понудените предмети во вториот модул, студентот бира најмалку два. За вториот модул, кој е насока за матичната катедра, по еден предмет во семестарот е задолжителен за насоката.

---

[42] Универзитет„Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2013). *Предлог проект за усогласување на студиските програми од прв циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со Законот за високо образование*, Македонски јазик, Скопје, стр. 13. >http://flf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2018/03/Studiska-programa-makedonski-jazik-2013.pdf< Пристапено на: 11.4.2018 г.

Студентите по дипломирањето или во текот на студирањето можат да изберат втор (дополнителен) модул и во тој случај се добива Уверение за положена група предмети од втор изборен модул – (во продолжение називот на модулот).“ [43]

,,Студентот може да избере втор модул во третиот семестар и со тоа ќе мора да ги положи предметите што се задолжителни за модулот и да избере минимум по еден предмет што е од определената група предмети, како специјалистички од предвидениот модул. Во рамките на студирањето студентот има право да избере и предмети по слободен избор од студиските програми од Филолошкиот факултет, но и од другите факултети или универзитети, но бројот на слободните изборни предмети од другите факултети или универзитети може да биде 10 % од вкупниот број предмети на студиската програма (според ЗВО). На овој начин соодносот на предметите е според предвидените законски рамки (60 % задолжителни; 30 % изборни и 10 % слободно изборни).“ [44]

На крајот од студиите, по завршувањето на сите предвидени предмети и обврски, студентите бранат дипломски труд, како завршен испит, кој носи пет (5) кредити и е во рамките на предвидените 240 кредити.

Студиската програма за *Македонски јазик* (наставна насока) е во траење од четири (4) студиски години, т.е. во траење од осум (8) семестри. Таа е организирана во два модула: основен задолжителен модул – во траење од осум (8) семестри и втор изборен модул – во траење од шест (6) семестри и се избира во третиот семестар.

Задолжителни предмети на оваа студиска група во **првиот** (I) семестар се предметите: фонологија на современиот македонски јазик (СМЈ) 1,

---

[43] Универзитет,,Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ – Скопје (2013). *Предлог проект за усогласување на студиските програми од прв циклус студии на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески“ со Законот за високо образование*, Македонски јазик, Скопје, стр. 14. >http://flf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2018/03/Studiska-programa-makedonski-jazik-2013.pdf< Пристапено на: 11.4.2018 г.

[44] Универзитет,,Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ – Скопје (2013). *Предлог проект за усогласување на студиските програми од прв циклус студии на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески“ со Законот за високо образование*, Македонски јазик, Скопје, стр. 17. >http://flf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2018/03/Studiska-programa-makedonski-jazik-2013.pdf< Пристапено на: 11.4.2018 г.

старословенски јазик 1 и предметот општа лингвистика. Овие предмети се од првиот задолжителен, основен модул. Фондот на часови за предметите фонологија на современиот македонски јазик (СМЈ) 1 и старословенски јазик 1 изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Фондот на часови по предметот општа лингвистика изнесува 60 часови предавања и истиот носи пет (5) кредити. Од вториот (изборен) модул во овој семестар се изучуваат уште три предмети кои студентите ги избираат од изборните предмети од листа бр. 2 или од изборните предмети од УКИМ. Изборните предмети од листа бр. 2 носат по пет (5) кредити, а изборните предмети од УКИМ носат по два (2) кредита.

Задолжителни предмети на оваа студиска група во **вториот** (II) семестар се предметите: фонологија на СМЈ 2, старословенски јазик 2 и предметот преглед на лингвистиката. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за предметите фонологија на СМЈ 2 и старословенски јазик 2 изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Фондот на часови за предметот преглед на лингвистиката изнесува 60 часови предавања и истиот носи пет (5) кредити. Од вториот (изборен) модул во овој семестар се изучуваат уште три предмети кои студентите ги избираат од изборните предмети од листа бр. 2 или од изборните предмети од УКИМ. Изборните предмети од листа бр. 2 носат по пет (5) кредити, а изборните предмети од УКИМ носат по два (2) кредита.

Задолжителни предмети во **третиот** (III) семестар се предметите: морфологија на СМЈ 1, лексикологија на МЈ и предметот споредбена граматика на словенските јазици 1. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за предметите морфологија на СМЈ 1 и лексикологија на МЈ изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Фондот на часови за предметот споредбена граматика на словенските јазици 1 изнесува 45 часови предавања + 15 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот психологија. Фондот на часови за предметот психологија е 30 часови предавања + 30 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: народна книжевност 1, средновековна книжевност 1 и светска книжевност 1. Фондот на часови за секој од овие предмети

изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Од понудените изборни предмети од листа 1, студентите бираат два со кои се дефинира понатамошната насока. Истото важи и за останатите семестри.

Задолжителни предмети во **четвртиот** (IV) семестар се предметите: морфологија на СМЈ 2, фразеологија на МЈ и предметот споредбена граматика на словенските јазици 2. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за предметите морфологија на СМЈ 2 и фразеологија на МЈ изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Фондот на часови за предметот споредбена граматика на словенските јазици 2 изнесува 45 часови предавања + 15 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот педагогија. Фондот на часови за предметот педагогија изнесува 30 часови предавања + 30 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: народна книжевност 2, средновековна книжевност 2 и предметот светска книжевност 2. Фондот на часови за секој од овие предмети изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби. И овие предмети носат по пет (5) кредити.

Задолжителни предмети во **петтиот** (V) семестар се предметите: зборообразувањето во СМЈ, синтакса на СМЈ 1 и предметот преглед на македонските дијалекти 1. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за овие три предмети изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот методика на наставата по македонски јазик 1. Фондот на часови за овој предмет изнесува 30 часови предавања + 60 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: нова македонска книжевност 1, нова словенечка книжевност и предметот нова бугарска книжевност. Фондот на часови за секој од овие предмети изнесува 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити.

Задолжителни предмети во **шестиот** (VI) семестар се предметите: синтакса на СМЈ 2, историја на македонскиот јазик и предметот преглед на македонските дијалекти 2. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за предметите синтакса на СМЈ 2 и преглед на македонските дијалекти 2

изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Фондот на часови за предметот историја на македонскиот јазик изнесува 60 часови предавања + 30 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот методика на наставата по македонски јазик 2. Фондот на часови за овој предмет изнесува 30 часови предавања + 60 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: нова македонска книжевност 2, нова српска книжевност и предметот нова хрватска книжевност. Фондот на часови за секој од овие предмети изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити.

Задолжителни предмети во **седмиот** (VII) семестар се предметите: лингвостилистика 1, историја на македонскиот писмен јазик 1 и предметот карактеристики на македонските дијалекти 1. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за овие три предмета е ист и изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот методика на наставата по книжевност 1. Фондот на часови за овој предмет изнесува 30 часови предавања + 60 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: современа македонска книжевност 1, современи јужнословенски книжевности 1 и предметот книжевност за деца 1. Фондот на часови за секој од овие предмети изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби. И овие предмети носат по пет (5) кредити.

Задолжителни предмети во **осмиот** (VIII) семестар се предметите: лингвостилистика 2, историја на македонскиот писмен јазик 2 и предметот основи на врзан текст. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за овие три предмета е ист и изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот методика на наставата по книжевност 2. Фондот на часови за овој предмет изнесува 30 часови предавања + 60 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: современа македонска книжевност 2, современи јужнословенски книжевности 2 и предметот книжевност за деца 2. Фондот на

часови за секој од овие предмети е ист и изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити.

По завршувањето на додипломските студии на групата Македонски јазик (наставна насока) студентите добиваат диплома: ***дипломиран професор по македонски јазик и книжевност.***

„Со усвојувањето на знаењата на оваа студиска програма се очекува од студентот да биде оспособен за следните знаења, способности и вештини:

1. Оспособен е за реализирање и организирање на воспитно-образовниот процес во основните и средните училишта.
2. Умее да ги примени стекнатите знаења во наставниот процес.
3. Ја познава методологијата на воспитно-образовната работа во основните и средните училишта.
4. Ја планира и ја програмира сопствената работа.
5. Користи компаративни искуства во функција на развојот на наставните содржини по предметот македонски јазик и книжевност.
6. Поседува стручно-професионални способности за проверка и оценување на знаењето и на постигнувањето на учениците.
7. Одговорно и стручно учествува во реализирањето и креирањето на наставните планови и програми по предметот македонски јазик и книжевност.
8. Поседува медијаторски способности и е оспособен за индивидуална и тимска работа, како и способност за работа со родители, со воспитно-образовни институции и сл.
9. Умее да ги дозира информациите и функционализирање на времето.
10. Поседува вештини за креативно дизајнирање и редизајнирање на воспитно-образовната средина.
11. Располага со знаења за индивидуален пристап во реализирање на активностите со учениците.
12. Ги почитува мултикултурноста и мултијазичноста.“ [45]

[45] Универзитет„Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2013). *Предлог проект за усогласување на студиските програми од прв циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со Законот за високо образование*, Македонски јазик, Скопје, стр. 11. >http://flf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2018/03/Studiska-programa-makedonski-jazik-2013.pdf< Пристапено на: 11.4.2018 г.

Студиската програма за ***Македонска книжевност и јужнословенски книжевности*** е во траење од четири (4) студиски години, т.е. во траење од осум (8) семестри, при што е организирана во два модула: основен задолжителен модул – во траење од осум (8) семестри и втор изборен модул – во траење од шест (6) семестри и се избира во третиот семестар. ,,Студиските програми се организирани по модуларенсистем на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески“ во Скопје и се во согласност со Законот за високо образование (’Службен весник на РМ‘ бр. 35/08, 103/08 и 26/09).“[46]

,,Модул претставува ’пакет‘ предмети. Сите предмети (по 6 предмети во семестар) носат по пет (5) кредити, а за дипломирање се потребни 240 кредити. Првиот модул е **задолжителен** и се состои од три (3) предмети. Се слуша во сите осум (8) семестри. Овој модул е основен (општ) модул и на крајот се добива општо звање.

Вториот модул е **изборен** модул. Се избира во третиот семестар и на тој начин се слуша шест семестри. Изборот на втор модул резултира со:

– стручно звање (доколку студентите се од матичната студиска група);
– дополнително звање, кое се додава на звањето од првиот модул (од матичната и/или од другите студиски групи или факултети).

Од понудените предмети во вториот модул, студентот бира најмалку два. За вториот модул, кој е насока за матичната катедра, по еден предмет во семестарот е задолжителен за насоката.

Студентите по дипломирањето или во текот на студирањето можат да изберат втор (дополнителен) модул и во тој случај се добива Уверение за

[46] Универзитет,,Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ – Скопје (2013). *Предлог проект за усогласување на студиските програми од прв циклус студии на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески“ со Законот за високо образование*, Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, Скопје, стр. 13. >http://flf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2018/03/Studiska-programa-makedonska-knizevnost-i-juznoslovenski-knizevnosti-2013.pdf< Пристапено на: 12.4.2018 г.

положена група предмети од втор изборен модул – (во продолжение називот на модулот).“ [47]

„Студентот може да избере втор модул во третиот семестар и со тоа ќе мора да ги положи предметите што се задолжителни за модулот и да избере минимум по еден предмет што е од определената група предмети, како специјалистички од предвидениот модул. Во рамките на студирањето студентот има право да избере и предмети по слободен избор од студиските програми од Филолошкиот факултет, но и од другите факултети или универзитети, но бројот на слободните изборни предмети од другите факултети или универзитети може да биде 10 % од вкупниот број предмети на студиската програма (според ЗВО). На овој начин соодносот на предметите е според предвидените законски рамки (60 % задолжителни; 30 % изборни и 10 % слободно изборни).“ [48]

На крајот од студиите, односно по завршувањето на сите предвидени предмети и обврски, студентите бранат дипломски труд, како завршен испит, кој носи пет (5) кредити и е во рамките на предвидените 240 кредити.

Студиската програма за Македонска книжевност и јужнословенски книжевности (наставна насока) е во траење од четири (4) студиски години, т.е. во траење од осум (8) семестри. Таа е организирана во два модула: основен задолжителен модул – во траење од осум (8) семестри и втор изборен модул – во траење од шест (6) семестри и се избира во третиот семестар.

Задолжителни предмети на оваа студиска група во **првиот** (I) семестар се предметите: народна македонска поезија, медиевистика 1 и теорија на книжевност 1 (дисциплини и теорија на драма). Овие предмети се од првиот задолжителен, основен модул. Фондот на часови за овие предмети е ист и изнесува по 45 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Од вториот (изборен) модул во овој семестар се изучуваат уште три предмети кои студентите ги избираат од изборните предмети од листа 2 (и тоа

[47] Универзитет„Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2013). *Предлог проект за усогласување на студиските програми од прв циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со Законот за високо образование*, Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, Скопје, стр. 13 – 14 >http://flf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2018/03/Studiska-programa-makedonska-knizevnost-i-juznoslovenski-knizevnosti-2013.pdf< Пристапено на: 12.4.2018 г.

[48] Исто, стр.16.

еден предмет) и од некои од предметите од УКИМ, и тоа два предмета. Изборниот предмет од листа бр. 2 носи пет (5) кредити. И двата предмета од УКИМ носат по пет (5) кредити.

Задолжителни предмети на оваа студиска група во **вториот** (II) семестар се предметите: народна македонска проза, медиевистика 2 и теорија на книжевност 2 (теорија на проза и поезија). Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за овие предмети изнесува по 45 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Од вториот (изборен) модул во овој семестар се изучуваат уште три предмети и тоа еден изборен предметод листа 2 и два предмета од УКИМ. Изборниот предмет од листа бр. 2 носи пет (5) кредити. И двата предмета од УКИМ носат по пет (5) кредити.

Задолжителни предмети во **третиот** (III) семестар се предметите: македонска книжевност од 15 до 18 век, просветителството и романтизмот во словенечката книжевност и предметот светска книжевност 1. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за сите три предмета изнесува по 45 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот психологија. Фондот на часови за предметот психологија е 30 часови предавања + 30 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: правопис и правоговор со фонетика и фонологија, старословенски јазик 1 и предметот општа лингвистика. Фондот на часови за предметот правопис и правоговор со фонетика и фонологија изнесува 30 часови предавања + 60 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Фондот на часови за предметот старословенски јазик 1 изнесува 30 часови предавања + 30 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Фондот на часови за предметот општа лингвистика изнесува 60 часови предавања и истиот носи пет (5) кредити. Од понудените изборни предмети од листа 1, првиот е задолжителен за наставната насока, а студентите бираат најмалку еден дополнителен со кој се дефинира понатамошната насока. Истото важи и за останатите семестри.

Задолжителни предмети во **четвртиот** (IV) семестар се предметите: од хуманизам до барок во јужнословенските книжевности, реализмот и модерната во словенечката книжевност и предметот светска книжевност 2. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за овие три предмета

изнесува по 45 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот педагогија. Фондот на часови за предметот педагогија изнесува 30 часови предавања + 30 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: морфологија на македонскиот јазик, историја на македонскиот јазик и предметот старословенски јазик 2. Фондот на часови за секој од овие предмети е ист и изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби. И овие предмети носат по пет (5) кредити.

Задолжителни предмети во **петтиот** (V) семестар се предметите: книжевна генологија – македонски 19 век 1, просветителството и романтизмот во српската книжевност и предметот романтизмот во хрватската книжевност. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за овие три предмети изнесува по 45 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот методика на наставата по македонски јазик 1. Фондот на часови за овој предмет изнесува 30 часови предавања + 60 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: синтакса на македонскиот јазик, зборообразувањето во СМЈ и еден јужнословенски јазик (српски, хрватски или словенечки). Фондот на часови за секој од овие предмети изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити.

Задолжителни предмети во **шестиот** (VI) семестар се предметите: книжевна генологија – македонски 19 век 2, реализмот и модерната во српската книжевност и предметот реализмот и модерната во хрватската книжевност. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за овие три предмети изнесува по 45 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот методика на наставата по македонски јазик 2. Фондот на часови за овој предмет изнесува 30 часови предавања + 60 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: лексикологија со фразеологија на македонскиот јазик, усвојување на македонскиот јазик како втор и предметот историја на македонскиот писмен јазик. Фондот на часови за предметите лексикологија со фразеологија на

македонскиот јазик и усвојување на македонскиот јазик како втор изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Фондот на часови за предметот историја на македонскиот писмен јазик изнесува 60 часови предавања + 30 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити.

Задолжителни предмети во **седмиот** (VII) семестар се предметите: современа македонска книжевност – реализам и модернизам, просветителството и романтизмот во бугарската книжевност и предметот јужнословенски книжевности од експресионизам до постмодерна 1. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за овие три предмета е ист и изнесува по 45 часови предавања + 30 часови вежби. И овие предмети носат по пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот методика на наставата по книжевност 1. Фондот на часови за овој предмет изнесува 30 часови предавања + 60 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: лингвостилистика, вештини за правилно пишување и предметот семантика. Фондот на часови за првите два предмета – лингвостилистика и вештини за правилно пишување изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби, а фондот на часови за предметот семантика изнесува 30 часови предавања. Сите три предмета носат по пет (5) кредити.

Задолжителни предмети во **осмиот** (VIII) семестар се предметите: современа македонска книжевност – модернизам и постмодернизам, реализмот во бугарската книжевност и предметот јужнословенски книжевности од експресионизам до постмодерна 2. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за овие три предмета е ист и изнесува по 45 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот методика на наставата по книжевност 2. Фондот на часови за овој предмет изнесува 30 часови предавања + 60 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: дијалектологија на македонскиот јазик и прагматика. Фондот на часови за предметот дијалектологија на македонскиот јазик изнесува 60 часови предавања + 30 часови вежби. Фондот на часови за предметот прагматика изнесува 30 часови предавања. И овие

предмети носат по пет (5) кредити. Во овој семестар студентите имаат и дипломска работа и истата носи пет (5) кредити.

По завршувањето на додипломските студии на групата Македонска книжевност и јужнословенски книжевности (наставна насока) студентите добиваат диплома: **дипломиран професор по македонистика: книжевност и јазик.**

,,Со усвојувањето на знаењата на оваа студиска програма се очекува од студентот да биде оспособен за следните знаења, способности и вештини:

1. Оспособен е за реализирање и организирање на воспитно-образовниот процес во основните и средните училишта.
2. Умее да ги примени стекнатите знаења во наставниот процес.
3. Ја познава методологијата на воспитно-образовната работа во основните и средните училишта.
4. Ја планира и ја програмира сопствената работа.
5. Користи компаративни искуства во функција на развојот на наставните содржини по предметот македонска книжевност и јужнословенски книжевности.
6. Поседува стручно-професионални способности за проверка и оценување на знаењето и на постигнувањето на учениците.
7. Одговорно и стручно учествува во реализирањето и креирањето на наставните планови и програми по предметот македонска книжевност и јужнословенски книжевности.
8. Поседува медијаторски способности и е оспособен за индивидуална и тимска работа, како и способност за работа со родители, со воспитно-образовни институции и сл.
9. Умее да ги дозира информациите и функционализирање на времето.
10. Поседува вештини за креативно дизајнирање и редизајнирање на воспитно-образовната средина.
11. Располага со знаења за индивидуален пристап во реализирање на активностите со учениците.

12. Ги почитува мултикултурноста и мултијазичноста.“ [49]

Студиската програма за ***Општа и компаративна книжевност*** е во траење од четири (4) студиски години, т.е. во траење од осум (8) семестри. Таа е организирана во два модула: основен задолжителен модул – во траење од осум (8) семестри и втор изборен модул – во траење од шест (6) семестри и се избира во третиот семестар. „Студиските програми се организирани по модуларен систем на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и се во согласност со Законот за високо образование (’Службен весник на РМ‘ бр. 35/08, 103/08 и 26/09).“ [50]

„Модул претставува ’пакет‘ предмети. Сите предмети (по 6 предмети во семестар) носат по пет (5) кредити, а за дипломирање се потребни 240 кредити. Првиот модул е **задолжителен** и се состои од три (3) предмети. Се слуша во сите осум (8) семестри. Овој модул е основен (општ) модул и на крајот се добива општо звање.

Вториот модул е **изборен** модул. Се избира во третиот семестар и на тој начин се слуша шест семестри. Изборот на втор модул резултира со:

– стручно звање (доколку студентите се од матичната студиска група);
– дополнително звање, кое се додава на звањето од првиот модул (од матичната и/или од другите студиски групи или факултети).

[49] Универзитет„Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2013). *Предлог проект за усогласување на студиските програми од прв циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со Законот за високо образование*, Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, Скопје, стр. 12.>http://flf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2018/03/Studiska-programa-makedonska-knizevnost-i-juznoslovenski-knizevnosti-2013.pdf< Пристапено на: 12.4.2018 г.

[50] Универзитет„Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2013). *Предлог проект за усогласување на студиските програми од прв циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со Законот за високо образование*, Општа и компаративна книжевност, Скопје, стр. 12. >http://flf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2018/03/ОПШТА-И-КОМПАРАТИВНА-КНИЖЕВНОСТ-2013.pdf< Пристапено на : 13.4.2018 г.

Од понудените предмети во вториот модул, студентот бира најмалку два. За вториот модул, кој е насока за матичната катедра, по еден предмет во семестарот е задолжителен за насоката.

Студентите по дипломирањето или во текот на студирањето можат да изберат втор (дополнителен) модул и во тој случај се добива Уверение за положена група предмети од втор изборен модул – (во продолжение називот на модулот).“ [51]

„Студентот може да избере втор модул во третиот семестар и со тоа ќе мора да ги положи предметите што се задолжителни за модулот и да избере минимум по еден предмет што е од определената група предмети, како специјалистички од предвидениот модул. Во рамките на студирањето студентот има право да избере и предмети по слободен избор од студиските програми од Филолошкиот факултет, но и од другите факултети или универзитети, но бројот на слободните изборни предмети од другите факултети или универзитети може да биде 10 % од вкупниот број предмети на студиската програма (според Законот за високо образование). На овој начин соодносот на предметите е според предвидените законски рамки (60 % задолжителни; 30 % изборни и 10 % слободно изборни).“ [52]

На крајот од студиите, по завршувањето на сите предвидени предмети и обврски, студентите бранат дипломски труд, како завршен испит, кој носи пет (5) кредити и е во рамките на предвидените 240 кредити.

Студиската програма за Општа и компаративна книжевност (наставна насока) е во траење од четири (4) студиски години, т.е. во траење од осум (8) семестри. Таа е организирана во два модула: основен задолжителен модул – во траење од осум (8) семестри и втор изборен модул – во траење од шест (6) семестри и се избира во третиот семестар.

---

[51] Универзитет„Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2013). *Предлог проект за усогласување на студиските програми од прв циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со Законот за високо образование,* Општа и компаративна книжевност, Скопје, стр. 13 – 14. >http://flf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2018/03/ОПШТА-И-КОМПАРАТИВНА-КНИЖЕВНОСТ-2013.pdf< Пристапено на : 13.4.2018 г.

[52] Исто, стр. 16.

Задолжителни предмети на оваа студиска група во **првиот** (I) семестар се предметите: теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност 1, компаративни поетики: поетика на имагинарното и митот 1, како и предметот компаративни поетики: европски антички поетики. Овие предмети се од првиот (задолжителен, основен) модул. Фондот на часови за првите два предмета е ист – изнесува по 60 часови предавања и истите носат по пет (5) кредити, а фондот на часови за предметот компаративни поетики: европски антички поетики изнесува 90 часови предавања и истиот носи пет (5) кредити. Од вториот (изборен) модул во овој семестар се изучуваат уште три предмети и тоа еден изборен предметод листа 2 и два предмета од УКИМ. Изборниот предмет од листа 2 носи пет (5) кредити. И двата предмета од УКИМ носат по пет (5) кредити.

Задолжителни предмети на оваа студиска група во **вториот** (II) семестар се предметите: теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност 2, компаративни поетики: поетика на имагинарното и митот 2, како и предметот компаративни поетики: поетика на ренесансата. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за предметите теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност 2 и компаративни поетики: поетика на имагинарното и митот 2 изнесува по 60 часови предавања. Овие предмети носат по пет (5) кредити. Фондот на часови за предметот компаративни поетики: поетика на ренесансата изнесува 90 часови предавања. И овој предмет носи пет (5) кредити. Од вториот (изборен) модул во овој семестар се изучуваат уште три предмети, и тоа еден изборен предметод листа 2 и два предмета од УКИМ. Изборниот предмет од листа 2 носи пет (5) кредити. И двата предмета од УКИМ носат по пет (5) кредити.

Како задолжителни предмети во **третиот** (III) семестар во студиската програма за општа и компаративна книжевност (прв задолжителен модул) се наведени следниве предмети: теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевните дискурси 1, теорија и методологија на книжевноста: теорија на фикцијата 1, компаративни поетики: поетика на ориенталните книжевности и предметот компаративни поетики: поетика на класицизмот. Овие предмети се од првиот (задолжителен, основен) модул. Фондот на часови за првите три предмета изнесува по 60 часови предавања и истите носат по пет (5) кредити. Фондот на часови за предметот компаративни поетики: поетика на класицизмот изнесува

30 часови предавања. И овој предмет носи пет (5) кредити. Забележливо во студиската програма е дека во третиот семестар се наведени четири наслови на предмети од првиот задолжителен, основен модул, кои носат по пет (5) кредити, а во вкупниот збир на кредити за овој семестар во студиската програма стои бројот 15, односно 15 кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот психологија. Фондот на часови за предметот психологија е 30 часови предавања + 30 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: правопис и правоговор со фонетика и фонологија, старословенски јазик 1 и предметот општа лингвистика. Фондот на часови за предметот правопис и правоговор со фонетика и фонологија изнесува 30 часови предавања + 60 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Фондот на часови за предметот старословенски јазик 1 изнесува 30 часови предавања + 30 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Фондот на часови за предметот општа лингвистика изнесува 60 часови предавања и истиот носи пет (5) кредити. Во студиската програма стои забелешка дека од понудените изборни предмети од листа 1, првиот е задолжителен за наставната насока, а студентот бира најмалку еден дополнителен со кој се дефинира понатамошната насока. Истото се однесува и на останатите семестри.

Задолжителни предмети во **четвртиот** (IV) семестар се предметите: теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевните дискурси 2; теорија и методологија на книжевноста: теорија на фикцијата 2; компаративни поетики: поетика на романтизмот и предметот компаративни поетики: книжевноста и ликовните уметности. Овие предмети се од првиот (задолжителен, основен) модул. Фондот на часови за првите три предмета изнесува по 60 часови предавања и истите носат по пет (5) кредити, а фондот на часови за предметот компаративни поетики: книжевноста и ликовните уметности изнесува 30 часови предавања. И овој предмет носи пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот педагогија. Фондот на часови за предметот педагогија изнесува 30 часови предавања + 30 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: морфологија на македонскиот јазик, историја на македонскиот јазик и предметот старословенски јазик 2. Фондот на часови за секој од овие

предмети е ист и изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби. И овие предмети носат по пет (5) кредити.

Задолжителни предмети во **петтиот** (V) семестар се предметите: компаративни поетики: книжевност и филм, теорија и методологија на книжевноста: критички методи 1, поетика на симболизмот и предметот книжевна херменевтика: креативно пишување 1. Овие предмети се од првиот (задолжителен, основен) модул. Фондот на часови за првите три предмети изнесува по 60 часови предавања и истите носат по пет (5) кредити. Фондот на часови за предметот книжевна херменевтика: креативно пишување 1 изнесува 30 часови предавања. И овој предмет носи пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот методика на наставата по македонски јазик 1. Фондот на часови за овој предмет изнесува 30 часови предавања + 60 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: синтакса на македонскиот јазик, зборообразувањето во СМЈ и еден јужнословенски јазик (српски, хрватски или словенечки). Фондот на часови за секој од овие предмети изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити.

Задолжителни предмети во **шестиот** (VI) семестар се предметите: теорија и методологија на книжевноста: рецепција, книжевност, култура; теорија и методологија на книжевноста: критички методи 2; модернистички поетики на 20-тиот век и предметот книжевна херменевтика: креативно пишување 2. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за првите три предмети е ист и изнесува по 60 часови предавања и истите носат по пет (5) кредити. Фондот на часови за предметот книжевна херменевтика: креативно пишување 2 изнесува 30 часови предавања и истиот носи пет (5) кредити. Забележливо во студиската програма е дека во шестиот семестар се наведени четири наслови на предмети од првиот задолжителен, основен модул кои носат по пет (5) кредити, а во вкупниот збир на кредити за овој семестар во студиската програма стои бројот 15, односно 15 кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот методика на наставата по македонски јазик 2. Фондот на часови за овој предмет изнесува 30 часови предавања + 60 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: лексикологија со фразеологија на македонскиот јазик,

усвојување на македонскиот јазик како втор и предметот историја на македонскиот писмен јазик. Фондот на часови за предметите лексикологија со фразеологија на македонскиот јазик и усвојување на македонскиот јазик како втор изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби и истите носат по пет (5) кредити. Фондот на часови за предметот историја на македонскиот писмен јазик изнесува 60 часови предавања + 30 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити.

Задолжителни предмети во **седмиот** (VII) семестар се предметите: книжевна херменевтика: книжевна херменевтика со креативно пишување 1, теорија и методологија на книжевноста: компаратистички методи и предметот компаративни поетики: постмодернистички поетики. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за предметот книжевна херменевтика: книжевна херменевтика со креативно пишување 1 изнесува 90 часови предавање и истиот носи пет (5) кредити. Фондот на часови за другите два предмета (теорија и методологија на книжевноста: компаратистички методи и компаративни поетики: постмодернистички поетики) е ист и изнесува по 60 часови предавања. И овие предмети носат по пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот методика на наставата по книжевност 1. Фондот на часови за овој предмет изнесува 30 часови предавања + 60 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: лингвостилистика, вештини за правилно пишување и предметот семантика. Фондот на часови за првите два предмета – лингвостилистика и вештини за правилно пишување изнесува по 30 часови предавања + 30 часови вежби, а фондот на часови за предметот семантика изнесува 30 часови предавања. Сите три предмета носат по пет (5) кредити.

Задолжителни предмети во **осмиот** (VIII) семестар се предметите: книжевна херменевтика: книжевна херменевтика со креативно пишување 2, компаративни поетики: културолошки методи и предметот компаративни поетики: роман на 20/21 век. Овие предмети се од првиот (задолжителен) модул. Фондот на часови за предметот книжевна херменевтика: книжевна херменевтика со креативно пишување 2 изнесува 90 часови предавање и истиот носи пет (5) кредити. Фондот на часови за другите два предмета (компаративни поетики: културолошки

методи и компаративни поетики: роман на 20/21 век) е ист и изнесува по 60 часови предавања и истите носат по пет (5) кредити. Задолжителен предмет за насоката од вториот (изборен) модул во овој семестар е предметот методика на наставата по книжевност 2. Фондот на часови за овој предмет изнесува 30 часови предавања + 60 часови вежби и истиот носи пет (5) кредити. Изборни предмети од листа 1 се предметите: дијалектологија на македонскиот јазик и прагматика. Фондот на часови за предметот дијалектологија на македонскиот јазик изнесува 60 часови предавања + 30 часови вежби. Фондот на часови за предметот прагматика изнесува 30 часови предавања. И овие предмети носат по пет (5) кредити. Во осмиот семестар студентите треба да изработат и дипломска работа и истата носи пет (5) кредити.

Во студиската програма стои забелешка дека од понудените изборни предмети од листа 1, првиот е задолжителен за наставната насока, а студентот бира најмалку еден дополнителен со кој се дефинира понатамошната насока. [53]

По завршувањето на додипломските студии на групата Општа и компаративна книжевност (наставна насока) студентите добиваат диплома: ***дипломиран професор по општа и компаративна книжевност со македонски јазик.***

„Со усвојувањето на знаењата на оваа студиска програма се очекува од студентот да биде оспособен за следните знаења, способности и вештини:

1. Оспособен е за реализирање и организирање на воспитно-образовниот процес во основните и средните училишта.
2. Умее да ги примени стекнатите знаења во наставниот процес.
3. Ја познава методологијата на воспитно-образовната работа во основните и средните училишта.
4. Ја планира и ја програмира сопствената работа.

[53] На ден 20.4.2016 година наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на својата 64. редовна седница донел одлука (заверена под број 02-575/2 од 27.4.2016 г.) со која се врши корекција на забелешката дека од понудените изборни предмети од листа 1 првиот е задолжителен за наставната насока, а студентот бира најмалку еден дополнителен со кој се дефинира понатамошната насока и истата е заменета со забелешката дека од понудените изборни предмети од листа 1, студентот бира еден со кој се дефинира понатамошната насока.

5. Користи компаративни искуства во функција на развојот на наставните содржини по предметот општа и компаративна книжевност.

6. Поседува стручно-професионални способности за проверка и оценување на знаењето и на постигнувањето на учениците.

7. Одговорно и стручно учествува во реализирањето и креирањето на наставните планови и програми по предметот општа и компаративна книжевност. Поседува медијаторски способности и е оспособен за индивидуална и тимска работа, како и способност за работа со родители, со воспитно-образовни институции и сл.

8. Умее да ги дозира информациите и функционализирање на времето.

9. Поседува вештини за креативно дизајнирање и редизајнирање на воспитно-образовната средина.

10. Располага со знаења за индивидуален пристап во реализирање на активностите со учениците.

11. Ги почитува мултикултурноста и мултијазичноста.“ [54]

## 6.2. Анализа на студиската програма за ***Македонски јазик и книжевност*** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

Студиската програма за групата ***Македонски јазик и книжевност*** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип „е структурирана како високо интердисциплинарна студиска програма. Студиската програма е конципирана да образува високо компетентни стручни кадри со знаење и вештини кои одговараат на општествените потреби и кои се во согласност со тенденциите во областа на современата лингводидактика и образованието во целина. Студиската програма треба да им овозможи на студентите темелни знаења кои би ги оспособиле да работат во основни, средни

---

[54] Универзитет„Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2013). *Предлог проект за усогласување на студиските програми од прв циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со Законот за високо образование*, Општа и компаративна книжевност, Скопје, стр. 16. >http://flf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2018/03/ОПШТА-И-КОМПАРАТИВНА-КНИЖЕВНОСТ-2013.pdf< Пристапено на : 13.4.2018 г.

стручни школи и гимназии како професори по македонски јазик и книжевност, професори по македонски јазик како странски јазик, да извршуваат дејности во областа на применетата лингвистика и да продолжат со усовршување на стекнатите знаења и вештини на постдипломски и докторски студии. Исто така, цел на студиската програма е да стимулира способност за критичко мислење, да развива способност за тимска работа, комуникативност, кооперативност, развивање на свест кај студентите за потребата од перманентно образување.“ [55]

Задолжителни предмети на студиската програма за групата Македонски јазик и книжевност – наставна насока во **првиот** семестар (I година) се следниве предмети: фонологија на СМЈ со правопис и правоговор, старословенски јазик и предметот народна книжевност. Фондот на часови за сите три предмета е ист и изнесува 2 + 2 + 1, односно два часа предавања неделно, два часа вежби, еден час консултации. Сите три предмета носат по шест (6) кредити. Студентите во првиот семестар учат уште три предмети, од кои првиот е изборен факултетски предмет од листа бр. 1-1, вториот е изборен факултетски предмет од листа бр. 1-2, а третиот е предметот спорт и рекреација. Фондот на часови за првите два предмета е ист и изнесува 2 + 2 + 1 и истите носат по шест (6) кредити. Фондот на часови за предметот спорт и рекреација изнесува 0 + 0 + 2 и тој не носи кредити.

Задолжителни предмети во **вториот** семестар (I година) се предметите: морфологија на СМЈ, историја на македонскиот јазик и предметот средновековна книжевност. Фондот на часови за сите три предмета е ист и изнесува 2 + 2 + 1, односно два часа предавања неделно, два часа вежби, еден час консултации. Сите три предмета носат по шест (6) кредити. Студентите во овој семестар учат уште три предмети од кои првиот е изборен факултетски предмет од листа бр. 2-1, вториот е изборен универзитетски предмет од листа бр. 9, а третиот е предметот практична настава. Фондот на часови за изборниот факултетски предмет изнесува 2 + 2 + 1 и истиот носи шест (6) кредити. Фондот на часови за изборниот универзитетски предмет од листа бр. 9 изнесува 0 + 0 +4 и истиот носи

[55] Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Филолошки факултет (2017). *Информатор за студенти за студиската 2017/2018 година*. Штип. >http://www.ugd.edu.mk/documents/studiski-programi/2017/1-ciklus/ff.pdf< Пристапено на: 17.4.2018 г.

четири (4) кредити. Фондот на часови за предметот практична настава изнесува 0 + 0 + 2 и носи два (2) кредита. Практичната настава, всушност, претставува задолжителна реализација за премин во следна студиска година и истата се изведува 30 дена.

Задолжителни предмети во **третиот** семестар (II година) се следниве предмети: теорија на книжевноста, книжевност за деца и предметот вовед во науката за јазикот. Фондот на часови за сите три предмета е ист и изнесува 2 + 2 + 1, односно два часа предавања неделно, два часа вежби, еден час консултации. Сите три предмета носат по шест (6) кредити. Студентите во третиот семестар учат уште два предмета од кои првиот е изборен факултетски предмет од листа бр. 3-1, а вториот е изборен факултетски предмет од листа бр. 3-2. Фондот на часови за овие два предмета е ист и изнесува 2 + 2 + 1 и истите носат по шест (6) кредити.

Задолжителни предмети во **четвртиот** семестар (II година) се следниве предмети: лингвистика, светска книжевност и предметот споредбена граматика на словенските јазици. Фондот на часови за сите три предмета е ист и изнесува 2 + 2 + 1, односно два часа предавања неделно, два часа вежби, еден час консултации. Сите три предмета носат по шест (6) кредити. Студентите во овој семестар учат уште три предмети од кои првиот е изборен факултетски предмет од листа бр. 4, вториот е изборен универзитетски предмет од листа бр. 9, а третиот е предметот практична настава. Фондот на часови за изборниот факултетски предмет изнесува 2 + 2 + 1 и истиот носи шест (6) кредити. Фондот на часови за изборниот универзитетски предмет од листа бр. 9 изнесува 0 +0 + 4 и истиот носи четири (4) кредити. Фондот на часови за предметот практична настава изнесува 0 + 0 + 2 и носи два (2) кредита. Практичната настава, всушност, претставува задолжителна реализација за премин во следна студиска година и истата се изведува 30 дена.

Задолжителни предмети во **петтиот** семестар (III година) се предметите: српска книжевност, дијалектологија и методика на наставата по македонски јазик 1. Фондот на часови за сите три предмета е ист и изнесува 2 + 2 + 1, односно два часа предавања неделно, два часа вежби, еден час консултации. Сите три

предмета носат по шест (6) кредити. Студентите во петтиот семестар учат уште два предмета од кои првиот е изборен факултетски предмет од листа бр. 5-1, а таков предмет за студиската група македонски јазик и книжевност (наставна насока) е предметот психологија и истиот е задолжителен за оваа студиска група. Вториот е изборен факултетски предмет од листа бр. 5-2. Фондот на часови за предметот психологија  изнесува 2 + 2 + 1 и носи  шест (6) кредити, а фондот на часови за изборниот факултетски предмет од листа бр. 5-2 изнесува 2 + 2 + 1 и истиот носи шест (6) кредити.

Задолжителни предмети во **шестиот** семестар (III година) се предметите: методика на наставата по книжевност 2, македонската книжевност во 19-тиот век и предметот хрватска книжевност. Фондот на часови за сите три предмета е ист и изнесува 2 + 2 + 1, односно два часа предавања неделно,  два часа вежби,  еден час консултации. Сите три предмета носат по шест (6) кредити. Студентите во овој семестар учат уште три предмети од кои првиот е изборен факултетски предмет од листа бр. 6, вториот е изборен универзитетски  предмет од листа бр. 9, а третиот е  предметот практична настава. Фондот на часови за изборниот факултетски предмет од листа бр. 6 изнесува 2 + 2 + 1 и истиот носи шест (6) кредити. Фондот на часови за изборниот универзитетски предмет од листа бр. 9 изнесува 0 + 0 + 4 и истиот носи четири (4) кредити. Фондот на часови за предметот практична настава изнесува 0 + 0 + 2 и  носи два (2) кредита. Практичната настава, всушност, претставува задолжителна реализација за премин во следна студиска година и истата се изведува 30 дена.

Задолжителни предмети во **седмиот** семестар (IV година) се следниве предмети:  методика на наставата по македонски јазик 3, синтакса на современиот македонски јазик и предметот современа македонска книжевност 1. Фондот на часови за сите три предмета е ист и изнесува 2 + 2 + 1, односно два часа предавања неделно,  два часа вежби,  еден час консултации. Сите три предмета носат по шест (6) кредити. Студентите во седмиот семестар учат уште два предмета од кои првиот е изборен факултетски предмет од листа бр. 7-1, а таков предмет за студиската група македонски јазик и книжевност (наставна насока) е предметот педагогија и истиот е задолжителен за оваа студиска група. Вториот е изборен факултетски предмет од листа бр. 7-2. Фондот на часови за предметот

педагогија изнесува 2 + 2 + 1 и носи шест (6) кредити, а фондот на часови за изборниот факултетски предмет од листа бр. 7-2 изнесува 2 + 2 + 1 и истиот носи шест (6) кредити.

Задолжителни предмети во **осмиот** семестар (IV година) се предметите: методика на наставата по книжевност 4 и современа македонска книжевност 2. Фондот на часови за овие два предмета е ист и изнесува 2 + 2 + 1, односно два часа предавања неделно, два часа вежби, еден час консултации. И двата предмета носат по шест (6) кредити. Студентите во овој семестар учат уште три предмети од кои првиот е изборен факултетски предмет од листа бр. 8, вториот е изборен универзитетски предмет од листа бр. 9, а третиот е предметот практична настава – интердисциплинарен проект. Фондот на часови за првиот предмет (изборен факултетски предмет од листа бр. 8) изнесува 2 + 1 + 1 и истиот носи четири (4) кредити. Фондот на часови за изборниот универзитетски предмет од листа бр. 9 изнесува 0 + 0 + 4 и истиот носи четири (4) кредити. Практичната настава – интердисциплинарен проект е вреднувана со 4 ЕКТС. За неа има предвидено ментор кој треба да биде од редот на стручните предмети на факултетот. Практичната настава се изведува два дена во неделата по четири (4) часа или еден ден во неделата по осум (8) часа. Во осмиот семестар студентите имаат и дипломски труд и истиот носи шест (6) кредити.

По завршувањето на додипломските студии на групата Македонски јазик и книжевност (наставна насока) студентите добиваат диплома: ***професор по македонски јазик и книжевност.***

6.3. Анализа на студиската програма за ***Македонски јазик и книжевност*** на Педагошкиот факултет – Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола

Студиската програма за ***Македонски јазик и книжевност*** на Педагошкиот факултет – Битола, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, е во времетраење од четири (4) студиски години, односно осум (8) семестри. За успешно завршување на студиската програма студентите треба да стекнат најмалку 240 ЕКТС кредити.

Предметите на студиската програма се категоризирани во три основни групи, и тоа: ,,задолжителни предмети, изборни предмети што студентите самостојно ги избираат од редот на сите наставни предмети застапени на единицата на Универзитетот и изборни наставни предмети што студентите самостојно ги избираат од листата слободни изборни предмети, предложена од секоја единица на Универзитетот посебно.“ [56]

Студентите во секоја студиска година задолжително посетувааат ,,практична настава (30 дена годишно, т.е. 3 предмети со назив педагошка практика и еден предмет – методичка практика по македонски јазик и книжевност) која во оваа студиска програма и статус на предмет носи шест (6) кредити (само во еден семестар – 5 ЕКТС).“ [57] Практичната настава е еден од условите за запишување наредна студиска година.

,,Со студиската програма се предвидени вкупно 25 задолжителни предмети, коишто на студентот му обезбедуваат 143 кредити. Бројот на изборни предмети што студентите самостојно ги избираат од редот на сите наставни предмети застапени на единицата на Универзитетот изнесува 13, коишто на студентот му обезбедуваат 74 кредити, додека бројот на изборните наставни предмети што студентите самостојно ги избираат од листата слободни изборни предмети, предложена од секоја единица на Универзитетот посебно изнесува 4 и тие на студентот му овозможуваат 23 кредити. Исто така, студентот има обврска да изработи и јавно да брани дипломски труд, којшто се вреднува со шест (6) кредита.“ [58]

---

[56] Универзитет ,,Св. Климент Охридски“ – Битола, Педагошки факултет – Битола (2016). *Елаборат за повторна акредитација на студиската програма по македонски јазик и книжевност - прв циклус четиригодишни универзитетски*, Битола, стр. 23. >http://pfbt.uklo.edu.mk/images/МАКЕДОНСКИ%20ЈАЗИК%20И%20КНИЖЕВНОСТ.%202016.pdf< Пристапено на: 18.4.2018 г.

[57] Исто, стр. 23.

[58] Универзитет ,,Св. Климент Охридски“ – Битола, Педагошки факултет – Битола (2016). *Елаборат за повторна акредитација на студиската програма по македонски јазик и книжевност - прв циклус четиригодишни универзитетски*, Битола, стр. 23. >http://pfbt.uklo.edu.mk/images/МАКЕДОНСКИ%20ЈАЗИК%20И%20КНИЖЕВНОСТ.%202016.pdf< Пристапено на: 18.4.2018 г.

Задолжителни предмети на оваа студиска група во **првиот** (I) семестар се предметите: фонетика и фонологија на современиот македонски јазик (СМЈ), теорија на книжевноста и предметот психологија. Фондот на часови неделно за сите три предмета е ист и изнесува 3 + 1, односно три часа предавања неделно + еден час вежби. Сите три предмета носат по шест (6) кредити. Студентите во овој семестар учат еден изборен предмет (при што им се дава можност да одберат еден изборен предмет од понудени четири изборни предмети) и уште еден изборен предмет (при што им се дава можност да одберат еден изборен предмет од понудени два). Вкупниот фонд на часови за овие предмети е ист и изнесува 3 + 1 и истите носат по шест (6) кредити. Основни цели (компетенции) на предметот психологија (задолжителен предмет во прв семестар) се следните: познавање и разбирање на психолошките законитости и потреби на поединецот; организирање на активно и самостојно учење и подготовка на учениците за ефикасно учење; синтетичко, аналитичко, креативно мислење, како и решавање на проблемите; познавање и разбирање на теоретските основи на советодавната работа; флексибилно користење на знаењето во пракса; подготовка за проверка и оценување на знаењето и достигнувањата на учениците, како и формирање на повратни информации за училишната работа; способност за комуникација, соработка – тимска работа; оспособување за проверка и оценување на знаење и достигнување на учениците, како и формирање на повратни информации; автономност, (само)критичност, (само)проценување, (само)евалуација и придонесување за квалитет; организација на активно и самостојно учење, оспособување на учениците за ефикасно учење; совладување на постапките и принципите на советодавната работа и планирање, како и изведување на интервенциските програми; разбирање и користење на курикуларните теории како општото и дидактичкото знаење на предметното подрачје.

Задолжителни предмети во **вториот** семестар (I година) се предметите: педагошка практика, морфологија на СМЈ и предметот народна книжевност. Фондот на часови за предметите морфологија на СМЈ и народна книжевност е ист и изнесува 3 + 1, односно три часа предавања неделно + еден час вежби. Овие два предмета носат по шест (6) кредити. Фондот на часови за предметот педагошка практика изнесува 0 + 8 и истиот носи шест (6) кредити.

Студентите во овој семестар учат уште два изборни предмети (за секој од нив им се дава можност да изберат еден од понудени четири предмети). Овие два изборни предмети носат по шест (6) кредити, а вкупниот фонд на часови неделно за овие предмети изнесува 3 + 1. Основни цели (компетенции) на предметот педагошка практика (задолжителен предмет во вториот семестар) се следните: запознавање со училишната клима, култура, организација и воннаставните активности во основното училиште, запознавање со административната, стручната, воннаставната и наставната дејност во основното училиште.

Задолжителни предмети во **третиот** семестар (II година) се следниве предмети: лексикологија со фразеологија на СМЈ, книжевност за деца и предметот преглед на литературата од 9 до 19 век и 19 век. Студентите во овој семестар учат уште два изборни предмети (за секој од нив им се дава можност да изберат еден од понудени два предмети). Овие два изборни предмети носат по шест (6) кредити, а вкупниот фонд на часови неделно за овие предмети изнесува 3 + 1.

Задолжителни предмети во **четвртиот** семестар (II година) се следниве предмети: педагошка практика, педагогија, зборообразување во СМЈ и предметот светска книжевност. Вкупниот фонд на часови за предметот педагошка практика изнесува 0 + 6 и истиот носи пет (5) кредити. Вкупниот фонд на часови за останатите три предмета е ист и изнесува 3 + 1, односно по три часа предавања неделно + еден час вежби. Сите три предмета носат по пет (5) кредити. Студентите во овој семестар учат и еден изборен предмет (при што им се дава можност да одберат еден предмет од понудени четири изборни предмети) и уште еден изборен предмет (при што им се дава можност да одберат еден од понудени три изборни предмети). Овие два изборни предмети носат по пет (5) кредити, а вкупниот фонд на часови неделно за овие предмети изнесува 3 + 1. Наставниот предмет педагогија (задолжителен предмет во четвртиот семестар), пред сè, придонесува кон развојот на следните општи и специфични компетенции: познавање и разбирање на основните педагошки поими; способност за согледување на меѓусебната поврзаност меѓу поимите, појавите и процесите во педагошката дејност; оспособување за анализа на промените во педагошката сфера; согледување на основите на педагошкото делување во

воспитно-образовните институции; формирање на целосна слика за комплексниот карактер на педагошкото работење.

Задолжителни предмети во **петтиот** семестар (III година) се предметите: дидактика, нова јужнословенска литература и синтакса на СМЈ. Фондот на часови за сите три предмета е ист и изнесува 3 + 1, односно три часа предавања неделно + еден час вежби. Сите три предмета носат по пет (5) кредити. Студентите во петтиот семестар учат уште три предмети, и тоа еден изборен предмет од листата на Универзитетот ,,Св. Климент Охридски“ (УКЛО), и уште два изборни предмети (за секој од овие два предмета на студентот му се дава можност да избере еден предмет од понудени три). Фондот на часови за сите три предмети е ист и изнесува 3 + 1. Сите три предмети носат по пет (5) кредити. Основни цели (компетенции) на предметот дидактика (задолжителен предмет во четвртиот семестар) се следните: студентот реализира дидактичка артикулација на процесот на учење во наставата; студентот ја планира, подготвува, ја реализира и ја евалуира наставата и учењето; студентот е автономен при реализацијата на курикулумот; студентот ги знае, разликува, применува и ги критикува целите на наставата и учењето; студентот ги препознава, разликува, избира и ги критикува планирањето и примената на оперативните елементи на наставата (форми и методи на наставна работа, дидактички принципи, наставни средства); студентот ги планира, ги реализира и ги евалуира наставните и воннаставните активности; студентот креира и се справува со промените во училницата, наставата и учењето; студентот планира рефлексивно поучување.

Задолжителни предмети во **шестиот** семестар (III година) се предметите: педагошка практика, методика на наставата по македонски јазик и предметот лингвостилистика. Фондот на часови за предметот педагошка практика изнесува 0 + 8 и истиот носи шест (6) кредити. Фондот на часови за другите два предмета изнесува 3 + 1. И овие два предмета носат по шест (6) кредити. Студентите во овој семестар учат уште два предмета,и тоа еден изборен предмет од листата на УКЛО и еден изборен предмет (студентите избираат еден од понудени три изборни предмети). Фондот на часови за овој изборен предмет изнесува 3 + 1 и истиот носи шест (6) кредити. Основна цел (компетенција) на предметот педагошка практика (задолжителен предмет во шестиот семестар) е запознавање на

студентите, односно на идните наставници со наставната дејност по македонски јазик во основното и средното училиште. Основна цел (компетенција) на предметот методика на наставата по македонски јазик е оспособување на студентите, односно на идните наставници за планирање и реализација на наставата по македонски јазик во основното и средното училиште.

Задолжителни предмети во **седмиот** семестар (IV година) се следниве предмети: методика на наставата по книжевност, оценување на учениците и предметот нова јужнословенска литература. Фондот на часови за сите три предмета е ист и изнесува 3 + 1, односно три часа предавања неделно + еден час вежби. Сите три предмета носат по шест (6) кредити. Студентите во седмиот семестар учат уште два предмета, и тоа еден изборен предмет од листата на УКЛО и еден изборен предмет (студентите избираат еден од понудени три изборни предмети). Фондот на часови за овие предмети е ист и изнесува 3 + 1. И двата предмета носат по шест (6) кредити. Основни цели (компетенции) на предметот методика на наставата по книжевност (задолжителен предмет во седмиот семестар) се следните: „студентот да ги знае, разбира и применува принципите и методите во наставата по книжевност; ја знае, разбира, применува, анализира, синтетизира и вреднува структурата на часот по книжевност во зависност од возраста на учениците; го планира, програмира, реализира и вреднува часот по книжевност почитувајќи го принципот креативност во наставата; ги определува барањата и нормите на кои треба да одговараат дидактичките материјали (учебниците, прирачниците и наставните средства); применува соодветни форми на оценување и следење на развојот и достигнувањата на учениците и успешно изработува инструменти за таа намена; способен е критички да пристапи кон анализа на одржан час; развива истражувачки однос кон методиката; употребува информациско-комуникациска технологија во организирањето на наставните часови“ [59]. Основна цел (компетенција) на наставниот предмет оценување на учениците (задожителен предмет во седмиот семестар) е студентите, односно

[59] Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Педагошки факултет – Битола (2016). *Елаборат за повторна акредитација на студиската програма по македонски јазик и книжевност - прв циклус четиригодишни универзитетски*, Битола, стр. 155. >http://pfbt.uklo.edu.mk/images/МАКЕДОНСКИ%20ЈАЗИК%20И%20КНИЖЕВНОСТ.%202016.pdf< Пристапено на: 18.4.2018 г.

идните наставници да се запознаат со научните сознанија од областа на оценувањето на воспитно-образовниот процес и да се оспособат за научна и практична имплементација на стекнатите знаења.

Задолжителни предмети во **осмиот** семестар (IV година) се предметите: методичка практика во наставата по македонски јазик и литература, библиотекарство и предметот дипломски испит. Фондот на часови за предметот методичка практика во наставата по македонски јазик и литература изнесува 0 + 8 и истиот носи шест (6) кредити.

Фондот на часови за предметот библиотекарство изнесува 3 + 1 и истиот носи шест (6) кредити. Фондот на часови за предметот дипломски испит изнесува 1 + 2. И овој предмет носи шест (6) кредити. Студентите во осмиот семестар учат уште два предмета, и тоа еден изборен предмет од листата на УКЛО и еден изборен предмет (студентите избираат еден од понудени три изборни предмети). Вкупниот фонд на часови за овие предмети е ист и изнесува 3 + 1. И двата предмета носат по шест (6) кредити. Основна цел (компетенција) на предметот методичка практика во наставата по македонски јазик и литература (задолжителен предмет во осмиот семестар) е оспособување на студентите, односно идните наставници за планирање и реализација на наставата по македонски јазик и литература во основното и средното училиште.

Студентот кој ќе ги заврши сите обврски предвидени со студиската програма се стекнува со звање ***професор по македонски јазик и книжевност***.

*    *    *

Од направената анализа на студиските програми: *Македонски јазик, Македонска книжевност и јужнословенски книжевности* и на студиската програма *Општа и компаративна книжевност* при Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" – Скопје се забележува дека идните наставници по предметот македонски јазик своите педагошки компетенции почнуваат да ги стекнуваат во втората година од нивното студирање, односно во третиот и четвртиот семестар, изучувајќи ги задолжителните предмети – психологија и педагогија. Со педагошки компетенции се стекнуваат и во трета година, изучувајќи ги предметите методика на наставата по македонски јазик 1 (петти семестар) и методика на наставата по македонски јазик 2 (шести семестар), како и во четврта година, изучувајќи ги предметите методика на наставата по книжевност 1 (седми семестар) и методика на наставата по книжевност 2 (осми семестар).

Од анализата на студиската програма *Македонски јазик и книжевност* (наставна насока) на Филолошкиот факултет при Универзитетот ,,Гоце Делчев" се забележува дека студентите со педагошки компетенции почнуваат да се стекнуваат во вториот семестар, преку предметот практична настава; во четвртиот семестар, преку истиот предмет; во петтиот семестар преку предметите методика на наставата по македонски јазик 1 и психологија, и во шестиот семестар, преку предметите методика на наставата по книжевност 2 и практична настава. Предметот практична настава, всушност, претставува задолжителна реализација за премин во следна студиска година и истиот се изведува 30 дена. Со педагошки компетенции идните наставници продолжуваат да се стекнуваат и во седмиот семестар, преку изучувањето на предметите методика на наставата по македонски јазик 3 и педагогија, како и во осмиот семестар преку предметот методика на наставата по книжевност 4 и предметот практична настава – интердисциплинарен проект.

Од анализата на студиската програма по *Македонски јазик и книжевност* на Педагошкиот факултет – Битола при Универзитетот ,,Св. Климент Охридски" – Битола се забележува дека идните наставници со педагошки компетенции почнуваат да се стекнуваат уште во првиот семестар, преку изучувањето на

предметот психологија; во вториот семестар, преку предметот педагошка практика; во четвртиот семестар, преку предметите педагошка практика и педагогија; во петтиот семестар, преку изучувањето на предметот дидактика; во шестиот семестар, преку предметите педагошка практика и методика на наставата по македонски јазик; во седмиот семестар, преку предметите методика на наставата по книжевност и оценување на учениците и во осмиот семестар, преку предметот методичка практика во наставата по македонски јазик и литература.

Доколку се направи споредба меѓу студиски програми на сите три гореспоменати факултети, може да се констатира дека студентите кои студираат на Филолошкиот факултет при Универзитетот ,,Гоце Делчев“ – Штип, како и студентите на Педагошкиот факултет – Битола при Универзитетот ,,Св. Климент Охридски“ – Битола, своите педагошки компетенции почнуваат да ги стекнуваат уште во првата година од нивното студирање за разлика од студентите кои студираат на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески“, кои со педагошки компетенции започнуваат да се стекнуваат во втората година од студирањето.

## 7. Анализа на наставниот план за деветгодишно основно образование за учебната 2017/2018 година и на наставните програми по предметот македонски јазик за 6-то, 7-мо, 8-мо, 9-то одделение на деветгодишното основно образование

Мошне важен и клучен момент при реализација на наставата во училиштето е подготовката на учителот/наставникот/професорот за неа. Главни и основни документи на кои се темели наставата во секое училиште се наставниот план и програма. Со наставниот план и наставната програма се одредуваат содржините и временските рамки за реализација на образовниот процес.

Постојат повеќе дефиниции за тоа што претставуваат наставниот план и наставната програма, па така, според ***Педагошки лексикон***, наставниот план претставува ,,основен документ со кој се утврдуваат наставните предмети кои се

учат во одредена образовна институција, нивниот распоред по наставни години, неделниот и годишниот фонд на часови за секој предмет“. [60]

Според истиот извор, наставната програма претставува ,,документ со кој се одредува содржината на наставните предмети, обемот и сложеноста на знаењата и навиките со кои учениците треба да се стекнат во текот на школската година, редоследот и логичноста на излагањата на она што е предвидено со наставното градиво, а што по обем и тежина треба да биде во склад со возраста и претходно стекнатото знаење на учениците.“ [61]

Дефиниција за тоа што претставува наставниот план има и во ***Педагошка енциклопедија 2***. Во неа е дадена следната дефиниција за тоа што претставува наставниот план: ,,Наставен план /curriculum, study plan; horaire, Lehrplan, учебный план/ – школски документ во кој во облик на табела се пропишуваат воспитно-образовните подрачја, односно наставните предмети кои ќе се изучуваат во одредено училиште, потоа редоследот на проучување на тие подрачја или предмети по одделенија, како и неделниот број на часови за одделни подрачја или предмети.“ [62]

Во ***Педагошка енциклопедија 2*** е дадена и дефиниција за тоа што претставува наставната програма: ,,Наставна програма /curriculum; programme scolaire; Lehr pragramm; учебная программа/ – школски документ со кој се пропишуваат опсегот, длабочината и редоследот на наставните содржини во одделен наставен предмет... наставната програма претставува конкретизација на наставниот план.“ [63]

---

[60]*Педагошки лексикон* (1996). Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, стр. 312.

[61]*Педагошки лексикон* (1996). Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, стр. 312 – 313.

[62] *Pedagoška enciklopedija 2* (1989). N.Potkonjak, P. Šimpleša (red.), Beograd: Zavod za udžbenike I nastavna sredstva, стр.99.

[63] *Pedagoška enciklopedija 2* (1989). N.Potkonjak, P. Šimpleša (red.), Beograd: Zavod za udžbenike I nastavna sredstva, стр.101.

Во Република Македонија поимите наставен план и наставни програми за деветгодишното основно образование се спомнуваат во Законот за основно образование.

**Членот 25** од Законот за основното образование (консолидиран текст) гласи:

„ (1) Министерот ја утврдува Концепцијата за основно воспитание и образование, врз основа на која се донесуваат наставниот план и наставните програми за основно образование ( во понатамошниот текст: наставен план и програми).

(2) Во основното училиште воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми, кои, на предлог на Бирото за развој на образованието, ги утврдува министерот.

(3) Наставниот план за основното училиште содржи задолжителни и изборни предмети, дополнителна и додатна настава, како и часови за одделенската заедница.

(4) Со наставниот план се определува годишниот и неделниот број на часови за наставата одделно по задолжителните и изборните предмети, нивниот редослед по одделенија, бројот на неделните часови за дополнителна настава, часовите за додатна настава и часот за одделенската заедница.

(5) Со наставните програми се определуваат наставните цели, содржините, основните поими, активностите и методите во наставата, оценувањето на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.

(6) Со наставните програми се определува задолжителното користење на информатичко-комуникациските технологии во училиштето за реализација на воспитно-образовната работа.“ [64]

---

[64] Закон за основното образование – консолидиран текст („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014,10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 и 127/2016).

**Наставниот план за деветгодишното основно образование за учебната 2017/2018 година** се состои од задолжителни и изборни предмети. Предметот македонски јазик има статус на задолжителен наставен предмет. Истиот учениците го изучуваат уште од прво одделение. Според наставниот план за деветгодишното основно образование, овој предмет од прво до трето одделение се изучува со по шест (6) часа неделно, односно 216 часа годишно. Во четврто и во петто одделение предметот македонски јазик се изучува со по пет (5) часа неделно, односно 180 часа годишно. Во шесто, седмо, осмо и во деветто одделение предметот македонски јазик се изучува со по четири (4) часа неделно, односно 144 часа годишно.

Според наставниот план за деветгодишното основно образование за учебната 2017/2018 година, учениците од другите заедници предметот македонски јазик започнуваат да го изучуваат во четврто одделение, и тоа со по два (2) часа неделно, односно 72 часа годишно. И за петто одделение е предвидено учениците да го изучуваат овој предмет со по два (2) часа неделно, односно 72 часа годишно. Во шесто и во седмо одделение овој предмет се изучува со по три (3) часа неделно, односно 108 часа годишно, а во осмо и во деветто одделение за изучување на предметот македонски јазик за учениците од другите заедници се предвидени два (2) часа неделно, односно 72 часа годишно.

Според **наставната програма за предметот македонски јазик за VI одделение за деветгодишното основно образование**, по наставни подрачја се предлага следниот фонд на часови, и тоа: за наставното подрачје **јазик** се предлагаат 50 часа. Исто така, и за наставното подрачје **литература и лектира** се предлагаат 50 часа. За наставното подрачје **изразување и творење** се предлагаат 34 часа, а за наставното подрачје **медиумска култура** – 10 часа.

Според наставната програма, основни цели на наставата по предметот македонски јазик за VI одделение се следните:

– учениците да се оспособат да ги препознаваат и да ги разликуваат основните карактеристики на македонскиот јазик во неговиот историски развој;
– учениците да се оспособат да ги разликуваат видовите согласки и самогласки во писменото и во усното изразување;

– учениците да се оспособат да го применуваат правилото за зборовно акцентирање во македонскиот стандарден јазик;

– учениците да се оспособат да развиваат сложена од проста реченица и да направат проста од сложена;

– учениците да разликуваат зборови со различно лексичко значење во усната и писмената комуникација;

– учениците да ги усвојуваат основните поими кои ја карактеризираат драмата како книжевен вид/род;

– учениците да се запознаат со основните карактеристики на лирските и епските творби;

– учениците да се оспособуваат да учествуваат во разговор, дискусија во различни улоги;

– учениците да ги разликуваат главните и споредните улоги во театарска претстава;

– учениците да знаат кој учествува во создавање на театарска претстава.

Покрај овие основни цели, во наставната програма по предметот македонски јазик за VI одделение се наведени и конкретни цели на наставата по овој предмет, и тоа за секое програмско подрачје поединечно, а тоа се програмското подрачјето **јазик** (во кое се опфатени содржини од фонетика, морфологија, синтакса, речник и стил, правопис и поими како што се: старословенски јазик, глаголица, кирилица; самогласки, согласки, сонанти, акцент; видови зборови, именки, глаголски именки, заменски придавки, односни придавки, лични и показни заменки; главни реченични членови – подмет и прирок; прилошки определби за место, начин и време; сложена реченица; пароними; скратеници, слеано пишување на зборовите, интерпункциски знаци – точка, запирка, прашалник, две точки), **литература и лектира** (во кое се опфатени содржини од проза и поезија и поими како што се: литературните родови лирика, епика и драма; содржина на текст, наратор, дијалог и монолог во драмски текст; видови лирски песни, стилски фигури: епитет, анафора, епифора, лирско-епски песни), **изразување и творење** (со содржини од усно и писмено изразување и поими од видот на разговор; прераскажување, раскажување, опишување, лик и личност; драматизација,

диктат, писмени работи) и програмското подрачје **медиумска култура** (во кое се опфатени содржини и поими како што се: видови медиуми – електронски и печатени; весници, списанија и рубрики; режисер, актер, костимограф, сценограф; медиотека).

**Наставната програма по предметот македонски јазик за VII одделение за деветгодишното основно образование** ,,е конципирана според барањата на современите методи за стекнување знаења и способности на учениците, па така неопходно е, пред сѐ, да се примени принципот на корелација и интеграција во самата наставна програма меѓу сите програмски подрачја, а особено меѓу програмските подрачја **јазик** и **литература**, што значи врз примери од литературни текстови да се применуваат и да се проверуваат здобиените знаења од подрачјето **јазик**". [65]

Според наставната програма за предметот македонски јазик за VII одделение за деветгодишното основно образование, по наставни подрачја се предлага следниот фонд на часови, и тоа: за наставното подрачје **јазик** се предлагаат 50 часа. Исто така, и за наставното подрачје **литература и лектира** се предлагаат 50 часа. За наставното подрачје **изразување и творење** се предлагаат 34 часа, а за наставното подрачје **медиумска култура** – 10 часа.

Според наставната програма, основни цели на наставата по предметот македонски јазик за VII одделение се следните:

– учениците да се оспособат да прават разлика меѓу основните карактеристики на македонскиот јазик во неговиот историски развој, црковнословенските варијанти и појавата на македонските дијалекти;

– учениците да се оспособат да ги разликуваат видовите согласки (според начинот на образување) и слоговното **р** во писменото и усното изразување;

[65] *Наставна програма, Македонски јазик за VII одделение, Деветгодишно основно образование* (2008). Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, стр. 15.

– учениците да го применуваат правилото за зборовно акцентирање во македонскиот стандарден јазик во сложените зборови и броевите и правилата за отстапување од третосложното акцентирање;

– учениците да ги разликуваат зборовите од именската група зборови (именки, придавки, заменки и броеви), нивните заеднички и одделни граматички категории;

– учениците да ги разликуваат граматичките категории (вид, лице, време, број) кај глаголите;

– учениците да ги разликуваат основните (главните реченични членови) и второстепените членови на реченицата;

– учениците да ги разликуваат зборовите со различно лексичко значење во усната и писмената комуникација;

– учениците да се оспособат за правење разлика и композициска анализа на меѓуавторска и народна поезија (стих, строфа, рима и видови рима);

– учениците да ги класифицираат лирските песни според митовите;

– учениците да прават разлика меѓу мит, легенда и предание;

– учениците да разликуваат фабула од содржина и формите на раскажување (1 лице и 3 лице сезнаечки раскажувач);

– учениците да ги препознаваат карактеристиките на трагедијата и комедијата, современата драма и радиодрамата.

Покрај овие основни цели, во наставната програма по предметот македонски јазик за VII одделение се наведени и конкретни цели на наставата по овој предмет, и тоа за секое програмско подрачје поединечно, а тоа се програмското подрачје **јазик** (во кое се опфатени содржини од фонетика, морфологија, синтакса, речник и стил; правопис и поими како што се: варијанти на старословенскиот јазик; соглски, самогласно **р**, акцент; именски групи зборови, именки, граматички категории кај именките – род и број, еднина, видови множина, граматичките категории кај глаголите и кај придавките, броеви, граматички категории кај броевите; глагол во лична глаголска форма, предмет, атрибут; хомоними, неологизми; интерпункциски знаци), **литература и лектира** (во кое се опфатени содржини од поезија и проза и поими како што се: авторска и народна поезија, мотив, композиција на песна, стилски фигури –

ономатопеја, компарација и метафора; фабула, тема, идеја, сезнаечки раскажувач; мит, легенда и преданија; комедија, трагедија, современа драма, радиодрама, лектири), **изразување и творење** (со содржини од усно и писмено изразување и поими од видот на разговор; прераскажување, раскажување, опишување, соопштение и вест, писмени работи) и програмското подрачје **медиумска култура** (во кое се опфатени содржини и поими како што се: видови филмови, анимиран филм, куклена претстава, документарен филм, радио и ТВ-емисии, делови на печатено дело: пасус, предговор, поговор, глава, том).

**Наставната програма по предметот македонски јазик за VIII одделение за деветгодишното основно образование** „е конципирана со примена на принципот на корелација и интеграција во самата наставна програма меѓу сите програмски подрачја, а особено меѓу програмските подрачја **јазик** и **литература**, што значи врз примери од литературни текстови да се применуваат и да се проверуваат здобиените знаења од јазик, правопис и правоговор“.[66]

Според наставната програма за предметот македонски јазик за VIII одделение, по наставни подрачја се предлага следниот фонд на часови, и тоа: за наставното подрачје **јазик** се предлагаат 50 часа, за наставното подрачје **литература и лектира**, исто така, се предлагаат 50 часа, за наставното подрачје **изразување и творење** се предлагаат 34 часа, а за наставното подрачје **медиумска култура** – 10 часа.

Основни цели на наставата по предметот македонски јазик за VIII одделение, според наставната програма, се следните:

– учениците да ги разликуваат основните карактеристики на македонскиот јазик во XIX век и неговиот развој;
– учениците да се поттикнат правилно да ги употребуваат акцентските целости во македонскиот литературен (стандарден) јазик;
– учениците да ги разликуваат и правилно да ги употребуваат глаголските форми (безлични и нелични);

[66] *Наставна програма, Македонски јазик за VIII одделение, Деветгодишно основно образование* (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, стр. 14.

– учениците да се оспособат да ги разликуваат простите (временски, начински и нелични) и сложените глаголски форми;

– учениците да се оспособат правилно да ги употребуваат неменливите зборови (прилози, предлози, сврзници);

– учениците да ги разликуваат независносложените реченици во рамките на сложената реченица;

– учениците да ги разликуваат зборовите според нивното потекло (домашни и странски);

– учениците да се оспособат правилно да го применуваат правописот на одделни форми (при употребата на: ј, љ, њ, в, ф, џ, ќ, ѓ, х);

– учениците да се оспособат да ги разликуваат и да ги објаснуваат социјалните песни и елегијата;

– учениците да се оспособат да ги разликуваат лирско-епските творби;

– учениците да ги препознаваат и да ги применуваат стилските фигури: рефрен, градација, апострофа и хипербола;

– учениците да се оспособат со свои зборови да пренесат личен настан, мотив од прочитан роман;

– учениците да се запознаат со особеностите на литературно-научниот вид дневник;

– учениците да ги познаваат основните белези на драмскиот текст;

– учениците да се оспособат да пишуваат различни форми (есеј, молба, жалба, записник, форми на автобиографија);

– учениците да се запознаат со синопсис и сценарио на филм.

Покрај овие основни цели, во наставната програма по предметот македонски јазик за VIII одделение се наведени и конкретни цели на наставата по овој предмет, и тоа за секое програмско подрачје поединечно, а тоа се програмското подрачјето **јазик** (во кое се опфатени содржини од фонетика, морфологија, синтакса, речник и стил, правопис и поими како што се македонскиот јазик во XIX век, акцент, акцентски целости; глаголски форми: безлични, лични и нелични, граматичката категорија време, сегашно време, минато определено свршено и несвршено време, заповеден начин, прилози за време, место, начин и количество, предлози, сврзници; предмет – директен,

индиректен, предлошки предмет, апозиција, сложена реченица; домашна лексика, дијалектизми, странска лексика, турцизми; правопис на согласките: ј, љ, њ, в, ф, џ, ќ, ѓ, х), **литература и лектира** (во кое се опфатени содржини од поезија, проза, драма, лектира и поими од видот социјални песни, елегија, балада, романса, рефрен, градација, апострофа, хипербола; роман, дневник; драмски текст), **изразување и творење** (со содржини од писмено и усно изразување и поими од видот на есеј, автобиографија, молба, жалба, говор, записник, писмени работи) и програмското подрачје **медиумска култура** (во кое се опфатени содржини и поими, како што се: филмска идеја, синопсис, сценарио, говорот и глумата во играниот филм).

**Наставната програма по предметот македонски јазик за IX одделение за деветгодишното основно образование** е „конципирана според барањата на современите методи за стекнување знаења и способности на учениците, па така неопходно е, пред сè, да се примени принципот на корелација и интеграција во наставната програма меѓу сите програмски подрачја што се изучуваат во IX одделение, а особено меѓу програмските подрачја **јазик** и **литература.** Тоа значи дека врз примери од литературни текстови да се применуваат и да се проверуваат здобиените знаења од јазик, правопис и правоговор“. [67]

Според наставната програма за предметот македонски јазик за IX одделение, по наставни подрачја се предлага следниот фонд на часови, и тоа за наставното подрачје **јазик** се предлагаат 50 часа, за наставното подрачје **литература и лектира**, исто така, се предлагаат 50 часа, за наставното подрачје **изразување и творење** се предлагаат 34 часа, а за наставното подрачје **медиумска култура** – 10 часа.

[67] *Наставна програма, Македонски јазик за IX одделение, Деветгодишно основно образование* (2009). Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, стр. 15.

Основни цели на наставата по предметот македонски јазик за IX одделение, според наставната програма, се следните:

– учениците да ги утврдат и да ги прошират знаењата за озаконувањето (кодификацијата) на македонскиот литературен (стандарден) јазик;
– учениците да се оспособат да го применуваат правилото за зборовно акцентирање во македонскиот стандарден јазик и акцентирањето на туѓите (странски) зборови;
– учениците да се оспособат да ги разликуваат сложените глаголски форми и правилно да ги употребуваат;
– учениците да се оспособат да ги разликуваат и правилно да ги употребуваат неменливите зборови (честички, извици, модални зборови);
– учениците да ги разликуваат зависносложените (подредени) реченици во рамките на сложената реченица;
– учениците да се упатат во различната употреба на јазикот во функционалните стилови;
– учениците да се оспособат да користат различни македонски речници;
– учениците да се оспособат правилно да ги употребуваат интерпункциските и правописните знаци;
– учениците да ги препознаваат особеностите на поемата како лирско-епска творба;
– учениците да ги препознаваат видовите рима;
– учениците да ги препознаваат основните карактеристики на одделни видови романи;
– учениците да умеат да интерпретираат делови од различни видови романи;
– учениците да ги знаат етапите на драмското дејство;
– учениците да прават разлика меѓу драмскиот текст како творба за читање и како предлошка за театарска претстава;
– учениците да ги знаат особеностите и да умеат да интерпретираат делови од научно-литературните творби;
– учениците да ја знаат намената на текстовите од практична природа и да умеат да ги применуваат;

– учениците да знаат да се служат со различните форми на писмено изразување;

– учениците да умеат да употребуваат соодветна форма на обраќање и соодветен стандарден јазик во службената комуникација;

– учениците да умеат да ги согледуваат сличностите и разликите меѓу литературната, театарската и филмската уметност.

Покрај основните цели, во наставната програма по предметот македонски јазик за IX одделение се наведени и конкретни цели на наставата по овој предмет, и тоа за секое програмско подрачје поединечно, а тоа се програмското подрачјето **јазик** (во кое се опфатени содржини од фонетика, морфологија, синтакса, речник и стил, правопис и поими како што се кодификација на македонскиот јазик; акцент, правила за акцентирање на туѓите, странските зборови; минато неопределено свршено и несвршено време, идно време, сум-конструкции, има-конструкции, можен начин, честички, извици, модални зборови; сложена реченица, зависносложени реченици; функционални стилови, речник; интерпункциски знаци, правописни знаци), **литература и лектира** (во кое се опфатени содржини од поезија, проза, драма, лектира и поими од видот на поема, паралелна рима, вкрстена рима, обгрлена рима, алегорија, симбол, словенска антитеза, иронија; авантуристички роман, научно-фантастичен роман, љубовен роман; композиција на драмски текст: експозиција, заплет, кулминација, перипетија, расплет, литературно научни видови: биографија, автобиографија, патопис, репортажа; лектира: интегрално читање на литературно дело, односно читање дома), **изразување и творење** (со содржини од писмено и усно изразување и поими од видот на пријава, телеграма, службени обрасци, службена комуникација, новинарска статија, предавање, писмени работи) и програмското подрачје **медиумска култура** (во кое се опфатени содржини и поими како што се: говор, глума, музика, звучни ефекти, маски, шминка, кои претставуваат изразни средства на филмот).

# II ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Предмет на истражувањето

**Предмет на истражувањето** беше испитување на мислењето на наставниците по македонски јазик коишто предаваат во основните училишта (од 6-то до 9-то одделение) за педагошките компетенциите кои им се потребни за успешна реализација на наставата по предметот македонски јазик.

Зголемувањето на ефикасноста на воспитно-образовната работа во голема мера зависи и од компетенциите на наставниците, вклучувајќи ги и наставниците по предметот македонски јазик, бидејќи ,,предметот македонски јазик во училиштето е клучен предмет, околу кој се вртат сите други наставни предмети коишто се изучуваат... наставникот по овој носечки предмет во училиштето е првиот човек којшто треба да биде мост меѓу ученикот и знаењата што треба да ги стекнува.“ [68]

## 2. Цел и карактер на истражувањето

**Целта** на ова истражување беше да се процени кои педагошки компетенции им се потребни на наставниците по македонски јазик од 6-то до 9-то одделение за успешна реализација на воспитно-образовната работа.

**Карактер на истражувањето.** Според својот карактер истражувањето е:

- **Квантитативно**, бидејќи се користеше истражувачка техника – анкетирање и прашалник за наставници, како инструмент на оваа техника. Добиените податоци беа квантитативно обработувани со користење на статистички постапки од дескриптивната статистика (дистрибуција на фреквенција, определување процент, и табеларно и графичко претставување).

[68] Лозаноски, Р. (2007). ,,Низ тетратките од учениците по македонски јазик – видувања и сугестии на недостатоците во културата на изразувањето“, *Наставникот и квалитетот на образованието*, Скопје: Дом на просветните работници на Република Македонија, стр.179.

- **Квалитативно,** бидејќи се користеше техника од квалитативен карактер (анализа на содржина).
- **Емпириско** (се испитуваа ставовите, мислењата и образовните потреби на одреден број наставници по македонски јазик од 6-то до 9-то одделение).
- **Теренско.**

Според временската поставеност истражувањето е **современо**, односно се проучуваше современа проблематика.

- **Мултидисциплинарно**.
- **Индивидуално** (поединечно).

## 3. Задачи на истражувањето

3.1. Да се испитаат ставовите на наставниците по македонски јазик за програмската поставеност на иницијалното образование.

3.2. Да се анализираат студиските програми на филолошките факултети кои образуваат наставен кадар за предметот македонски јазик, и тоа: Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески“ – Скопје, Филолошкиот факултет при Универзитетот ,,Гоце Делчев“ – Штип и на Педагошкиот факултет – Битола, при Универзитетот ,,Св. Климент Охридски“ – Битола.

3.3. Да се анализира релевантната документација со која се пропишани компетенциите на наставниците.

3.4. Да се анализираат наставните програми по македонски јазик во основното образование од 6-то до 9-то одделение.

3.5. Да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците по македонски јазик во основното образование за педагошките компетенции кои треба да ги поседуваат.

3.6. Да се испитаат образовните потреби на наставниците по македонски јазик во основното образование за стручно усовршување.

## 4. Хипотези

**Општа хипотеза**:

Постои потреба за развивање на педагошките компетенции кај наставниците за реализација на современата настава по предметот македонски јазик во основното образование.

**Помошни хипотези:**

- Се претпоставува дека постои потреба за воведување нов модул во иницијалното образование на идните наставници по македонски јазик за развивање на педагошките компетенции.
- Наставниците по македонски јазик во основното образование треба да поседуваат знаења за наставниот план и програма, како и за односите меѓу компонентите на наставната програма (цели, содржини, поими, активности и методи).
- Наставниците по македонски јазик во основното образование имаат потреба од професионален развој (стручно усовршување).

## 5. Варијабли на истражувањето

- **Независни варијабли** – студиските програми на филолошките факултети во РМ кои образуваат наставен кадар за предметот македонски јазик; наставните програми по македонски јазик во основното образование од 6-то до 9-то одделение.
- **Зависни варијабли** – педагошките компетенции на наставниците по македонски јазик во основното образование; успешна реализација на воспитно-образовната работа на наставниците по македонски јазик во основното образование; ставовите на наставниците за педагошките компетенции кои треба да ги поседуваат; потребите на наставниците од различни форми на стручно усовршување кои ќе помогнат за развивање на нивните педагошки компетенции.

## 6. Методи, техники и инструменти на истражувањето

### Методи на истражувањето

Во истражувањето се користеа неколку методи, и тоа:

- анализа;
- дескрипција;
- индукција;
- генерализација.

### Техники и инструменти на истражувањето

Во истражувањето се користеа следниве техники и инструменти на истражувањето, и тоа:

- анализа на педагошка документација;
- анкетирање (прашалник за наставници);
- скалирање (Ликертова скала).

## 7. Популација и примерок

Примерокот во ова истражување е пригоден (опортунистички). Беа опфатени наставници по македонски јазик кои предаваат во основните училишта од 6-то до 9-то одделение со кои можеше да се соработува и кои ги дадоа потребните информации за истражувањето.

## 8. Статистичка обработка на податоците

Во согласност со карактерот на истражувањето и карактеристиките на истражувачките техники и инструменти, добиените податоци беа обработени на квалитативен и на квантитативен начин.

Квалитативно беа обработени податоци добиени од анкетирањето (прашалникот за наставниците) и од анализата на релевантната педагошка документација.

Квантитативно беа обработени дел од прашањата од прашалникот за наставниците.

Откако податоците беа собрани, следуваше нивна статистичка обработка.

## 9. Организација и тек на истражувањето

При оваа постапка најпрво се утврди:

- Временскиот план, т.е. за колку време ќе се реализира истражувањето (истражувањето се реализираше во периодот од крајот на месец мај 2018 до средината на месец септември 2018 година).
- План за средства (трошоци) во кои беа вклучени материјалните трошоци за потребите на магистерскиот труд (трошоци за фотокопирање на прашалникот за наставниците и негова дистрибуција до наставниците по македонски јазик во основните училишта кои беа опфатени во ова истражување).

Во постапката за подготовка на истражувањето беа обезбедени неопходните услови, и тоа:

- се оствари средба со наставниците по македонски јазик на кои им се објасни целта на истражувањето, а воедно им се достави и прашалникот за наставници.

Како следна етапа следуваше:

- спроведување на теренското истражување;
- средување на податоците и нивна обработка;
- донесување заклучоци.

# III ДЕЛ
# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

За потребите на ова истражување беше направено анкетирање (преку прашалник за наставници) на вкупно 107 наставници по македонски јазик кои предаваат во основните училишта (од 6-то до 9-то одделение). Анкетирањето беше спроведено во училишта што се наоѓаат на територијата на Град Скопје, вклучувајќи ги општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Илинден, Петровец, Сопиште, Центар, Чаир и Шуто Оризари, како и во училишта кои се наоѓаат на територијата на градот Прилеп. Вкупниот број на училишта опфатени во ова анкетирање изнесува 51 училиште (табела бр.1).

Табела бр.1: Училишта во кои е спроведено анкетирањето.

| Реден број | Основно училиште | Општина | Град |
|---|---|---|---|
| 1. | „Александар Македонски“ | Аеродром | Скопје |
| 2. | „Блаже Конески“ | Аеродром | Скопје |
| 3. | „Браќа Миладиновци“ | Аеродром | Скопје |
| 4. | „Гоце Делчев“ | Аеродром | Скопје |
| 5. | „Димитар Македонски“ | Аеродром | Скопје |
| 6. | „Ѓорѓија Пулевски“ | Аеродром | Скопје |
| 7. | „Лазо Ангеловски“ | Аеродром | Скопје |
| 8. | „Љубен Лапе“ | Аеродром | Скопје |
| 9. | „Ацо Шопов“ | Бутел | Скопје |
| 10. | „Гоце Делчев“ | Бутел | Скопје |
| 11. | „Петар Здравковски-Пенко“ | Бутел | Скопје |
| 12. | „Св. Климент Охридски“ | Бутел | Скопје |
| 13. | „Григор Прличев“ | Гази Баба | Скопје |
| 14. | „Дане Крапчев“ | Гази Баба | Скопје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **15.** | „Крсте Мисирков“ | Гази Баба | Скопје |
| **16.** | „Наум Наумовски-Борче“ | Гази Баба | Скопје |
| **17.** | „Јоаким Крчовски“ | Ѓорче Петров | Скопје |
| **18.** | „Страшо Пинџур“ | Ѓорче Петров | Скопје |
| **19.** | „Браќа Миладиновци“ | Илинден | Скопје |
| **20.** | „Аврам Писевски“ | Карпош | Скопје |
| **21.** | „Вера Циривири-Трена“ | Карпош | Скопје |
| **22.** | „Владо Тасевски“ | Карпош | Скопје |
| **23.** | „Војдан Чернодрински“ | Карпош | Скопје |
| **24.** | „Димо Хаџи Димов“ | Карпош | Скопје |
| **25.** | „Јан Амос Коменски“ | Карпош | Скопје |
| **26.** | „Лазо Трповски“ | Карпош | Скопје |
| **27.** | „Петар Поп Арсов“ | Карпош | Скопје |
| **28.** | „Христијан Тодоровски-Карпош“ | Карпош | Скопје |
| **29.** | „Кузман Јосифовски-Питу“ | Кисела Вода | Скопје |
| **30.** | „Кузман Шапкарев“ | Кисела Вода | Скопје |
| **31.** | „Круме Кепески“ | Кисела Вода | Скопје |
| **32.** | „Невена Георгиева-Дуња“ | Кисела Вода | Скопје |
| **33.** | „Партеније Зографски“ | Кисела Вода | Скопје |
| **34.** | „Рајко Жинзифов“ | Кисела Вода | Скопје |
| **35.** | „Братство и единство“ | Петровец | Скопје |
| **36.** | „Драга Стојановска“ | Сопиште | Скопје |
| **37.** | „Димитар Миладинов“ | Центар | Скопје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **38.** | „Гоце Делчев“ | Центар | Скопје |
| **39.** | „Ј. Х. Песталоци“ | Центар | Скопје |
| **40.** | „Коле Неделковски“ | Центар | Скопје |
| **41.** | „Кочо Рацин“ | Центар | Скопје |
| **42.** | „Св. Кирил и Методиј“ | Центар | Скопје |
| **43.** | „11 Октомври“ | Центар | Скопје |
| **44.** | „Васил Главинов“ | Чаир | Скопје |
| **45.** | „Никола Вапцаров“ | Чаир | Скопје |
| **46.** | „Браќа Рамиз-Хамид“ | Шуто Оризари | Скопје |
| **47.** | „Блаже Конески“ | Прилеп | Прилеп |
| **48.** | „Кире Гаврилоски-Јане“ | Прилеп | Прилеп |
| **49.** | „Климент Охридски“ | Прилеп | Прилеп |
| **50.** | „Кочо Рацин“ | Прилеп | Прилеп |
| **51.** | „Рампо Левката“ | Прилеп | Прилеп |

Прашалникот за наставници беше анонимен, а со него требаше да се испита мислењето на наставниците по македонски јазик во основното образование за педагошките компетенции кои им се потребни за успешна реализација на наставата по предметот македонски јазик. Прашалникот за наставници беше составен од два дела. Првиот дел се состоеше од општи податоци на испитаниците, и тоа податоци за нивниот пол, работното искуство и степенот на образование, а вториот дел се состоеше од прашања и тврдења на кои испитаниците требаше да одговорат со заокружување на еден или на повеќе од понудените одговори.  Прашањата во прашалникот за наставници беа од отворен, затворен и од комбиниран тип, а имаше и прашања со алтернација.

Според резултатите добиени од прашалникот за наставници, вкупно 12 испитаника, односно 11,2 % се од машки пол, а 95 испитаника, односно 88,8 % се од женски пол.

Табела бр.2: Структура на вкупниот број испитаници според полот.

| Пол | **f** [69] | **%** |
|---|---|---|
| Машки | **12** | **11,2** |
| Женски | **95** | **88,8** |
| **N** [70] | **107** | **100** |

Од испитаниот примерок најголем број наставници се со работно искуство од 0 до 10 години. Нивниот број изнесува 48, односно изразено во проценти 44,9 %. Следуваат наставниците коишто се со работно искуство во струката со над 20 години (вкупно 41, односно 38,3 %) и наставниците со работно искуство во струката од 11 до 20 години (вкупно 18, т.е. изразено во проценти – 16,8 %).

Табела бр. 3: Структура на вкупниот број испитаници според работното искуство.

| Работно искуство | **f** | **%** |
|---|---|---|
| 0 – 10 години | **48** | **44,9** |
| 11 – 20 години | **18** | **16,8** |
| Над 20 години | **41** | **38,3** |
| **N** | **107** | **100** |

Од табелата број 4 се забележува дека најголем дел од анкетираните испитаници се со високо образование – 97, односно 90,7 %, а само 10

[69] Фреквенција.

[70] Вкупен број на испитаници.

испитаника, односно 9,3 % се со звањето магистер. Ниту еден од испитаниците нема звање доктор на науки.

Табела бр. 4: Структура на вкупниот број испитаници според степенот на образование.

| Степен на образование | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Високо образование | **97** | **90,7** |
| Магистер | **10** | **9,3** |
| Доктор на науки | **0** | **0** |
| **N** | **107** | **100** |

По овие општи прашања на кои испитаниците опфатени во ова истражување требаше да дадат соодветен одговор со заокружување на еден од понудените одговори, следуваа прашања поврзани со нивните знаења, искуства, потреби и очекувања.

На првото прашање од прашалникот за наставници за тоа кога треба да се започне со практична работа во текот на иницијалното образование, беа понудени четири (4) одговора, и тоа: „**а. во првата година од студирањето**“; „**б. во втората година од студирањето**“, **в.** „**во третата година од студирањето** и „**г. во четвртата година од студирањето**“. Најголем број од испитаниците – 41, односно 38,3 % одговориле дека со практична работа во текот на иницијалното образование треба да се започне уште во првата година од студирањето. Овој податок (38,3 %) оди целосно во прилог на потврдување на првата помошна хипотеза од ова истражување која гласи: **Се претпоставува дека постои потреба за воведување нов модул во иницијалното образование на идните наставници по македонски јазик за развивање на педагошките компетенции**. Триесет и четири (34) испитаника, односно 31,8 % одговориле дека со практична работа во текот на студирањето треба да се започне во втора година, 28 испитаника, односно 26,2 % се изјасниле за одговорот под **в.** (во третата година од студирањето), а само 4 испитаника,

односно 3,7 % се изјасниле за одговорот под **г.** (табела бр. 5, односно графикон бр. 1).

Табела бр. 5: Мислењето на наставниците за тоа кога треба да се започне со практична работа во текот на студирањето.

| Започнување со практична работа во текот на студирањето | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Во првата година од студирањето | **41** | **38,3** |
| Во втората година од студирањето | **34** | **31,8** |
| Во третата година од студирањето | **28** | **26,2** |
| Во четвртата година од студирањето | **4** | **3,7** |
| **N** | **107** | **100** |

Графикон бр.1: Мислењето на наставниците за тоа кога треба да се започне со практична работа во текот на студирањето.



Во наредното прашање од прашалникот за наставници, испитаниците требаше да дадат одговор на прашањето дали се задоволни со степенот на развиеност на педагошките компетенции стекнати во текот на нивното иницијално образование. На ова прашање тие можеа да одговорат со ,,Да“ и со ,,Не“. Вкупно 49 испитаника, односно 45,8 % одговорија потврдно, т.е. со ,,Да“, а 58 испитаника, односно 54,2 % одговорија негативно, т.е. со ,,Не“.

Графикон бр. 2: Мислењето на наставниците за тоа дали се задоволни од степенот на развиеност на педагошките компетенции стекнати во текот на студирањето.




Третото прашање од прашалникот за наставниците беше во форма на тврдење и истото гласеше: ,,Наставникот по македонски јазик треба да поседува знаења од областа на законодавството (Закон за основно образование, Закон за наставници во основните и средните училишта, правилници кои поблиску ги дефинираат работата, правата и обврските на наставникот). Понудените одговори беа: ,,**а. Да**“ и ,,**б. Не**“. Вкупно 66 испитаника, односно 88,8 % одговорија потврдно – со ,,Да“, а останатите 41 испитаник, односно 11,2 % одговорија негативно, т.е. со ,,Не“ (графикон број 3).

Графикон бр. 3: Мислењето на испитаниците за потребата од поседување знаења од областа на законодавството.




Наредното, четврто прашање по ред гласеше: ,,Согласни ли сте со тоа дека наставникот по македонски јазик треба да има знаења за наставниот план и програма и за односите меѓу компонентите на наставната програма (на пример: цели, содржини, дидактички насоки, поими, активности?“. И на ова прашање испитаниците можеа да одговорат со опцијата ,,Да“ и со опцијата ,,Не“. Врз основа на добиените одговори, воочено е дека најголемиот број испитаници, вкупно 106, односно 99,1% одговорија потврдно. Само 1 испитаник, односно 0,9 % одговори негативно (графикон број 4). Вака добиените податоци одат целосно во прилог на потврдување на втората помошна хипотеза од ова истражување која гласи: **Наставниците по македонски јазик во основното образование треба да поседуваат знаења за наставниот план и програма, како и за односите меѓу компонентите на наставната програма (цели, содржини, поими, активности и методи).**

Графикон бр. 4: Мислењето на испитаниците за потребата од поседување знаења за наставниот план и програма.




Прашањето број 5 од прашалникот за наставници се однесуваше на тоа колку е важно наставниците по македонски јазик во основното образование да поседуваат педагошки компетенции за успешна реализација на современата настава по македонски јазик. На ова прашање испитаниците имаа три опции за одговор, и тоа: „**а. Многу**“, „**б. Малку**“ и „**в**. **Воопшто не е важно**“. Најголем број од испитаниците – 102, односно 95,3 % одговорија дека е многу важно тие да поседуваат педагошки компетенции за успешна реализација на современата настава по македонски јазик. Само пет (5) испитаника, односно 4,7 % се изјаснија дека малку е важно тие да поседуваат педагошки компетенции за успешна реализација на современата настава по македонски јазик**.** Ниту еден испитаник не се одлучи за опцијата под **в.** (табела број 6).

Табела бр. 6: Мислењето на испитаниците за важноста од поседување на педагошки компетенции за успешна реализација на наставата по македонски јазик.

| Колку е важно наставниците по македонски јазик во основното образование да поседуваат педагошки компетенции за успешна реализација на современата настава по македонски јазик? | f | % |
|---|---|---|
| Многу | 102 | 95,3 |
| Малку | 5 | 4,7 |
| Воопшто не е важно | 0 | 0 |
| **N** | **107** | **100** |

На шестото прашање по ред кое гласеше: ,,Каде и на кој начин сте ги развиле Вашите педагошки компетенции?", беа понудени повеќе одговори, и тоа: ,,**а. За време на студирањето (на факултет)**"; ,,**б. Преку семинари, обуки, работилници (стручно усовршување)**"; ,,**в. Преку размена на искуства/мислења со колегите**"; ,,**г. Преку работното искуство стекнато во училиштето**" и ,,**д. На друг начин (дополнете)"**. На ова прашање испитениците имаа можност да дадат и повеќе од еден одговор. Врз основа на добиените одговори од испитаниците, се воочи дека најголемиот број од нив своите педагошки компетенции ги развиле преку работното искуство стекнато во училиштето, и тоа 91 испитаник, односно 85 %. Седумдесет и три (73) испитаника (68,2 %) одговорија дека нивните педагошки компетенции ги развиле преку семинари, обуки, работилници, односно преку стручно усовршување, а 64 испитаника, односно 59,8 % одговорија дека своите педагошки компетенции ги развиле преку размена на искуства со колегите. Четириесет и осум (48) испитаника, односно 44,9 % одговорија дека нивните педагошки компетенции ги развиле за време на студирањето, а само 8 испитаника одговорија дека своите педагошки компетенции ги развиле на друг начин (табела број 7), и тоа преку користење дополнителна стручна литература, преку самостојно истражување според пројавени потреби (интернет, стручна

литература), преку вложување во своето образование (лиценца за лектор, магистратура), преку учество на натпревари на локално, државно и меѓународно ниво, со самоедукација, т.е. со самообразование и читање на соодветна стручна литература итн.

Табела бр. 7: Местото и начинот на кој испитаниците ги имаат стекнато своите педагошки компетенции.

| Местото и начинот на кој испитаниците ги имаат стекнато своите педагошки компетенции | **f** | **%** |
|---|---|---|
| За време на студирање (на факултет) | **48** | **44,9** |
| Преку семинари, обуки, работилници (стручно усовршување) | **73** | **68,2** |
| Преку размена на искуства/мислења со колегите | **64** | **59,8** |
| Преку работното искуство стекнато во училиштето | **91** | **85** |
| На друг начин | **8** | **7,5** |

Во рамките на прашалникот за наставници беше поставено и прашањето за тоа колку е значајно наставниците по македонски јазик да учествуваат во различни форми на стручно усовршување (обуки, семинари, работилници) кои ќе помогнат за развивање на педагошките компетенции. За ова прашање беа понудени три одговора, и тоа: „**а. Многу**“, „**б. Малку**“, и „**в. Воопшто не е значајно**“. Од табелата бр. 8 се забележува дека дури 96 испитаника, односно 89,7 % одговорија дека е многу значајно наставниците по македонски јазик да учествуваат во различни форми на стручно усовршување кои ќе помогнат за развивање на педагошките компетенции. Единаесет (11) испитаника, односно 10,3 % одговорија дека е малку значајно наставниците по македонски јазик да учествуваат во различни форми на стручно усовршување кои ќе помогнат за развивање на педагошките компетенции. Ниту еден испитаник не се одлучил за опцијата под „**в. Воопшто не е значајно**“. Врз основа на вака добиените податоци може да се заклучи дека тие одат целосно во прилог на потврдување

на општата хипотеза на ова истражување која гласи: **Постои потреба за развивање на педагошките компетенции кај наставниците за реализација на современата настава по предметот македонски јазик во основното образование.**

Табела бр. 8: Мислењето на наставниците за значајноста да учествуваат во различни форми на стручно усовршување.

| Колку е значајно наставниците по македонски јазик да учествуваат во различни форми на стручно усовршување кои ќе помогнат за развивање на педагошките компетенции? | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Многу | **96** | **89,7** |
| Малку | **11** | **10,3** |
| Воопшто не е значајно | **0** | **0** |
| N | **107** | **100** |

Осмото прашање во прашалникот за наставници гласи: ,,Сте учествувале ли во обуки на теми за зајакнување на педагошките компетенции на наставниците". И на ова прашање испитаниците можеа да одговорат со опцијата ,,Да" и со опцијата ,,Не". Вкупно 72 испитаника, односно 67,3 % одговориле потврдно на ова прашање, т.е. дека учествувале во обуки на теми за зајакнување на педагошките компетенции на наставниците. Останатите 35 испитаника, односно 32,7 % одговориле негативно (графикон број 5).

Графикон бр. 5: Сте учествувале ли во обуки на теми за зајакнување на педагошките компетенции на наставниците?



На деветтото прашање од прашалникот за наставници, кое гласи: ,,На кои од следниве теми сте присуствувале на обука?", понудените одговори беа:

а. Планирање и подготовка на наставата.

б. Реализација на наставата.

в. Следење и оценување на учениците.

г. Познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби.

д. Додатна и дополнителна настава

ѓ. Комуникација и соработка со семејства и заедницата.

е. Создавање на стимулативна средина за учење.

ж. Не сум присуствувал/присуствувала на обука на горенаведените теми.

И на ова прашање испитаниците имаа можност да одговорат на повеќе од еден од понудените одговори. Од добиените резултати може да се заклучи дека најголемиот број наставници – 74, односно 69,2 % присуствувале на обука на тема следење и оценување на учениците. Педесет и два (52) испитаника, односно 48,6 % присуствувале на обука на тема планирање и подготовка на наставата. Триесет и два (32) испитаника, односно 29,9 % одговорија дека присуствувале на обука на тема реализација на наставата. На обука на тема познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби присуствувале 28 испитаника, односно 26,2 %, а на тема комуникација и соработка со семејството и заедницата учествувале вкупно 24 испитаника, односно 22,4 %. Деветнаесет (19) наставници опфатени во ова истражување, односно 17,8 % одговорија дека присуствувале на обука на тема создавање на стимулативна средина за учење. Вкупно 16 испитаника, односно 15 % не присуствувале на обука на ниту една од наведените теми, а само 14 испитаника, односно 13,1 % присуствувале на обука на тема додатна и дополнителна настава.

Тесно поврзано со деветтото прашање од прашалникот за наставници е и десеттото прашање. Всушност, тука наставниците требаше да ги наведат темите за кои имаат потреба во иднина да поседуваат обука, а истите можеа да наведат и некои од темите кои беа дадени како одговор на претходното деветто прашање, доколку наставниците не присуствувале на обука за истите. Па така, според

индивидуалните потреби на секој испитаник, добиени се повеќе одговори на ова прашање. Најголем број од испитаниците се одлучиле за темите кои се веќе претходно спомнати во деветтото прашање, а тоа се: планирање и подготовка на наставата (различни видови планирања), реализација на наставата (современи стратегии, образовна технологија, методски приоди), следење и оценување на учениците (современи методи, стандарди на постигања за формативно и сумативно оценување на учениците), познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби (развојни карактеристики, животни вештини), додатна и дополнителна настава, комуникација и соработка со семејството и заедницата (начини на соработка со семејството и заедницата), создавање на стимулативна средина за учење. Во прашалникот наставниците имаат наведено и други теми за кои имаат потреба во иднина да посетуваат обуки, како на пример: подготовка на наставни програми за деца со посебни потреби, работа со ученици со посебни образовни потреби[71], следење и оценување на учениците со посебни образовни потреби, развивање на креативноста на учениците на часовите по македонски јазик, методи и техники во наставата, обуки за работа во комбинирани паралелки, примена на ИКТ во наставата, препознавање на талентирани ученици и работа со нив. Исто така, испитаниците опфатени во ова истражување, во рамките на десеттото прашање посочија дека имаат потреба во иднина да посетуваат обуки на теми поврзани со предметот македонски јазик, како и обука на тема подготовка на тестови и електронски дневник. Сите овие податоци добиени од страна на наставниците одат целосно во прилог на потврдување на третата помошна хипотеза која гласи: **Наставниците по македонски јазик во основното образование имаат потреба од професионален развој (стручно усовршување).**

Единаесеттото (11) прашање во анкетниот прашалник се состоеше од петнаесет (15) тврдења за педагошките компетенции кои треба да ги поседуваат наставниците по македонски јазик. Испитаниците своите мислења/ставови можеа да ги искажат со одбирање на соодветен одговор во рамките на

[71] Испитаниците во прашалникот за наставници наведоа дека имаат потреба за обука за работа со деца со аутизам и попреченост во развојот, обука за работа со ученици со дислексија заради примена на посебни техники кои водат до надминување на дислексијата кај учениците за да можат да го искажат своето вистинско знаење, ослободени од тешкотиите со читањето.

петтостепена Ликертова скала. Понудените одговори беа: **потполно се согласувам**, **се согласувам**, **не можам да се одлучам**, **не се согласувам**, **потполно не се согласувам**. Од испитаниците беше побарано да се изјаснат во кој степен се согласуваат со тврдењата дека наставникот по македонски јазик треба: да поседува знаења за различните методи на работа, како и вештини за планирање и подготовка на наставата; да користи современи приоди и методи кои се во согласност со целите на наставата; да има основни методички познавања на меѓупредметни содржини; да гради кај учениците високи лични стандарди за успех, позитивен став кон учењето и надвор од наставата и да развива вештини за доживотно учење; да планира и да реализира дополнителни активности (домашна работа, екскурзии, посета на театар); да ги вклучува учениците во оценувањето; да го следи напредувањето на учениците, да ги бележи сознанијата и да дава квалитетна повратна информација; да има сознанија за когнитивниот, социоемоционалниот и психомоторниот развој на учениците и истите сознанија да ги користи за да ја планира и приспособи наставата кон нивните потреби; да ги поттикнува, подготвува и организира учениците да учествуваат во разни активности; да ги мотивира учениците за користење на слободното време; да дава подеднакви можности секое дете и семејство да учествуваат во наставните и вонаставните активности, без разлика на психофизичките способности, полот, етничкото потекло, социјалниот и економскиот статус; комуникацијата со учениците да ја заснова врз почит и внимание, промовирајќи ги позитивните вредности, ставови и однесувања кои ги очекува и од своите ученици; да развива ефективна соработка со семејствата и локалната заедница во работата на училиштето; континуирано да ја унапредува својата педагошка практика врз основа на следењето на промените и новините во системот на образование; активно да промовира колегијални односи и да соработува со колегите, да учествува во работата на стручните активи, да членува во професионални здруженија итн. Мислењата/ставовите на испитаниците за гореспоменатите тврдења се прикажани на табелата број 9.

Табела бр. 9: Мислења/ставови на наставниците по македонски јазик.

| **Тврдења** | **Потполно се согласувам** | | **Се согласувам** | | **Не можам да се одлучам** | | **Не се согласу-вам** | | **Потпол но не се согласу-вам** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| **Наставникот по македонски јазик треба да поседува знаења за различните методи на работа, како и вештини за планирање и подготовка на наставата.** | 83 | 77,6 | 24 | 22,4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Наставникот по македонски јазик треба да користи современи приоди и методи кои се во согласност со целите на наставата, потребите и можностите на учениците.** | 69 | 64,5 | 38 | 35,5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Наставникот по македонски јазик треба да има основни методички познавања за меѓупредметни содржини.** | 58 | 54,2 | 46 | 43 | 2 | 1,9 | 1 | 0,9 | 0 | 0 |
| **Наставникот по македонски јазик треба да гради кај учениците високи лични стандарди за успех, позитивен став кон учењето и надвор од наставата и да развива вештини за доживотно учење.** | 79 | 73,8 | 27 | 25,2 | 1 | 0,9 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Наставникот по македонски јазик треба да планира и реализира дополнителни активности со кои се зајакнува и се проширува стекнатото знаење (домашна работа, екскурзии, посета на театар, проекти и др.)** | 65 | 60,7 | 42 | 39,3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Наставникот по македонски јазик треба да ги вклучи учениците во оценувањето и треба да создава позитивна клима за учениците да можат да ги покажат своите постигања.** | 56 | 52,3 | 48 | 44,9 | 2 | 1,9 | 0 | 0 | 1 | 0,9 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Наставникот по македонски јазик треба да го следи напредувањето на учениците, да ги бележи сознанијата и да дава квалитетна (редовна, јасна и навремена) повратна информација.** | 73 | 68,2 | 32 | 29,9 | 2 | 1,9 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Наставникот по македонски јазик треба да има сознанија за когнитивниот, социоемоционалниот и психомоторниот развој на учениците и овие сознанија да ги користи за да ја планира и приспособи наставата на нивните потреби.** | 53 | 49,5 | 48 | 44,9 | 4 | 3,7 | 1 | 0,9 | 1 | 0,9 |
| **Наставникот по македонски јазик треба да ги поттикнува, подготвува и организира учениците да учествуваат во разни активности (натпревари, конкурси, приредби).** | 76 | 71 | 31 | 29 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Наставникот по македонски јазик треба да ги мотивира учениците за активно користење на слободното време.** | 43 | 40,2 | 57 | 53,3 | 6 | 5,6 | 1 | 0,9 | 0 | 0 |
| **Наставникот по македонски јазик треба да дава подеднакви можности секое дете и семејство да учествуваат во наставните и воннаставните активности, без разлика на психофизичките способности, полот, етничкото потекло, културата, мајчиниот јазик, религијата, семејната структура, социјалниот и економскиот статус.** | 61 | 57 | 41 | 38,3 | 5 | 4,7 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Наставникот по македонски јазик комуникацијата со учениците ја заснова врз почит и внимание, промовирајќи ги позитивните вредности, ставови и однесувања кои** | 79 | 73,8 | 28 | 26,2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ги очекува и од своите ученици.** | | | | | | | | | | |
| **Наставникот по македонски јазик развива ефективна соработка со семејствата и локалната заедница во работата на училиштето.** | 41 | 38,3 | 56 | 52,3 | 10 | 9,3 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Наставникот по македонски јазик треба континуирано да ја унапредува сопствената педагошка практика врз основа на следењето на промените и новините во системот на образование.** | 75 | 70,1 | 31 | 29 | 1 | 0,9 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Наставникот по македонски јазик активно промовира колегијални односи и соработува со колегите, учествува во работата на стручните активи, членува во професионални здруженија на наставници, споделува искуства со колегите и користи совети за подобрување на својата работа.** | 72 | 67,3 | 35 | 32,7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Добиените резултати од испитувањето (табела број 8) покажуваат дека испитаниците во шест од гореспоменатите тврдења се одлучиле само за првите два понудени одговора: **потполно се согласувам** и **се согласувам**, а во пет од тврдењата наставниците се одлучиле за првите три одговора, и тоа: **потполно се согласувам**, **се согласувам** и **не можам да се одлучам**. За четири од понудените одговори се одлучиле во три од тврдењата, и тоа во две тврдења наставниците по македонски јазик се одлучиле за првите четири понудени одговора (**потполно се согласувам**, **се согласувам**, **не можам да се одлучам**, **не се согласувам**), а во тврдењето: ,,Наставникот по македонски јазик треба да ги вклучи учениците во оценувањето и треба да создава позитивна клима за учениците да можат да ги покажат своите постигања“, испитаниците се одлучиле за одговорите: **потполно се согласувам** (56 испитаника, односно 52,3 %), **се согласувам** (48 испитаника, односно 44,9 %), **не можам да се одлучам** (2 испитаника, односно 1,9 %) и **потполно не се согласувам** (1 испитаник, односно 0,9 %). Само во едно од тврдењата наставниците опфатени

во ова истражување се одлучиле за сите пет понудени одговора: **потполно се согласувам, се согласувам, не можам да се одлучам**, **не се согласувам** и **потполно не се согласувам**, а тоа е тврдењето: ,,Наставникот по македонски јазик треба да има сознанија за когнитивниот, социоемоционалниот и психомоторниот развој на учениците и овие сознанија да ги користи за да ја планира и приспособи наставата на нивните потреби.“ Од табелата број 8 може да се забележи дека иако испитаниците се одлучиле за сите пет понудени одговора, најголем број од нив се одлучиле за првите два, и тоа: **потполно се согласувам** (53 испитаника, односно 49,5 %) и **се согласувам** (48 испитаника, односно 44,9 %). Четири испитаника (3,7 %) се одлучиле за третиот понуден одговор – **не можам да се одлучам**, а еден испитаник (0,9 %) се одлучил за четвртиот одговор – **не се согласувам**. И за одговорот – **потполно не се согласувам**, се одлучил само еден испитаник (0,9 %).

# IV ДЕЛ

# ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И ПРЕПОРАКИ

Многу важна и значајна улога во целокупниот процес на воспитанието и образованието има наставникот. Од наставникот зависи квалитетот и ефикасноста на наставата, па затоа тој мора да поседува широк спектар компетенции за да може квалитетно и ефикасно да ги извршува своите задачи и обврски во училиштето. Едни од тие компетенции кои мора да ги поседува секој наставник се и педагошките компетенции. Педагошки компетентниот наставник мора да поседува знаења, способности и вештини за успешна реализација на воспитно-образовниот работа. Од него се очекува:

- да користи современи приоди и методи кои се во согласност со целите на наставата, потребите и можностите на учениците;
- да поседува знаења за различните методи на работа, како и вештини за планирање и подготовка на наставата;
- да гради кај учениците високи лични стандарди за успех, позитивен став кон учењето и надвор од наставата и да развива вештини за доживотно учење;
- да планира и реализира дополнителни активности со кои се зајакнува и се проширува стекнатото знаење (домашна работа, екскурзии, посета на театар);
- да ги вклучува учениците во оценувањето и да создава позитивна клима за учениците да можат да ги покажат своите постигања;
- да го следи напредувањето на учениците;
- да има сознанија за когнитивниот, социоемоционалниот и психомоторниот развој на учениците и овие сознанија да ги користи за да ја планира и да ја приспособи наставата на нивните потреби;
- да ги мотивира учениците за активно користење на слободното време;
- да ги поттикнува, подготвува и организира учениците да учествуваат во разни активности (натпревари, конкурси, приредби);
- да дава подеднакви можности секое дете/ученик и семејство да учествуваат во наставните и вонинаставните активности, без разлика на психофизичките способности, полот, јазикот, религијата, социјалниот и економскиот статус;
- да развива ефективна соработка со семејствата и локалната заедница во работата на училиштето;

- комуникацијата со учениците да ја заснова врз почит и внимание, промовирајќи ги позитивните вредности, ставови, и однесувања кои ги очекува и од своите ученици;
- континуирано да ја унапредува сопствената педагошка практика;
- активно да промовира колегијални односи со колегите, да учествува во работата на стручните активи, да членува во професионални здруженија на наставници итн.

Сите овие педагошки компетенции треба да ги поседува и наставникот по македонски јазик, бидејќи само педагошки компетентен наставник по македонски јазик, наставник  кој поседува знаења за наставниот предмет, за наставниот план и програма, кој поседува вештини за успешна комуникација со учениците, кој ги мотивира учениците и кој создава позитивна клима во училницата, може успешно да ја реализира наставата и да ги оспособи учениците за усна и писмена комуникација и за правилна употреба на стандардниот, литературен македонски јазик. Педагошки компетентниот наставникот по македонски јазик  успешно ќе ги научи учениците за тоа како правилно да ги применуваат јазичните норми на стандардниот јазик во писмена и усна комуникација, како да ги применуваат правописните и правоговорните правила, како самостојно и правилно да формулираат исказ, но и успешно ќе ги оспособи учениците за аналитичко и критичко читање на литературните дела.

Со цел да се испита мислењето на наставниците по македонски јазик од 6-то до 9-то одделение за тоа кои педагошки компетенции им се потребни за успешна реализација на воспитно-образовната работа, за потребите на овој магистерски труд се направи  истражување преку анкетирање (прашалник за наставници), кое беше спроведено во 51 училиште, на примерок од 107 испитаници.

Добиените резултати од истражувањето (петто прашање од прашалникот за наставници) укажуваат дека наставниците по македонски јазик опфатени во ова истражување сметаат е многу важно да поседуваат педагошки компетенции за успешна реализација на современата настава по предметот македонски јазик (95,3 % од испитаниците)

На прашањето број 6 од прашалникот за наставници, кое гласи: ,,Каде и на кој начин сте ги развиле Вашите педагошки компетенции", најголем дел од наставниците (85 %) одговорија дека своите педагошки компетенции ги развиле преку работното искуство стекнато во училиштето. Преку семинари, обуки и работилници, т.е. преку стручно усовршување своите педагошки компетенции ги развиле 68,2 % од испитаниците, а преку размена на искуства/мислења со колегите педагошките компетенции ги развиле 59,8 % од нив. 44,9 % од наставниците одговорија дека нивните педагошки компетенции ги развиле за време на иницијалното образование (во текот на студирањето), а само 7,5 % одговорија – на друг начин, т.е. преку користење дополнителна стручна литература; преку самостојно истражување според пројавени потреби (интернет, стручна литература); преку вложување во своето образование (лиценца за лектор, магистратура); преку учество на натпревари на локално, државно и меѓународно ниво; со самоедукација, т.е. со самообразование и читање на соодветна стручна литература итн.

Исто така, од добиените резултати од истражувањето (преку Ликертова скала) се покажа и дека наставниците по македонски јазик кои предаваат во основното образование во голема мера се согласуваат со тоа дека треба да поседуваат голем број педагошки компетенции за да можат квалитетно и успешно да ја реализираат наставата по предметот македонски јазик.

Во врска со поставените хипотези во овој магистерски труд, важно е да се спомене дека според податоците добиени од истражувањето, првата помошна хипотеза која гласи: **Се претпоставува дека постои потреба за воведување нов модул во иницијалното образование на идните наставници по македонски јазик за развивање на педагошките компетенции**, во целост се потврди, бидејќи добиените резултати од првото прашање од прашалникот за наставници одат во прилог на истата (38,3 % од испитаниците). Во корист на потврдување на оваа хипотеза одат и податоците добиени од второто прашање од прашалникот за наставници, кое гласи: ,,Задоволни ли сте со степенот на развиеност на педагошките компетенции стекнати во текот на Вашето иницијално образование?". Имено, 58 испитаника (54,2 %), од вкупно

107, одговорија дека не се задоволни со степенот на развиеност на педагошките компетенции стекнати за време на студирањето.

И втората помошна хипотеза: **Наставниците по македонски јазик во основното образование треба да поседуваат знаења за наставниот план и програма, како и за односите меѓу компонентите на наставната програма (цели, содржини, поими, активности и методи)**, во целост се потврди. Имено, 106 испитаници (99,1 %), од вкупно 107, се изјаснија дека наставникот по македонски јазик треба да поседува знаења за наставниот план и програма и за односите меѓу компонентите на наставната програма.

И за третата помошна хипотеза, која гласи: **Наставниците по македонски јазик во основното образование имаат потреба од професионален развој (стручно усовршување)**, може да се заклучи дека во целост е потврдена, бидејќи добиените резултати од истражувањето (десетто прашање од прашалникот) одат во нејзина корист. Ова значи дека е од голема важност наставниците по македонски јазик во основното образование да присуствуваат на разни форми на стручно усовршување (обуки, семинари, работилници) со цел развивање и зајакнување на нивните педагошки компетенции.

Добиените резултати од седмото прашање во прашалникот за наставници во целост ја потврдуваат општата хипотеза на ова истражување која гласи: **Постои потреба за развивање на педагошките компетенции кај наставниците за реализација на современата настава по предметот македонски јазик во основното образование**, бидејќи 96 испитаника (89,7 %), од вкупно 107 испитаника, се изјаснија дека е многу значајно да учествуваат во различни форми на стручно усовршување кои ќе помогнат за развивање на педагошките компетенции.

За да се излезе во пресрет на потребите на наставниците, Министерството за образование и наука во соработка со Бирото за развој на образование и Државниот испитен центар донесе *Годишна програма за професионално усовршување и унапредување на наставниците и стручните соработници во основните училишта во Република Македонија* која ги опфаќа следните теми за обука: поучување и учење; создавање стимулативна средина за учење; социјална

и образовна инклузија; комуникација и соработка со семејството и заедницата и работа со наставниците. Целта на Годишната програма е преку обуки на соодветни теми да им се помогне на наставниците да ги доразвијат стекнатите компетенции (вклучувајќи ги и педагошките) за подобра и поквалитетна реализација на воспитно-образовната работа.

**Препораки:**

- Филолошките факултетите, кои образуваат наставен кадар по предметот македонски јазик, треба да воведат нов модул (пакет предмети) со кој студентите би започнале да ги развиваат своите педагошки компетенции уште во првата година од студирањето.
- Со практична настава идните наставници треба да започнат во првата година од иницијалното образование. Таа треба да овозможи тие да ги запознаат различните улоги на наставничката професија, да се доживеат себеси во улога на наставници и да согледаат кои компетенции во иднина треба да ги развиваат или да ги стекнат.

- Наставниците по македонски јазик од 6-то до 9-то одделение во основното образование треба да ги развиваат своите педагошки компетенции преку учество во сите форми на стручно усовршување кои ќе им бидат понудени во текот на нивното работење (обуки, семинари, работилници), како и по пат на самоедукација, односно со користење на соодветна стручна литература која би им помогнала во решавањето на проблемите на кои секој од нив наидува во текот на своето работење.

.

# ЛИТЕРАТУРА

1. Адамчевска, С. (2001). ,,Оценувањето како сегмент на професионалното образование на идните наставници“, *Оценување на постигањата на учениците:* зборник на трудови, Скопје: Биро за развој на образованието, Одделение за оценување, стр. 359 – 371.

2. Алексоски, С. (1998). Психологија на комуникацијата во педагошката пракса, Штип: Педагошки факултет ,,Гоце Делчев“.

3. Андерсон, Л. В. (2013). ,,Настава за промена: перспективи и поглед“, *Настава за да се научи: референтен водич за наставници ориентирани кон резултати,* Белград: Гама дигитал центар, стр.15 – 41.

4. Anderson, L.W. (2000). *Taxonomy for learning, teaching and assessing: A revision of Bloom’s taxonomy of educational objectives*, complete edition. New York: Longman.

5. Ангелоска-Галевска, Н. (1998). *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола: Киро Дандаро.

6. Ангелоска-Галевска, Н. (2007). ,,Системот за обука на наставниците и раководниот кадар во училиштата“, *Наставникот и квалитетот на образованието (Зборник на трудови од научна расправа),* Скопје: Дом на просветните работници на Република Македонија, стр. 31 – 37.

7. Ангелоска-Галевска, Н. (2010). Планирање на научно истражување, Скопје: Универзитет,,Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет.

8. Арнаудова, В. (2007). ,,Квалитетен наставник – квалитетно образование“, *Наставникот и квалитетот на образованието (Зборник на трудови од научна расправа),* Скопје: Дом на просветните работници на Република Македонија, стр. 11 – 18.

9. Ачковска-Лешковска, Е., Миовска, С. (2002). Со критичко мислење до ефективна настава. *Образовни рефлексии*, бр.1. Скопје: Биро за развој на образованието, стр. 28 – 35.

10. Баракоска, А. (2007). *Педагогија: учебно помагало*, Скопје: Филозофски факултет.

11. Bennet, B., Rolheiser-Bennet, C., Stevahn, L. (1991). *Cooperative Learning*, Washington: Profesional Development Association.

12. Bognar, L., Matijević, M. (1993). *Didaktika*, školska knjiga, Zagreb.

13. Bognar, L., Matijević, M. (2002). *Didaktika*, školska knjiga, Zagreb.

14. Бојковска, С. (2007). „Ученикот и наставникот во современата настава или јас и мојот ученик учиме заедно“, *Наставникот и квалитетот на образованието (Зборник на трудови од научна расправа)*, Скопје: Дом на просветните работници на Република Македонија, стр. 60 – 65.

15. Burke-Walsh, K., Киранџиска, С., Лазаревски-Ѓеорѓиева, Т. (2009). *Создавање средина на учење за 21-от век*, Скопје: Проект за основно образование.

16. *Cross-national study of teaching and learning (Data collection workshop)* (2001). American Instituts for Research, Washington, DC: Pelavin Research Center.

17. Вуд, К. (2001). „Обучување на наставниците за оценување на постигањата на учениците“, *Оценување на постигањата на учениците:* зборник на трудови, Скопје: Биро за развој на образованието, Одделение за оценување, стр. 371 – 387.

18. Вујаклија, М. (1974). *Лексикон страних речи и израза*, Београд: Просвета.

19. Гоцевски, Т. (2007). „Наставникот и квалитетот на образованието“, *Наставникот и квалитетот на образованието (Зборник на трудови од научна расправа),* Скопје: Дом на просветните работници на Република Македонија.

20. Деметриу, А. (2013). „Школувањето и учењето во современите демографски општества“, *Настава за да се научи: референтен водич за*

*наставници ориентирани кон резултати,* Белград: Гама дигитал центар, стр. 41 – 55.

21. Доналдсон, Г., Граховац, М., Киранџиска, С., Јелиќ, М., Милиќ, С., Миљевиќ, Г., Рангелов-Јусовиќ, Р., Трикиќ, З., Велковски, З., Визек-Видовиќ, В., Врањешевиќ, Ј. (2013). *Наставничката професија во XXI век. Унапредување на професионализмот на наставниците за инклузивно, квалитетно и релевантно образование – АТЕПИЕ*, Белград: Центар за образовни политики.

22. *Enciklopedijski rećnik pedagogije* (1963). (red,/) Zagreb: Matica Hrvatska.

23. Filipović, S.N. (1998). *Didaktika1*, Sarajevo: Svijetlost.

24. Зајази, Т. (2001). ,,Карактеристиките на знаењата како основа за вреднувањето на постигањата на учениците “, *Оценување на постигањата на учениците:* зборник на трудови, Скопје: Биро за развој на образованието, Одделение за оценување, стр. 387 – 401.

25. Закон за основното образование – консолидиран текст („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014,10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 и 127/2016).

26. Здравковска, Д. (2013). ,,Воспитно-образовниот процес во современите општествени услови“, *Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото: Меѓународен симпозиум, Охрид, 22 – 24 септември*, Скопје: Филозофски факултет, Институт за педагогија.

27. Илиев, Д. (2001). *Иницијалното образование на наставниците од основното образование: компаративна студија за Македонија и Англија*, Битола: Факултет за воспитувачи и учители.

28. Илиев, Д. (2006). *Акциони истражувања во образованието: креирање и водење одржливи промени во воспитно-образовниот процес*, Битола: АД Печатница ,,Киро Дандаро“ – Битола.

29. Јаневски, В. (2013). „Цели на учењето“, *Настава за да се научи: референтен водич за наставници ориентирани кон резултати,* Белград: Гама дигитал центар, стр. 81 – 109.

30. Камберски, К. (1997). „Иницијалното образование на наставниците“, *Образовни рефлексии бр. 3 – 4* , Скопје: Педагошки завод на Македонија.

31. Кларин, В., М. (1995). *Педагошката технологија во наставниот процес*, Скопје: Педагошки завод на Македонија.

32. Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, (2007). (ур. Таше Стојановски, Митко Чешларов). Скопје: Биро за развој на образованието.

33. Кораћ, И. (2013). *Компетенције наставника ликовне културе и могућности њиховог професионалног развоја.* Докторска дисертација. Нови Сад: Филозофски факултет

http://nardus.mpn.gov.rs/bitstream/handle/123456789/5527/Disertacija3488.pdf?sequence=2&isAllowed=y. Пристапено на:10.2.2018 г.

34. Корен, С. (2013). „Ресурси за учење“, *Настава за да се научи: референтен водич за наставници ориентирани кон резултати,* Белград: Гама дигитал центар, стр. 139 – 173.

35. Костова, М., Бараковска, А., Маказлиева, Е. (2005). *Педагогија за трета година на реформираното гимназиско образование*, Скопје: Просветно дело АД.

36. Крајтон, Ј. (2001). „Оценување на квалитетот на учењето: карактеристики и трендови во Централна и Источна Европа“, *Оценување на постигањата на учениците:* зборник на трудови, Скопје: Биро за развој на образованието, Одделение за оценување, стр. 7 – 45.

37. Лакинска, Б. (2001). „Односот меѓу целите на наставата и оценувањето на успехот на учениците“, *Оценување на постигањата на учениците:*

зборник на трудови, Скопје: Биро за развој на образованието, Одделение за оценување, стр. 279 – 293.

38. Lekić, G. (1991). *Metodika razredne nastave*, Beograd: Nova prosveta.

39. Лозаноски, Р. (2007). ,,Низ тетратките од учениците по македонски јазик – видувања и сугестии на недостатоците во културата на изразувањето", *Наставникот и квалитетот на образованието*, Скопје: Дом на просветните работници на Република Македонија.

40. Локран, Џ. (2016). *Развивање на педагогијата за образование на наставници: разбирање на поучувањето и учењето за поучување*, Скопје: Арс Ламина – публикации.

41. Мавроскуфис, К. Д. (2013). ,,Средини за учење", *Настава за да се научи: референтен водич за наставници ориентирани кон резултати,* Белград: Гама дигитал центар, стр. 55 – 81.

42. *Mala enciklopedija* (1978). Beograd: Prosveta.

43. Малчевска, Ц., Малчевски, Р. (2001). ,,Оспособеноста на наставникот за успешно следење, проверување и оценување на постигањата на учениците", *Оценување на постигањата на учениците:* зборник на трудови, Скопје: Биро за развој на образованието, Одделение за оценување, стр. 401 – 421.

44. Marsh, C.J. (1994). *Kurikulum: temeljni pojmovi*. Prev. Marina Varlandy Supek. Zagreb: Educa.

45. Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Државен испитен центар (2018). *Годишна програма за професионално усовршување и напредување на наставниците и стручните соработници во основните училишта во Република Македонија*.

46. Миновски, Ј. (2001). ,,Програмските барања и оценувањето во наставата", *Оценување на постигањата на учениците:* зборник на трудови,

Скопје: Биро за развој на образованието, Одделение за оценување, стр. 293 – 303.

47. Миовска-Спасева, С., (2006). „Личноста и компетенциите на наставникот во современото образование“, *Годишен зборник*, книга 59. Скопје: Филозофски факултет (27 – 41).

48. Миовска-Спасева, С., Ачковска-Лешковска, Е. (2010). *Критичкото мислење во универзитетската настава*, Скопје: Фондација Институт отворено општество – Македонија.

49. Misco, J., Robinson, C. (2002). Competency based training in Australia, in Arguűells, A., Gonci, A, /ed/ Competency based education and training – A world perspective, Grupo Noriega Editors, Mexico City.

50. Mićunović, Lj. (1988). *Savremeni rećnik stranih reći*, Novi Sad: Književna zajednica Novog Sada. Univerzitetska riječ.

51. Mužić, V. (1986). *Metodologija pedagoškog istraživanja*, Sarajevo: Svijetlost.

52. Мустафа, А. (2007). „Улогата и статусот на наставничката професија“, *Наставникот и квалитетот на образованието (Зборник на трудови од научна расправа)*, Скопје: Дом на просветните работници на Република Македонија, стр. 37 – 44.

53. Мурати, Џ. (2007). „Спроведување на промени во училиштето како услов за квалитетна настава“, *Наставникот и квалитетот на образованието (Зборник на трудови од научна расправа)*, Скопје: Дом на просветните работници на Република Македонија.

54. *Настава за да се научи: референтен водич за наставници ориентирани кон резултати*/ (уредувач Лорин В. Андерсон), Белград: Гама дигитал центар.

55. *Наставен план за деветгодишното основно образование за учебната 2017/2018 година.*

http://bro.gov.mk/docs/nastavniplanovi/nastaven%20plan%20devetgodishno%202017-2018.pdf. Пристапено на: 3.3.2018 г.

56. *Наставна програма по предметот македонски јазик за VI одделение на деветгодишното основно образование.* http://bro.gov.mk/docs/Nastavni%20programi%20VI%20odd.pdf. Пристапено на: 4.3.2018г.

57. *Наставна програма по предметот македонски јазик за VI одделение на основното осумгодишно образование, односно за VII одделение за деветгодишното основно образование.* http://bro.gov.mk/docs/osnovnoobrazovanie/6odd/nastavni%20programi/makedonski_jazik.pdf. Пристапено на: 4.3.2018г.

58. *Наставна програма по предметот македонски јазик за VII одделение на основното осумгодишно образование, односно за VIII одделение за деветгодишното основно образование.*

*http://bro.gov.mk/docs/osnovnoobrazovanie/VII%20oddelenie/Microsoft%20Word%20-%20makedonski%20jazik.pdf*. Пристапено на: 4.3.2018г.

59. *Наставна програма по предметот македонски јазик за VIII одделение на осумгодишното основно образование, односно IX одделение на деветгодишното основно образование.* http://bro.gov.mk/docs/makedonski_jazik.pdf. Пристапено на: 4.3.2018г.

60. *Наставникот и квалитетот на образованието (Зборник на трудови од научна расправа)* (2007). Скопје: Дом на просветните работници на Република Македонија.

61. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија: 2005 – 2015* (2005). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.

62. Никодиновска-Банчотовска, С. (2007). „Стандарди за образование на квалитетен наставник“, *Наставникот и квалитетот на образованието (Зборник на трудови од научна расправа)*, Скопје: Дом на просветните работници на Република Македонија.

63. Николовски, А. (2007). „Професионалните компетенции – квалитетот на образованието“, *Наставникот и квалитетот на образованието (Зборник на трудови од научна расправа),* Скопје: Дом на просветните работници на Република Македонија, стр. 44 – 52.

64. OBRAZOVANJE i učenje – pretpostavke evropskih integracija (2008). ured: Šefika Alibabić, Aleksandra Pejatović, Beograd: Filozofski fakultet – IPA.

65. *Основни професионални компетенции и стандарди за наставници* (2016). Скопје: Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО).

66. *Оценување на постигањата на учениците*: зборник на трудови (2001). / (уред. одбор Горица Мицковска и др), Скопје: Биро за развој на образованието, Одделение за оценување.

67. Павловић-Бренеселовић, Д., Павловски, Т. (2000б). *Партнерски однос у васпитању* – Приручник. Београд: Филозофски факултет, Центар за интерактивну педагогију – ЦИП.

68. Павловић-Бренеселовић, Д., Павловски, Т. (2000в). *Тимски рад у васпитној пракси* – Приручник. Београд: Филозофски факултет, Центар за интерактивну педагогију – ЦИП.

69. Пандилоска-Грнчаровска, С. (2013). „Подготвеноста, мотивираноста и обученоста на наставниците за стимулација на клучните компетенции за доживотно учење кај учениците“, *Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото: Меѓународен симпозиум, Охрид, 22 – 24 септември*, Скопје: Филозофски факултет, Институт за педагогија.

70. *Pedagoška enciklopedija 2* (1989). (red. N.Potkonjak, P. Šimpleša), Beograd: Zavod za udžbenike I nastavna sredstva.

71. *Pedagoška enciklopedija,* školska knjiga I dr. (1989). Zagreb.

72. *Педагошки лексикон* (1996). Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.

73. Петрова-Јовановска, М. (1999). *Креативноста на учениците низ слободните активности во основното училиште*, Битола: Биангл.

74. Пешикан, А. (2013). „Настава“, *Настава за да се научи: референтен водич за наставници ориентирани кон резултати,* Белград: Гама дигитал центар, стр. 109 – 139.

75. *Подесување на образовните структури во Европа (TUNING PROJECT): Придонес на универзитетите кон Болоњскиот процес.*

>http://www.unideusto.org/tuningeu/images/stories/documents/General_brochure_Macedonian_version.pdf<. Пристапено на: 18.4.2018 г.

76. Попова-Коскарова, Р. (2007). „Наставникот и воспитната улога на училиштето“, *Наставникот и квалитетот на образованието (Зборник на трудови од научна расправа),* Скопје: Дом на просветните работници на Република Македонија, стр. 80 – 85.

77. Попоски, К. (1998). *Успешен наставник – самооценување и оценување.* Скопје: НИРО „Просветен работник“.

78. Попоски, К. (2001). „Системот на оценување на постигањата на учениците во Република Македонија“, *Оценување на постигањата на учениците:* зборник на трудови, Скопје: Биро за развој на образованието, Одделение за оценување, стр. 77 – 103.

79. Попоски, К. (2007). „Дидактичката рефлексија на наставникот – неопходен услов за неговиот професионален развој“, *Наставникот и квалитетот на образованието (Зборник на трудови од научна расправа),* Скопје: Дом на просветните работници на Република Македонија, стр. 18 – 27.

80. *Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја* (2015).

81. Предлог-проект за усогласување на студиските програми од прв циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со Законот за високо образование (2013). Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Македонски јазик. http://www.flf.ukim.edu.mk/LinkClick.aspx?fileticket=EuQrPmgY3ds%3d&tabid=97&mid=1729. Пристапено на: 10.3.2018 г.

82. Предлог-проект за усогласување на студиските програми од прв циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со Законот за високо образование (2013). Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Македонска книжевност и јужнословенски книжевности http://www.flf.ukim.edu.mk/LinkClick.aspx?fileticket=ipRUz0hM29g%3d&tabid=97&mid=1729. Пристапено на: 10.3.2018 г.

83. Предлог-проект за усогласување на студиските програми од прв циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со Законот за високо образование (2013), Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Општа и компаративна книжевност. http://www.flf.ukim.edu.mk/LinkClick.aspx?fileticket=r5y0JF0HQTM%3d&tabid=97&mid=1729. Пристапено на: 10.3.2018 г.

84. *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби, перспективи)* (2000). (ред. Киро Камберски), Скопје: Филозофски факултет, Институт за педагогија.

85. Прентон, К., Јанкуловска, С. (2009). *Настава и учење на 21-от век*, Скопје: Проект за основно образование.

86. *Развивање систем за работа со надарени и талентирани ученици во основните училишта во Република Македонија (истражување)* (2011). Скопје: Биро за развој на образованието.

87. Saifer, S. (1996). *Individualized Teaching*. Seminar for Higheducation, Balaton.

88. Saifer, S., Baumann, M., Isenberg, J.P. (2000). *Individualizovani pristup podućavanju*. Prev. Centar za obrazovne inicijative, Sarajevo. Beograd: Centar za interaktivnu pedagogiju.

89. Savicević, D. (1996). Metodologija istraživanja u vaspitanju I obrazovanju, Vranje: Univerziteta u Nišu, Ućiteljski fakultet u Vranju.

90. Славенска, С. (2001). „Оценувањето и иновациите во образованието во Република Македонија", *Оценување на постигањата на учениците:* зборник на трудови, Скопје: Биро за развој на образованието, Одделение за оценување, стр. 69 – 77.

91. Slavin, R.E. (1990). *Cooperative Learning. Theory, research and practise*. New Jersey: Prentice Hall.

92. Спасиќ, Р. (2013). „Оценување", *Настава за да се научи: референтен водич за наставници ориентирани кон резултати,* Белград: Гама дигитал центар, стр. 173 – 205.

93. *Стандарди за постигањата на учениците по македонски јазик од V до VIII одделение на основното образование.*

>http://bro.gov.mk/docs/standardi/osnovno/makedonski/makedonski_V_do_VII.pdf< Пристапено на: 12.3.2018 г.

94. Стојанов, С. (2001). „Карактеристиките на знаењата како основа за вреднување на постигањата на учениците", *Оценување на постигањата на учениците:* зборник на трудови, Скопје: Биро за развој на образованието, Одделение за оценување, стр. 331 – 341.

95. Стојческа-Ѓорѓиоска, М. (2013). „Современиот наставник и доживотното учење", *Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и*

*современото: Меѓународен симпозиум, Охрид, 22 – 24 септември*, Скопје: Филозофски факултет, Институт за педагогија.

96. *Strategies of Change in Teacher Education – European Views.*

>http://entep.unibuc.ro/wpcontent/uploads/2017/07/2002FeldkirchConference-1.pdf<. Пристапено на: 20.4.2018.г.

97. Томевска-Илиевска, Е. (2007). „Современи пристапи во следењето на развојот на учениците во основното образование“, *Годишен зборник*, книга 60. Скопје. Филозофски факултет (53 – 66).

98. Томевска-Илиевска, Е. (2015). *Интерактивни пристапи во наставата*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет.

99. Томевска-Илиевска, Е. (2016). *Интерактивни модели за развивање на педагошките компетенции*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет.

100. Tuxworth, E. (1989). *Competency based education and training backround and origins in*: Burke, J.W., Competency Based Education and Training, The Falmer Press, London-New York.

101. *The Role of Graduate and Postgraduate Studies and Research in Teacher Education Reform Policies in the European Union.*

>http://entep.unibuc.ro/wpcontent/uploads/2017/07/2001UmeaConference-1.pdf< Пристапено на: 16.4.2018 г.

102. Улјенс, М. (2016). *Училишна дидактика: модел на училишна дидактика од чии рамки се анализираат педагошките импликации на теоријата на учењето*, Скопје: Арс ламина – публикации.

103. Fajdetić, M., Galić. M. (2009). „Kompetencije ućitelja“, Stručni skup iz informatike za voditelje županjskih stručnih vijeća, mentore I savjetnike, Vukovar.

http://oszakanje.skole.hr/upload/oszakanje/images/multistatic/69/File/Fajdetic%%20Galic%20-%20Kompetencije-Vukovar.ppt Пристапено на: 17.2.2018 г.

104. Wolfe, B. (1995). *Effective teaching, Workshop od Anuale Conference of Step by Step Project*, Budapest.

105. Хусковиќ, Ф. (2002). ,,Поттикнување во наставата“, *Образовни рефлексии бр. 2 – 3*, Скопје: Биро за развој на образованието, стр. 39 – 41.

106. Шоптрајанов, Б. (2001). ,,Што да се оценува? Кој и како да оценува?“, *Оценување на постигањата на учениците:* зборник на трудови, Скопје: Биро за развој на образованието, Одделение за оценување, стр. 303 – 317.

# ПРИЛОЗИ

# (ИСТРАЖУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ)

# Прилог бр.1: Прашалник за наставници

| |
|---|
| Почитувани,<br><br>Целта на ова истражување е да се испита Вашето мислење за педагошките компетенции кои се потребни за успешна реализација на наставата по предметот македонски јазик.<br>Прашалникот е анонимен, а одговорите што ќе ги дадете ќе бидат искористени само за научни цели.<br>Однапред Ви благодарам за соработката и за одвоеното време. |

| | |
|---|---|
| Општи податоци | Училиште:___________________________________<br><br>Град: ____________________________________<br><br>Општина: __________________________________ |
| Пол (заокружете еден од понудените одговори) | 1. Машки<br>2. Женски |
| Работно искуство во струката (заокружете еден од понудените одговори) | 1. 0 – 10 години<br>2. 11 – 20 години<br>3. Над 20 години |
| Степен на образование (заокружете еден од понудените одговори) | 1. Високо образование<br>2. Магистер<br>3. Доктор на науки |

Следуваат прашања и тврдења на кои Вие треба да одговорите со заокружување на еден од понудените одговори.

1. Со практична работа во текот на иницијалното образование (факултет) на идните наставници треба да се започне:

а. во првата година од студирањето.

б. во втората година од студирањето.

в. во третата година од студирањето.

г. во четвртата година од студирањето.

2. Задоволни ли сте со степенот на развиеност на педагошките компетенции стекнати во текот на Вашето иницијално образование?

а. Да

б. Не

3. Наставникот по македонски јазик треба да поседува знаења од областа на законодавството (Закон за основно образование, Закон за наставници во основните и средните училишта, правилници кои поблиску ги дефинираат работата, правата и обврските на наставникот).

а. Да

б. Не

4. Согласни ли сте со тоа дека наставникот по македонски јазик треба да има знаења за  наставниот план и програма, како и за односите меѓу компонентите на наставната програма (цели, содржини, поими, активности и методи)

а. Да

б. Не

5. Според Вашето мислење, колку е важно наставниците по македонски јазик во основното образование да поседуваат педагошки компетенции за успешна реализација на современата настава по предметот македонски јазик?

а. Многу.

б. Малку.

в. Воопшто не е важно.

6. Каде и на кој начин сте ги развиле Вашите педагошки компетенции? (можете да заокружите повеќе од еден одговор)

а. За време на студирањето (на факултет).

б. Преку семинари, обуки, работилници (стручно усовршување).

в. Преку размена на искуства/мислења со колегите.

г. Преку работното искуство стекнато во училиштето.

д. На друг начин (дополнете):

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

7. Според Вас, колку е значајно наставниците по македонски јазик да учествуваат во различни форми на стручно усовршување (обуки, семинари, работилници) кои ќе помогнат за развивање на педагошките компетенции?

а. Многу.

б. Малку.

в. Воопшто не е значајно.

8. Сте учествувале ли во обуки на теми за зајакнување на педагошките компетенции на наставниците?

а. Да

б. Не

9. На кои од следниве теми сте присуствувале на обука? (можете да заокружите повеќе од еден одговор)

а. Планирање и подготовка на наставата.

б. Реализација на наставата.

в. Следење и оценување на учениците.

г. Познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби.

д. Додатна и дополнителна настава.

ѓ. Комуникација и соработка со семејството и заедницата.

е. Создавање на стимулативна средина за учење.

ж. Не сум присуствувал/присуствувала на обука на горенаведените теми.

10. Наведете ги темите за кои имате потреба во иднина да посетувате обука. (можете да наведете и некои од горенаведените теми доколку не сте присуствувале на обука за истите)

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

11. Изнесете го степенот на Вашето согласување/несогласување со секое од долунаведените тврдења, т.е. одбележете го со знакот X одговорот за кој сметате дека е најсоодветен.

| **Тврдења** | **Потполно се согласувам** | **Се согласувам** | **Не можам да се одлучам** | **Не се согласу-вам** | **Потполно не се согласувам** |
|---|---|---|---|---|---|
| Наставникот по македонски јазик треба да поседува знаења за различните методи на работа, како и вештини за планирање и подготовка на наставата. | | | | | |
| Наставникот по македонски јазик треба да користи современи приоди и методи кои се во согласност со целите на наставата, потребите и можностите на учениците. | | | | | |
| Наставникот по македонски јазик треба да има основни методички познавања за меѓупредметни содржини. | | | | | |
| Наставникот по македонски јазик треба да гради кај учениците високи лични стандарди за успех, позитивен став кон учењето и надвор од наставата и да развива вештини за доживотно учење. | | | | | |
| Наставникот по македонски јазик треба да планира и реализира дополнителни активности со кои се зајакнува и се проширува стекнатото знаење (домашна работа, екскурзии, посета на театар, проекти и др.). | | | | | |
| Наставникот по македонски јазик треба да ги вклучи учениците во оценувањето и треба да создава позитивна клима за учениците да можат да ги покажат своите постигања. | | | | | |
| Наставникот по македонски јазик треба да го следи напредувањето на учениците, да ги бележи сознанијата и да дава квалитетна (редовна, јасна и навремена) повратна информација. | | | | | |
| Наставникот по македонски јазик треба да има сознанија за когнитивниот, социоемоционалниот и психомоторниот развој на учениците и овие сознанија да ги користи за да ја планира и приспособи наставата на нивните потреби. | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Наставникот по македонски јазик треба да ги поттикнува, подготвува и организира учениците да учествуваат во разни активности (натпревари, конкурси, приредби). | | | | | |
| Наставникот по македонски јазик треба да ги мотивира учениците за активно користење на слободното време. | | | | | |
| Наставникот по македонски јазик треба да дава подеднакви можности секое дете и семејство да учествуваат во наставните и вонанаставните активности, без разлика на психофизичките способности, полот, етничкото потекло, културата, мајчиниот јазик, религијата, семејната структура, социјалниот и економскиот статус. | | | | | |
| Наставникот по македонски јазик комуникацијата со учениците ја заснова врз почит и внимание, промовирајќи ги позитивните вредности, ставови и однесувања кои ги очекува и од своите ученици. | | | | | |
| Наставникот по македонски јазик развива ефективна соработка со семејствата и локалната заедница во работата на училиштето. | | | | | |
| Наставникот по македонски јазик треба континуирано да ја унапредува сопствената педагошка практика врз основа на следењето на промените и новините во системот на образование. | | | | | |
| Наставникот по македонски јазик активно промовира колегијални односи и соработува со колегите, учествува во работата на стручните активи, членува во професионални здруженија на наставници, споделува искуства со колегите и користи совети за подобрување на својата работа. | | | | | |

Ви благодарам за соработката!